# САМОЕВАЛУАЦИЈА

**За работата на ООУ „Рајко Жинзифов“**

**период 2020-2022 г.**



**јули, 2022 година**

# Извештај од самоевалуацијата

Врз основа на член 129, став 1,2,3,4 од Законот за основно образование (Сл.весник на РСМ бр. 161/19), училиштето на секои две години спроведува самоевалуација. Врз основа на член 129 точка 2 од Законот за основно образование (Сл.весник на РСМ бр. 161/19) Училишниот одбор при ООУ„Рајко Жинзифов“ на седница одржана на 23.12.2021год./бр.03-349/7 по предлог на директорот донесе Одлука за формирање на Училишна комисија за изготвување на извештај за извршената самоевалуација составена од 5 (пет) члена од редот на наставници, стручни соработници и родители и тоа:

1. Весна Рафеска-педагог
2. Бранка Бранковиќ Стојковиќ-психолог
3. Мануела Маркоска-наставник
4. Ирена Ѓоршевска-наставник
5. Марија Коцева Стојчески-родител

Процесот за определување на промените на училиштето е од клучно значење за донесување Одлуки за изготвување на самоевалуација на училиштето, многу битна за секој поединец како и за целото училиште. За овој процес правилно да се изведе потребно е да се идентификуваат индикаторите за квалитет, правилно да се изберат техниките и инструментите за спроведување, начинот на обработка на податоците и извештаите, а после тоа да се направи план за развојно планирање.

**1.1 Цели на самоевалуацијата:**

- Да обезбеди увид во објективната состојба и постојаното унапредување на училиштето, низ перспективата на наставниците, учениците и родителите;
- Да се поттикне самоевалуација кај учениците како и кај наставниците и сите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес;
- Овозможување на правилен начин да се согледаат и развијат оние способности кои му помагаат на поединецот или групата при планирањето на сопствените активности, што морам да сторам за својот успех.
- На локалната заедница, директорот и училишниот одбор им овозможува да ја проверат својата ефикасност за обезбедување на оптимални услови за развој на секој ученик, наставник;
- Постојан процес на анализа, корекција и планирање на настаниот процес или постојана рефлексија на сопствената работа;
- Подигање на нивото на самостојност и одговорност за сопствениот развој;
- Подобрување на училишната клима, чувството на поголема припадност кон училиштето и мотивираност за постигнување на квалитет;
- Подигнување на нивото на компетенции и стручност на вработените;
- На локалната заедница и пошироко да и се претставиме со сите наши квалитети во работењето но и да преземеме одговорност за она што треба да се промени.

## Процесот на самоевалуацијата се движеше по следниот акционен план

| Чекори | Активност | Носители | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| Формирање на комисија за самоевалуација | 1. Делегирање на членови на комисија од 5 члена<br>2.Донесување одлука за комисија од страна на Училишниот одбор | Директор Училишен одбор | декември 2021 |
| Состанок со наставниците | 1. Формирање на тимови по подрачја<br>2. Потсетување на подрачјата за самоевалуација и барањата<br>3. Договор за временска рамка | Комисија за самоевалуациј а | февруари 2022 |
| Состанок со секој од тимовите | 1. Извештај од тимовите за спроведените подготовки<br>2. решавање на евентуални пречки и проблеми<br>3. Подготовка на инструменти по подрачја за сите училишни стуктури | Одговорни на тимови Комисија | март 2022 |
| Прибирање на податоци | 1. Спроведување на анкети, прашалници и интервјуа со наставници, ученици и родители<br>2. Прибирање на податоци од други извори (педагошка документација, записници, извештаи, програми...) | Тимови | април-мај 2022 |
| Обработка на податоците | 1. Обработка на податоците и нивно внесување во табелите за одговори<br>2. Прегледување на внесените податоци и евентуални корекции и дополнувања | Тимови<br><br>Комисија | мај 2022 |
| Предавање на обработени подрачја од страна на тимовите | 1. Предавање на подрачјата со финално прегледување<br>2. Финална техничка обработка | Одговорни на тимови и комисија | мај - јуни 2022 |
| Седница на Наставничкиот совет | 1. Презентирање на сработените подрачја од страна на тимовите<br>2. Дополнување, забелешки и нивно усвојување од страна на Наставничкиот совет | Одговорни на тимови и комисија | јуни-јули 2022 |
| Оформување на документот на самоевалуација | 1. Изготвување Извештај за спроведена самоевалуација<br>2. Техничко оформување на документите за самоевалуација<br>3. Презентирање на Извештајот пред Наставничкиот совет и Совет на родители негово усвојување од Училишниот одбор | Комисија | јуни-јули 2022 |

# Тимови по подрачја за самоевалуација на училиштето

| | | |
|---|---|---|
| **I** | **НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ** | Весна Рафеска<br>Никола Станковиќ<br>Бранка Б. Стојковиќ<br>Ленче Танушевска<br>Виолета Павлеска<br>Весна Стевановска |
| **II** | **ПОСТИГНУВАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ** | Маја А. Спасеска<br>Татијана Трпеска<br>Марина Станоска<br>Томислав Гиевски<br>Моника Цановска |
| **III** | **УЧЕЊЕ И НАСТАВА** | Мануела Маркоска<br>Горица Станковска<br>Магдалена Бадарова<br>Тина Пуфкова<br>Горан Петковиќ |
| **IV** | **ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ** | Виолета Николин<br>Ана Јаневска<br>Анета Г. Арсовска<br>Неделка Петрушевска<br>Елена Ристевска |
| **V** | **УЧИЛИШНА КЛИМА** | Анета Макревска<br>Филиш Петковски<br>Валентина Јанковска<br>Елена Стојановска<br>Билјана Христовска |
| **VI** | **РЕСУРСИ** | Елизабета Младенвска<br>Маја Димеска<br>Татијана Георгиевски<br>Наташа Петковска<br>Билјана Милутиновска |
| **VII** | **УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ** | Кети Сталеска<br>Билјана Шоклевска<br>Александра Колевска<br>Ивана И. Огњановска |

# ПОДРАЧЈЕ I
# НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

**Индикатори за квалитет:**

**1.1– Реализација на наставните планови и програми**

**1.2- Квалитетот на наставните планови и програми**

**1.3– Воннаставни активности**

# 1.1- Реализација на наставните планови и програми

## 1.1.1.Применувани наставни планови и програми

Собрани податоци и информации

Наставниците применуваат наставни планови и програми во согласност со наставните планови и програми изготвени од БРО, а одобрени од Министерството за образование и наука. Промени во наставните планови и програми нема, а доколку ги има тие произлегуваат од БРО и МОН за што наставниците се запознаваат на семинари. Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем. Во учебната 2020/21и 2021/22 год. поради пандемијата со Ковид 19 се работеше по скатена програма со одобрение од БРО и МОН.

Учебната 2020/2021 година поради новонастанатата ситуација со Ковид 19 се реализираше скратена наставна програма со 159 работни наставни дена и со времетраење на наставниот час од 30 минути. Наставата се организираше согласно Планот за одржување на наставата во основните училишта во учебната 2020/21година, Протокол за постапување на основните училишта и Алгоритам за постапување во основните училишта. Учебната година започна на 1.10.2020 година. Учениците од I – III одделение имаа можност наставата да ја следат со физичко присуство или online, а учениците од IV – IX одделение наставата ја следеа преку далечинско учење од дома или со печатени материјали.

Учебната 2021/2022 година поради новонастанатата ситуација со Ковид 19 се реализираше скратена наставна програма со 159 работни наставни дена и времетраење на наставниот час од 40 минути. Наставата се организираше согласно Планот за одржување на наставата во основните училишта во учебната 2021/22година, Протокол за постапување на основните училишта и Алгоритам за постапување во основните училишта. Учениците од I – IX одделение наставата да ја следеа со физичко присуство или online за оние ученици на кои родителите поднесоа барање до Наставничкиот совет. Наставата се реализираше напоредно преку платформата MICROSOFT TEAMS.

Според наставниот план наставниците во училиштето изведуваат настава по задолжителни предмети, изборни предмети, дополнителна и додатна настава. За учениците од I – IV одделение наставата по ФЗО се реализира со тандем наставник.

Во училиштето има распоред за додатна и дополнителна настава. Во учебната 2020/21 и 2021/22 год. распоредот за рееализација на додатна и дополнителна согласно измените во ЗОО се изготвуваше на месечно ниво. Часовите се евидентираат соодветно на нивната реализација. Секој наставник води електронска педагошка евиденцијаза додатна, дополнителна и воннаставни активности и на крајот од учебната година во печатена верзија ги предава на директорот на училиштето. Сите наставници имаат планирања за додатна и дополнителна настава, слободни ученички активности, план за Еко програма, план за реализација на часови за ОЖВ, како и план за МИО активности.

## 1.1.2.Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми

Училиштето има воспоставено процедури и користи повеќе начини за информирање на родителите за целите и содржините на НПП. Преку брошури родителите се информираат на првата родителска средба, преку истакнување на цели по наставни предмети во училишниот хол и училничките простории, како и користење на веб страна на училиштето. Можност за информираност на родителите имаат и преку директниот пристап до Е-дневник. Од учебната 2021/2022 година се започна со реализација на нови наставни програми за прво и четврто одделение и согласно насоките од БРО наставниците на неделно ниво ги информираа родителите за планираните активности за следната недела.

Користени извори:

- Наставни планови и програми од МОН и БРО;
- Годишни и тематски планирања на наставниците;
- Неделни планирања;
- Записници од одржани родителски средби;
- Извештаи;
- Брошура;
- Педагошки картон;
- Процедура за следење на планирањето и реализација на наставниот процес во училиштето.

## 1.1.3.Прилагодување на наставните програми на деца со посебни образовни потреби –ПОП

Собрани податоци и информации:

Дефектолог континуирано индивидуално и со вклучување за време на часовите, во договор со наставникот дава подршка според можностите и потребите на учениците со ПОП. Во учебната 2021/22 година дефектолот користеше породилно боледување. Педагогот, согласно постигнувањата и нивото на способности, дава индивидуална подршка на учениците во совладување на дефинираните индивидуални цели. Психологот, согласно потребите на учениците дава емоционална поддршка за полесно совладување на индивидуалните цели.

Наставниците вршат прилагодување на програмските активности соодветно на можностите на учениците со посебни образовни потреби. Во таа насока се дефинираат целите кои може да ги постигнат учениците, како и формите и методите кои се соодветни на нивните можности. Поддршка во однос на планирањето даваше и посебно основно училиште со ресурсен центар ОУРЦ „Д-р Златан Сремец".

Во училиштето има инклузивен тим за секој ученик со ПОП во кој се вклучени наставниците кои му предаваат на ученикот, стручните соработници, доколку има и асистенти- образовен или личен и родителот кој е информиран, вклучен во изработката и реализацијата ИОП.

Во училиштето има процедура за изработка и следење на ИОП.

За сите ученици со посебни образовни потреби вклучени во редовната настава и имаат соодветен МКФ документ се изработува индивудуален образовен план.

Во учебната **2020/21** година имаше вкупно 7 ученици со ПОП.

- 2 ученици од прво одделение од кои за еден се изготвуваше модифицирана програма. Другиот ученик работеше по ИОП. За двајцата ученици имаше обезбедено образовен асистент врз основа на МКФ- Стручна проценка на функционирање;

- 2 ученици од четврто одделение со МКФ- Стручна проценка на функционирање и со ИОП;
- 1 ученик од петто одделение со МКФ- Стручна проценка на функционирање и со прилагодени наставни материјали поради оштетен вид;
- 1 ученик во шесто одд. со физичка попреченост и ИОП по ФЗО;
- 1 ученик во седмо одд. со потешкотии во учењето и со ИОП

Учениците се оценуваа според постигнатите цели од ИОП.

Во учебната **2021/22** година имаше вкупно 11 ученици со ПОП.

- -1ученик од прво одд. кој на крајот од учебната година доби МКФ- Стручна проценка на функционирање;
- 2 ученици од второ одделение од кои за еден се изготвуваше модифицирана програма и истиот ученик на полугодие се отпиша и се префрли во ОУРЦ „Д-р Златан Сремец". Другиот ученик работеше по ИОП. За двајцата ученици имаше обезбедено образовен асистент врз основа на МКФ- Стручна проценка на функционирање;
- 2 ученици од трето одделение со МКФ- Стручна проценка на функционирање и со ИОП;
- 3 ученици од петто одделение со МКФ- Стручна проценка на функционирање и со ИОП;
- 1 ученик од шестто одделение со МКФ- Стручна проценка на функционирање и со прилагодени наставни материјали поради оштетен вид;
- 1 ученик во седмо одд. со физичка попреченост и ИОП по ФЗО и вклучен личен асистент
- 1 ученик во одмо одд. со потешкотии во учењето и со ИОП

Учениците се оценуваа според постигнатите цели од ИОП.

Во училиштето има и голем број на ученици кои се од семејства со ризик (неповолни социјално економски услови, присуство на зависности, тешки заболувања во семејството). За таа цел со овие ученици се превземаат активности за нивна подршка во училиштето, но се вклучуваат и други институции (Центар за социјална работа, Завод за ментално здравје на деца и младинци, МКФ- Стручна проценка на функционирање, Овластен просветен инспектор, Одделнието за превенција при СВР Скопје, Црвен крст и др)

Користени извори:
- Процедура за изработка и следење на ИОП;
- МКФ- Стручна проценка на функционирање;
- Изработени ИОП на ученици со посебни образовни потребни;
- Досие од ученик;
- Програма и Извештај од инклузивниот тим;
- Записници од состаноци на инклузивен тим.

## 1.1.4. Изборни наставни предмети

Собрани податоци и информации:

Училиштето воведува изборни наставни предмети преку спроведување анкета, со најмалку три изборни предмети. Постапката за определување на изборните предмети се применува доследно во интерес на потребите на учениците. Како изборни предмети во учебната 2020/2021 и 2021/2022 год. се воведуваат:

- предметна настава- запознавање на религии, етика на религии, класична култура на европска цивилизација, изборен спорт, унапредување на здравје, проекти од ликовно образование, проекти од информатика, програмирање, техничко образование и вештини на живеење, нашата татковина, истражување за родниот крај.

### Изборна настава, учебна 2020/2021– *предметна настава*

| Изборен предмет | Одделение | | | | Вкупно реал. часови |
|---|---|---|---|---|---|
| | VI | VII | VIII | IX | |
| | планирани | планирани | планирани | планирани | |
| Запозна.со религиите/4ч | 64/64 | / | / | / | 128 |
| Етика на религии /4ч | 64/64 | / | / | / | 128 |
| Вештини на живееење 6ч | / | 64/64/64 | / | / | 192 |
| Проекти од ликовна уметност 4 ч | / | 64 | | 64 | 128 |
| Унапредување на здравје сандра 2 ч | / | / | 64 | / | 64 |
| Вештини на живееење 2ч | / | / | 64 | / | 64 |
| Нашата татковина 4 ч | / | / | 64/64 | | 128 |
| Програмирање 2ч | / | / | / | 64 | 64 |
| Унапредување на здравје Биле 6ч | / | / | / | 64/64/64 | 192 |
| **Вкупно 34** | 256 | 256 | 256 | 320 | 1088 |

### Изборна настава, учебна 2021/2022год. – *предметна настава*

| Изборен предмет | Одделение | | | | Вкупно реал. часови |
|---|---|---|---|---|---|
| | VI | VII | VIII | IX | |
| | планирани | планирани | планирани | планирани | |
| Запозна.со религиите/4ч | 64/64 | / | / | / | 128 |
| Етика на религии /4ч | 64/64 | / | / | / | 128 |
| Проекти од ликовна уметност 4 | / | 64 | / | 64 | 128 |
| Проекти од информатика | / | 64 | 64/64 | / | 192 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Унапредување на здравје сандра 2 | / | / | / | 64 | 64 |
| Нашата татковина4 | / | / | 64/64 | | 128 |
| Програмирање 2 | / | / | / | 64 | 64 |
| Унапредување на здравје Биле 6 | / | 64/64 | / | 64 | 192 |
| **Вкупно 34** | 256 | 256 | 256 | 256 | 1024 |

Согласно новата концепција за ОО во учебната 2021/22 г. учениците од четврто одделение изучуваа по два изборни предмети.

- ***Настава по изборни предмети во четврто одделение 2021/2022:***

| **Изборен предмет** | **Одделение** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **I Полугодие** | | **II Полугодие** | |
| Сликање , цртање, вајарство | 36 | 34 | 36 | 31 |
| Оригами | / | / | 36 | 31 |
| Театарски работилници | 36 | 33 | 36 | 31 |
| Одбојка | 36 | 34 | / | / |
| Образование за животни вештини | 36 | 34 | / | / |
| **Вкупно 8 + 8** | | | | |

На крајот од учебната 2021/2022 г. се примени и анкета во шесто одделение за избор на втор странски јазик.

- Наставен план и програма од БРО и МОН 2020/21-2021/22 г.
- Годишни и тематски планирања на наставниците;
- Годишна програма за работа на училиштето;
- Годишен извештај за работа на училиштето;
- Записник од родителски средби;
- Записници од Училишен одбор и Совет на родители;
- Записници од Наставнички совет;
- Одлуки за инклузивен тим на училиште и инклузивен тим на ученик;
- ИОП за ученици со ПОП;
- Процедура за избор на предмети;
- Анкети;
- Педагошка евиденција и документација.
- Интернет страна на училиштето.

## 1.1.5.Реализација на проширените програми:

**Собрани податоци и информации:**

Училиштето во рамките на воннаставните активности нуди и реализира програми за задоволување на интересите и желбите на учениците од разни области. Ангажирањето во вonnаставните активности им овозможува на учениците да изградат позитивен став спрема училиштето и придонесува за подигање на мотивацијата на учениците за постигнување повисок училишен успех. Училиштето ги вклучува учениците со ПОП во часовите за слободните активности.

а) ***Вонннаставните активности*** во училиштето се реализираат за ученици кои имаат афинитет кон одредена област. Наставниците изготвуваат планови за реализација на воннаставни активности, чија основна цел е да овозможат стекнување на знаења, вештини и вредности/ставови зацртани со националните стандарди за основно образование. Во училиштето се реализираат повеќе видови вонnаставни активности кои се разликуваат според должината на времетраењето:
1. Краткотрајни вонnаставни активности: излети и екскурзији; еднократни работилници; акции во училиштето или во заедницата.
2. Подолготрајни вонnаставни активности: секција – клубови.
Секциите и вклученоста на учениците се формирани во согласност со интересите на учениците.
Преку учество во организираните секции се реализираат различни вонnаставни ученички активности од повеќе подрачја (природно-математичко, јазично, општествено, уметничко, музичко, спортско).

Во училиштето континуирано се реализираат и проекти како посебен вид на еднократни вонnаставни активности. Проектите се како поддршка на постојните наставни предмети/области или во функција на други области.

б) ***Реализирани проекти*** во двете учебни години

### 2020/21год.

- Проект за **„Меѓуетничка интеграција на младите во образованието-МИМО“**
- **Проект- „ЕКО“**
- Проект **„Заедничка грижа за правилно насочување на учениците“**
- Проект со ОКВ – Програма: Општинско корисна работа **„Се грижиме за најмалите ги воспитуваме и образуваме“**
- Интерен проект **„Убавините на различностите “**
- Интерен проект **„Отворен ден по граѓанско образование“.**
- Проект **„Редовно на часови: Акција за вклучување на Ромите во основното образование“**
- **Е Твининг проект „The Teacher of the Future“**
- **Е Твининг проект „Let Your Hands Create a Life“**

### 2021/22 год.

- Проект за **„Меѓуетничка интеграција на младите во образованието-МИМО“**
- Проект- **„ЕКО“**
- Проект **„Заедничка грижа за правилно насочување на учениците“**
- Интерен проект **„Отворен ден по граѓанско образование“.**
- **Интерен проект„Училиште без насилство“**
- **Е Твининг проект “Little happiness with handmade“**
- **Е Твининг проект „The European Tortoise that will change our lifes“**
- **Е Твининг проект „Very digital movement“**

в) Училиштето има **Проширена програма за прифаќање на учениците од I до III** одделение еден час пред наставата и еден час по наставата, во целодневна настава и продолжен престој од 15.30 до 17.30 часот.

Наставниците изготвуваат проширени програми за учениците вклучени во додатна настава. Додатната настава се организира во зависност од потребите на учениците. Активностите со учениците во рамките на додатната настава најчесто беа реализирани низ проектни активности, но и во подготовка на учениците кои учествуваа на натпревари по соодветни предмети.

<u>Користени извори:</u>

- Годишна програма за работа на училиштето;
- Годишна програма за проширена програма;
- Проекти и програма за додатна настава;
- Извештаи;
- Евидентни листи;

# 1.1 Квалитетот на наставните планови и програми;

## 1.2.1 Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност на наставните програми и учебните помагала;

Собрани податоци и информации:

Во наставните планови и програми не постои поделба по однос на родова и етничка припадност. Наставниците во своите планирања ја застапуваат родовата и етничката рамноправност и мултикултурализам.

Училиштето има годишно планирање за меѓуетничка интеграција во образованието во кое има планирано долготрајни и краткотрајни активности со партнерското училиште ЦОУ „Алија Авдовиќ" од село Батинци со акбански наставен јазик. Во учебната 2021/22 година се склучи и меморандум за соработка со ООУ„Браќа Рибар" с. Табановце куманово со српски наставен јазик.

Во рамки на ОЖВ се планираат часови со мултикултурен карактер.

- **Реализирани активности во рамките на проектот МИО 2020/21 год.**

Согласно годишното планирање за реализација на МИМО активности се реализираа следните заеднички работиници:

| Активност | Носители | Време на реализација |
|---|---|---|
| Остварена средба со тимот за МИО од партнерското училиште и изработка на апликација за гранд од МОН | СИТ за МИО активности | ноември 2020г. |
| „Мојот крај има минато и традиција" | ученици и наставници од петто одделение и СИТ за МИО активности | ноември 2020г. |
| ЕКО работилница: „Биди ин користи recyclebin" | ученици и наставници од трето одделение и СИТ за МИО активности | декември 2020г. |
| „Ботаничка работилница" | ученици и наставници од четврто одделение и СИТ за МИО активности | декември 2020г. |
| „Ликовна работилница" | ученици од шесто и седмо одделение и наставници по ликовно образование и СИТ за МИО активности | декември 2020г. |
| реализирани часови од ОЖВ од темите„Јас и ти - интерперсонални односи" и „Јас и другите- општествени односи" | ученици од 1 до 9 одд. одделенски и класни раководители | тековно од септември до јуни од 2020/2021г. |

- **Реализирани активности во рамките на проектот МИО 2021/22год**

| **Активност** | **Носители** | **Време на реализација** |
|---|---|---|
| Остварена средба со тимот за МИО од партнерското училиште и изработка на апликација за гранд од МОН | **СИТ за МИО активности** | **декември 2021г.** |
| „Културниот живот и институциите на културата во Македонија“ | ученици и наставници од петто одделение и СИТ за МИО активности | март 2022 г. |
| ,,Креативни изработки од различни видови материјали,, | ученици и наставници од трето одделение и СИТ за МИО активности | јуни 2022 г. |
| ,,Живеалишта – животни од нашето поднебје,, | ученици и наставници од четврто одделение и СИТ за МИО активности | јуни 2022 г. |
| Реализирани самостојни работилници во рамките на Образование за животни вештини на тема: „Јас и ти-интерперсонални односи“ и „Јас и другите-општествени односи“ | ученици од 1 до 9 одд. одделенски и класни раководители | тековно од септември до јуни од 2021/2022 г. |

Користени извори:
-Акциони планови за МИО активности;
-Програми и планирања на наставниците;
-Апликација и решение задобиен грант;
-Извештаи;
-Училишен весник;

## 1.2.2 Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала

Собрани податоци и информации:

Наставните програми се интегрираат со карактеристиките и потребите на локалната средина преку наставни и вонннаставни активности.

Интегрирањето се врши преку изведени посети, снимени емисии, јавни настапи на повеќе културни и спортски натпревари на ниво на училиште и на ниво на локална средина, одбележување на значајни дати, реализирани работни и хуманитарни акции, како и вклучување во проектни активности.

Користени извори:
- Наставни планови и програми;
- Евидентна книга за реализирани посети и јавни настапи;
- Интернет страница на училиштето и весник на училиштето;

## 1.2.3 Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели во образованието;

Собрани податоци и информации:

Во наставните планови и програми се вметнати општите цели, развивање на **самодоверба, одговорност, иницијативноста, почитување на различностите и основните човекови права** и **јакнење на свеста на учениците за припадност на Република Северна Македонија како мултикултурно општество** и истите се реализираат преку воспитниот процес.

Интегрирањето на целите се реализира низ секој наставен предмет, но и преку реализација на програмата „Образование за животни вештини“, „Меѓуетничка интеграција на младите во образованието-МИМО“, проектот „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“, како и низ реализација на училишните проекти „Убавините на различностите“, „Училиште без насилство“.

Имплементацијата на планираните содржини, од наведените проекти, се реализира низ различни форми: работилници, посети, учество во различни акции, како и учество во образовни, спортски, културно-уметнички манифестации.

Користени извори:
-Акциони планови за МИМО – активности;
-Програма „Образование за животни вештини“;
-Програма за работа на стручни соработници, наставни планови, планирања на наставниците;
-Програма за интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем;
-Извештаи;
-Училишен весник.

### 1.2.4. Влијанието на наставниците и родителите врз наставните планови и програми;

Собрани податоци и информации:

Наставниот план и програми по сите наставни предмети се достапни за наставниците и родителите. На седниците на Советот на родители се информимираат родителите за програмите кои ќе се реализираат во тековната учебна година. Иницијативи и сугестии се пренесуваат на ниво на семинари и обуки презентирани од Бирото за развој на образованието. Во училиштето фукционираат активите: Актив на одделенска настава, Актив на група општествени науки и Актив на група природни науки. Стручните активи на ден 21.12.2021 година одржаа онлајн состаноци со цел разгледување на презентацијата на новата Концепција за основно образование и на истата беа донесени предлог сугестии и истите беа препратени до МОН.

Наставниот кадар и стручните соработници редовно пополнуваат електронски прашалници од МОН и БРО.

Користени извори:
-Записници од стручни активи;
-Мислење за предлог верзиите;
-Сугестии;
-Електонска пошта на училиштето, наставниците и стручни соработници.

## 1.3 Воннаставни активности;

### 1.3.1. Обем и разновидност на планираните и релизираните воннаставните активности;

Собрани податоци и информации:

Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности во согласност со интересите и потребите на учениците. Училиштето планира и реализира ученички екскурзии, приредби, ликовни изложби, посети, натпревари и др.

Наставниците изготвуваат планови за реализација на слободни активности по области и наставни предмети (јазична, природно-математичка,општествена, уметничка и спортски активности).

Наставниците од одделенска настава реализираа слободни ученички активности: низ повеќе проектни активности, како и вклучување на учениците во: математичка, ликовна, еколошка, драмска, литературна секција, ритмичка, спортско-рекреативна и др.

Учениците од нашето училиште учествуваат на различни конкурси и натпревари, како и јавни настапи преку медиумите.

Учениците се вклучени во активности на проектите кои се реализираат во нашето училиште. Низ наведените проекти се реализираат низа активности од создавање на здрава животна средина, здрвава исхрана, јакнење на позитивните вредности кај луѓето, како и повеќе долгорочни и краткорочни активности со партнерските училишта.

Во согласност со Законот за основно образование кога е скратена наставната година планираните екскурзии од научно рекреативен карактер за учениците од I и IX одд, не се реализираа. Во согласност со своите програми наставниците заедно со учениците и во соработка со родителите вршат посети на институции од различен карактер (училишта, музеи, театар, кино, библиотеки,саеми и др.).

Со цел презентирање на постигнувањата, како и афирмирање на училиштето, училиштето има веб страница, изготвува училишен весник, флаери, учествува на медиуми и манифестира манифестации согласно програмата за јавна и културна дејност.

***Реализирани проекти*** во двете учебни години

**2020/21год.**

- Проект за **„Меѓуетничка интеграција на младите во образованието-МИМО“**
- **Проект- „ЕКО“**
- Проект **„Заедничка грижа за правилно насочување на учениците“**
- Проект со ОКВ – Програма: Општинско корисна работа **„Се грижиме за најмалите ги воспитуваме и образуваме“**
- Интерен проект **„Убавините на различностите “**
- Интерен проект **„Отворен ден по граѓанско образование“.**
- Проект **„Редовно на часови: Акција за вклучување на Ромите во основното образование“**
- **Е Твининг проект „The Teacher of the Future“**
- **Е Твининг проект „Let Your Hands Create a Life“**

**2021/22 год.**

- Проект за **„Меѓуетничка интеграција на младите во образованието-МИМО“**
- Проект- **„ЕКО“**
- Проект **„Заедничка грижа за правилно насочување на учениците“**
- Интерен проект **„Отворен ден по граѓанско образование“.**
- **Интерен проект„Училиште без насилство“**
- **Е Твининг проект “Little happiness with handmade“**
- **Е Твининг проект „The European Tortoise that will change our lifes“**
- **Е Твининг проект „Very digital movement“**

Користени извори:

-Годишна програма на училиштето;
-Програма и Акционен план за ПМИМО;
-Програма за реализација на воннаставни активности во текот на учебната 2020/2021 и 2021/2021г.;
-Педагошка евиденција за воннаставни активности;
-Годишен извештај;
-Педагошки картон за наставници;
-Училишен весник.

## 1.3.2. Опфатеност на учениците со воннаставните активности;

Собрани податоци и информации:

Најголем број на ученици се вклучени барем во една воннаставна активност и на тој начин лично се афирмираат и придонесуваат за афирмација на училиштето (натпревари, спортски натпревари, учество во ТВ емисии). Во воннаставните активности се вклучени и ученици со ПОП.

Наставниците водат педагошка евиденција за воннаставни активности и врз основа на таа евиденција секој ученик ќе добие додаток на свидетелството. Секој наставник опфатот на учениците го евидентира во Педагошката евиденција за воннаставни активности.

Користени извори:

- Педагошки картон за наставници;
- Педагошка евиденција за воннаставни активности;
- Евидентни листови за наставници;
- Одделенски дневници;
- Училишен весник;
- Веб страна на училиштето;
- Извештаи.

### 1.3.3. Влученост на учениците во изборот и планирањето на работата на воннаставните активности;

Собрани податоци и информации:

Согласно интересите и афинитетите на почетокот на учебната година учениците во соработка со наставниците се вклучуваат во воннаставна активност при што се негува индивидуалниот интерес, искористување на слободното време, развој на натпреварувачки дух при што учениците се мотивирани да учествуваат на општински, регионални и државни натпревари и манифестации. Голем број ученици земаа учество во многу натпревари и при тоа постигнати се високи успеси со освоени медалји, дипломи и пофалници.

**По објавениот Конкурс на Општина Кисела Вода за избор на талентирани ученици и талентирани ученици-спортисти ги избра следните ученици од нашето училиште:**

**Учабна 2020/2021 година**

| Ред. бр. | Име и презиме | одделение | Вид на награда |
|---|---|---|---|
| 1 | Јан Петрушевски | V - a | 2 место регинален-државен натпревар математика |
| 2 | Матеј Колигов | VII - б | 1 место државна награда книжевност |
| 3 | Никола Арсовски | V б | 1 место државна награда книжевност |
| 4 | Светле Васковска | VIII – г | 1 место државен натпревар музика |
| 5 | Лара Кочовска | VIII – г | 2 место меѓународен натпревар по музика |
| 6 | Лука Јанкулоски | IX- г | 1 место државно првенство во тенис |
| 7 | Лана Лазаревска | VII – a | 1 место државно првенство модерни танци |
| 8 | Александар Стојчески | VI – г | првенство во шах |

**Учебна 2021/2022 година**

| Ред. бр. | Име и презиме | одделение | Вид на награда |
|---|---|---|---|
| 1 | Матеј Колигов | VIII –б | Награда за талентиран ученик |
| 2 | Михаела Васковска | V-г | Награда за талентиран ученик |
| 3 | Светле Васковска | IX-г | Награда за талентиран ученик |
| 4 | Андреј Јаневски | VII-в | Награда за талентиран ученик |
| 5 | Мишела Ристевска | IX-в | Награда за талентиран ученик |
| 6 | Никола Арсовска | VI-б | Награда за талентиран ученик |
| 7 | Марија Треневска | VII-в | Нграда за талентиран ученик спортист на ниво на ОКВ |
| 8 | Дин Ризвановиќ | VI-б | Нграда за талентиран ученик спортист – олимписки спортови |
| 9 | Александар Стојчески | VII-г | Нграда за талентиран ученик спортист – олимписки спортови |
| 10 | Антонио Стојчески | VII-г | Нграда за талентиран ученик спортист – олимписки спортови |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **11** | **Атила Зекири** | **IX-в** | **Нграда за талентиран ученик спортист – олимписки спортови** |

Во текот на двете учебни години се реализираа бројни вонnаставни активности во кои учениците се вкучуваат согласно нивните интереси:

-**Приредби:** „Приредба по повод свечено примање на првачињата“„Европски ден на јазиците“, Приредба по повод зачленување на првачињата во Детската организација, Есенски приредби, Новогодишни приредби, Првоаприлски маскенбал, Базари, одбележување на патронен празник и одбележување на сите позначајни дати.

-Во училиштето функционира и **Училишен спортски клуб;**

Користени извори:

-Годишна програма за работа на училиштето;

-Програма за работа на секции;

- Педагошка евиденција за воннаставни активности;

-Годишен извештај;

-Дипломи, пофалници;

-Училишен весник

| |
|---|
| **Јаки страни:**<br><br>• Наставниците изработуваат годишни планирања кои се во согласност со донесените програмски документи од МОН;<br>• Реализацијата на наставните програми е во пропишаниот обем при што се постигнати целите од националните стандарди, како и целите од меѓуетничката интеграција и меѓупредметните цели;<br>• Родителите редовно се информираат за целите на наставните планови и програми вклучувајќи ја и програмата за МИО активности;<br>• Сите ученици со ПОП се влкучени во редовна настава и се работи според ИОП и поголем број од учениците со ПОП се вклучени во воннаставни активности;<br>• Училиштето нуди најмалку три изборни предмети, согласно наставниот план;<br>• Реализирани проектни активности од образовен карактер;<br>• Наставниот кадар планира и реализира меѓупредметни цели во сите наставни програми. |
| **Слаби страни:**<br><br>• Вклученост на сите ученици во воннаставни активности/слободни ученички активности/секции и групите да се со хетероген состав; |
| **Идни активности / приоритети:**<br><br>• Доследна примена на Концепцијата за воннаставни активности во основно образование -издавач БРО;<br>• Мотивирање на учениците за поголема вклученост во воннаставните активности;<br>• Мотивирање и припрема на учениците за учество на манифестации и натпревари надвор од училиштето;<br>• Партиципација на учениците во изборот и планирањето на воннаставните активности преку демократски методи;<br>• Редовно водење на Педагошка евиденција за воннаставни активности. |

# ПОДРАЧЈЕ II

# ПОСТИГНУВАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

**Индикатори на квалитет:**

**2.1 – Постигнување на учениците**

**2.2 – Задржување / осипување на учениците**

**2.3 – Повторување на учениците**

- **Следење на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност по наставни предмети и по квалификациони периоди**

**Собрани податоци**

*Училиштето има изготвено пишана процедура за оценување на знаењата на учениците, како и Етички кодекс за оценување на постигнувањата на учениците.

*На крајот на учебната 2020/21 година, средниот успех на учениците на ниво на училиште изнесува 4.35%, средниот успех во 2021/22 година изнезува 4,24 %. Поради пандемијата со Ковид 19, учебната 2020/2021 година учениците од четврто до деветo одделение наставата ја следеа онлајн. Од прикажаниот успех се забележува дека учениците постигнуваат повисок резултат кога оценувањето е онлајн.

*Во текот на двете учебни години, најголем процент од вкупниот број на ученици имаат одличен успех и тоа:

- 2020/21 год. од вкупно 854 ученика, 61,7 % се со одличен успех, многу добри 22,3 %, добри 10,1%, доволни 3.08 %, повторувачи 0,8%;

- 2021/22год. од вкупно 786 ученика, 50,9% се со одличен успех, многу добри 30.2 %, добри 14,3 %, доволни 2,4 %, повторувачи 1,63%;

- Од анализата на постигнатиот успех на крајот од учебната 2020/21 год и 2021/22 год. се воочува дека постигнатиот успех кај одличните ученици е намален за 10,8%. Се воочува зголемување кај многу добрите ученици и тоа за 7,9%. а кај учениците кои постигнале добар успех има зголемување од 4,2%. Исто така и кај учениците со доволен успех се забележува намалување од 0,68 %. Бројот на ученици кои ја повторувале годината е зголемен за 0,83%. Во оваа група претежно се ученици кои нередовно посетувале настава и имаат голем број на неоправдани изостаноци.
- Училиштето прибира и анализира податоци за постигнувањата на учениците според полот и етничка структура;

- Училиштето прибира и анализира податоци за постигнувањата на учениците при описно оценување;

- Училиштето прибира и анализира податоци за постигнувањата на учениците за сите предмети и во сите одделенија;

- Училиштето прибира и анализира податоци за постигнувањата на учениците по изборните предмети

- ***Табела*-1 постигнат успех за две учебни години**

| Опис | Учебна година | Одделенска настава | Предметна настава | Тотал |
|---|---|---|---|---|

| | | Бр. Ученици | % | Бр. ученици | % | Бр. ученици | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Одлични | 2020/21 | 139 | 76,8 | 198 | 54,3 | 337 | 61,7 |
| | 2021/22 | 88 | 53.3 | 161 | 49.7 | 249 | 50.9 |
| Многу добри | 2020/21 | 23 | 12,7 | 99 | 27,1 | 122 | 22,3 |
| | 2021/22 | 43 | 26,0 | 105 | 32.4 | 148 | 30,2 |
| Добри | 2020/21 | 12 | 6,6 | 48 | 13,6 | 60 | 10,1 |
| | 2021/22 | 25 | 15,1 | 45 | 13,9 | 70 | 14,3 |
| Доволни | 2020/21 | 7 | 3,9 | 14 | 3,8 | 21 | 3,8 |
| | 2021/22 | 7 | 4,2 | 5 | 1,5 | 12 | 2,45 |
| Повторувачи | 2020/21 | / | / | 4 | 1,1 | 4 | 0,8 |
| | 2021/22 | 5 | 8,25 | 3 | 9,72 | 8 | 1,63 |
| Вкупно ученици | 2020/21 | 181 | | 365 | | 546 | |
| | 2021/22 | 165 | | 324 | | 489 | |
| Среден успех | 2020/21 | 4,58 | | 4,24 | | 4,35 | |
| | 2021/22 | 4,26 | | 4,22 | | 4,24 | |

Во училиштето се врши континуирано следење и анализирање на оценувањето на постигнувањата на учениците, отстапувањата, примена на стандардите и критериумите на оценување со цел да се зголеми објективноста во оценувањето на постигнувањата на учениците.

- Графички приказ на успехот на учениците од VI до IX одд. за учебните 2020/2021 и 2021/2022 година




**Табела 2 Постигнат успех по предмети и одделенија-споредба за две учебни години**

| Одд | Македон. ј | Англиски ј | Француск | Математи | Раб. со | Прир н | Општеств | Историја | Географ | Граѓ. кул | Биологија | Физика | Хемија | Ликовно | Музичко | Физичко | Т О | Иновација | Инфор. | Етика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2020/21 IV-V | 4.39 | 4.37 | / | 4.36 | 4.60 | 4.68 | 4.56 | / | / | / | / | / | / | 4.66 | 4.72 | 4.71 | 4.64 | / | / | / |
| 2021/22 IV-V | 4.00 | 3.93 | / | 3.90 | 3.94 | 4.45 | 4.18 | / | / | / | / | / | / | 4.68 | 4.46 | 4.80 | 4.42 | / | / | / |
| Отстапка | 0.39 | 0.44 | / | 0.46 | 0.66 | 0.23 | 0.38 | / | / | / | / | / | / | 0.02 | 0.26 | 0.09 | 0.22 | / | / | / |
| 2020/21 VI-IX | 3.72 | 3.99 | 4.01 | 3.79 | / | 3.65 | / | 4.35 | 4.43 | 4.22 | 4.18 | 3.45 | 3.42 | 4.85 | 4.80 | 4.53 | 4.31 | 4.94 | 4.19 | 4.30 |
| 2021/22 VI-IX | 3.80 | 4.01 | 3.87 | 3.72 | 3.99 | / | / | 4.41 | 4.28 | 3.90 | 3.88 | 3.51 | 3.51 | 4.84 | 4.56 | 4.76 | 4.77 | 4.92 | 4.27 | 4.59 |
| Отстапка | 0.08 | 0.02 | 0.14 | 0.07 | / | / | / | 0.06 | 0.15 | 0.32 | 0.3 | 0.06 | 0.09 | 0.01 | 0.24 | 0.23 | 0.46 | 0.02 | 0.08 | 0.29 |

***со црвена боја се означени отстапувањата во надолна нинија**
***со зелена боја се означени отстапувањата во нагорна линија**

- Анализите покажуваат дека нема значително отстапување по однос на постигнатиот успех по предмети

**Табела 3 – Краен успех по изборни предмети 2020/2021**

| Изборен предмет | Одделение | Среден успех |
|---|---|---|
| Запознавање на религиите | VI-а | 4.79 |
| Запознавање на религиите | VI-б | **4.19** |
| Етика на религии | VI-в | **4.00** |
| Етика на религии | VI-г | **4.50** |
| | | **4,37** |
| Ликовно образование | VII-а | 5.00 |
| Вештини на живеење | VII-б | 4.78 |
| Вештини на живеење | VII-в | 4.77 |
| Вештини на живеење | VII-г | 5.00 |
| | | **4,89** |
| Нашата татковина | VIII-а | **5.00** |
| Вештини на живеење | VIII-б, | **4.61** |
| Нашата татковина | VIII-в | 4.72 |
| Унапредување на здравје | VIII-г | 4.81 |
| | | **4.79** |
| Програмирање | IX-б 4.66 IX-в 4,86 | 4.76 |
| Проекти од ликовна уметност | IX -а | 4.81 |
| Унапредување на здравје | IX-б4.64 IX г4.60 | 4,62 |
| | | **4,73** |
| | | 4.70 |

**Табела 4 – Краен успех по изборни предмети 2021/2022**

| Изборен предмет | Одделение | Среден успех |
|---|---|---|
| Запознавање на религиите | VI- а -4,44 VI-б-3,90 | **4,17** |
| Етика на религии | VI – в 4,44VI г-4,59 | **4,52** |
| Нашата татковина<br>Нашата татковина | VIIIа-5,00 ;VIII г-4,88;<br>VIII б-3,91 VIIIв-4.50 | **4,57** |
| | | |
| Проекти од ликовна уметност | VII б -4,38 | **4,59** |
| | IX г- 4,80 | |
| Проекти од информатика | VII а - 4,90 | **4,90** |
| | VIII а -5,00 VIIIб - 4,94<br>VIII в-4,75 | **4,90** |
| Програмирање | IX а | **4,67** |
| Унапредување на здравјето | VII в-4,52 VIIг-4,61 | **4,57** |
| | IX в -4,59 | **4,59** |
| | | 4,61 |

***Табела 5*** **Постигнат успех по предмети изразено по нивоа во првиот квалификационен период I-III одд на крајот од учебната 2020/2021 г**

| **ОДДЕЛЕНИЕ** | **I одд. 100 ученици** | | | **II одд. 106 ученици** | | | **III одд. 102 ученици** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ПРЕДМЕТ** | **ниско** | **средно** | **високо** | **ниско** | **средно** | **високо** | **ниско** | **средно** | **високо** |
| Македонски јазик | 15 | 23 | 62 | 17 | 36 | 53 | 21 | 28 | 53 |
| Математика | 15 | 26 | 59 | 14 | 38 | 54 | 19 | 32 | 51 |
| Англиски Јазик | 14 | 20 | 66 | 9 | 30 | 67 | 24 | 27 | 51 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ликовно образование | 11 | 8 | 81 | 1 | 20 | 85 | 10 | 28 | 64 |
| Музичко образование | 4 | 15 | 81 | 5 | 20 | 81 | 12 | 26 | 64 |
| Природни науки | 11 | 16 | 73 | 8 | 29 | 69 | 21 | 29 | 52 |
| ФЗО | 4 | 6 | 90 | 1 | 14 | 91 | 10 | 20 | 72 |
| Општество | 11 | 18 | 71 | 8 | 30 | 68 | 20 | 29 | 53 |
| Раб. со ком. и основи на прог. | / | / | / | / | / | / | 17 | 29 | 56 |
| **Вкупно** | 885 | 132 | 583 | 63 | 217 | 568 | 154 | 248 | 516 |
| **Проценти %** | **10.6** | **16.5** | **72.9** | **7.4** | **25.6** | **67** | **16.7** | **27** | **56** |

Табела 5 **Премин од описно во бројчано оценување**

| **2020/2021**<br>**IIIодд. описно** | **2021/2022**<br>**IV одд-бројчано** |
|---|---|
| **56 % високо ниво на постигнување** | ***51.2 % одличен успех*** |
| **27% средно ниво на постигнувања** | ***28.4% мн.добар***<br>***12.3% добар успех*** |
| **16,7% ниско ниво на постигнувања** | ***1.2% доволен и***<br>***0%недоволен успех*** |

***Табела 6*** **Постигнат успех по предмети изразено по нивоа во првиот квалификационен период III одд на крајот од учебната 2021/2022 г**

| **ОДДЕЛЕНИЕ** | **I одд. 96 ученици** | | | **II одд. 98 ученици** | | | **III одд. 94 ученици** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ПРЕДМЕТ** | **ниско** | **средно** | **високо** | **ниско** | **средно** | **високо** | **ниско** | **средно** | **високо** |
| Македонски јазик | 13 | 19 | 64 | 17 | 31 | 50 | 21 | 31 | 42 |
| Математика | 13 | 17 | 66 | 15 | 36 | 47 | 19 | 29 | 46 |
| Англиски јазик | 7 | 26 | 63 | 15 | 29 | 54 | 19 | 31 | 44 |
| Ликовно образование | 3 | 15 | 78 | 10 | 15 | 73 | 1 | 20 | 73 |
| Музичко образование | 3 | 13 | 80 | 13 | 14 | 71 | 1 | 23 | 70 |
| Природни науки | 11 | 19 | 66 | 15 | 24 | 59 | 19 | 25 | 50 |
| ФЗО | / | 26 | 70 | 5 | 12 | 81 | 1 | 13 | 80 |
| Општество | 11 | 20 | 65 | 15 | 24 | 59 | 17 | 25 | 52 |
| Раб. со ком. и основи на прог. | / | / | / | / | / | / | 8 | 20 | 66 |
| **Вкупно** | 61 | 155 | 552 | 105 | 185 | 494 | 106 | 217 | 523 |

| Проценти % | 7.9 | 20.2 | 71.9 | 13.4 | 23.6 | 63 | 12.5 | 25.7 | 62 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|

*Табела 7* **Среден успех по генерации за две учебни години**

| Одделение | Среден успех 2020/21 | Среден успех 2021/22 |
|---|---|---|
| IV | 4.53 | 4.14 |
| V | 4.63 | 4.39 |
| VI | 4.18 | 4.40 |
| VII | 4.40 | 4.13 |
| VIII | 4.14 | 4.13 |
| IX | 4.24 | 4.22 |
| Среден успех IV-IX | 4,35 | 4,24 |

**Табела8 Спореден успех за пет учебни години**

| Успех | Учебна 2017-2018 | Учебна 2018-2019 | Учебна 2019/2020 | Учебна 2020/2021 | Учебна 2021/2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| Одлични | 56,9 | 58,1 | 53,5 | 54.3 | 50,9 |
| Многу добри | 23,2 | 22,0 | 26,6 | 27.1 | 32,4 |
| Добри | 15,6 | 15,3 | 17,7 | 13.6 | 13,9 |
| Доволни | 3,9 | 3,7 | 1,4 | 3.8 | 1,5 |
| Недоволни | 0,1 | 1,0 | 0,5 | 1.1 | / |
| Среден успех | 4,32 | 4,30 | 4,34 | 4.35 | 4,24 |

***Споредбено со минатите години може да се забележи дека постигнатите средни успеси на ниво на училиште се со незначителни отстапувања, но оваа учебна година е забележано благо опаѓање на просечниот успех.**

*Табела 8.* **Премин од описно во бројчано оценување во VI**

| 2021/2022 VIодд. Описно полугодие | 2021/2022 VI одд- Бројчано крај |
|---|---|
| *56.8 високо ниво на постигнување* | *57.9% одличен успех* |
| *33 % средно ниво на постигнувања* | *35.5 % многу добар успех*<br>*3.9% добар успех* |
| *10.2% ниско ниво на постигнувања* | *0% доволен и недоволен успех* |

*Табела 9* **Отстапувања во успехот на учениците во IX одд. (полугодие - крај на учебна год.) во две учебни години**

| | Успех на учениците - IX одд.2020/2021 | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 |
| Полугодишен успех | 30.7 | 45 | 17.5 | 1 | 5.8 |
| Крај на учебна година | 46.6 | 36.6 | 14.4 | 2.2 | / |
| Отстапување | 15.9 | 8.4 | 3.1 | 1.2 | 5.8 |

| | Успех на учениците - IX одд.2021/2022 | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 |
| **Полугодишен успех** | **32.4** | **43.2** | **12.2** | **/** | **8.0** |
| **Крај на учебна год.** | **47.2** | **37.8** | **13.5** | **1.6** | **/** |
| **Отстапување** | **14.8** | **5.4** | **1.3** | **/** | **/** |

**Користени извори:**

-Пишана процедура за оценување;
-Полугодишни извештаи;
-Гидишни програми и извештаи;
-Претходна самоевалуација
-Споредбени анализи од стручни соработници;
-Квартални, полугодишни и годишни извештаи;
-Записници од УО, Наставнички и одделенски совети и Совет на родители.

## ➢ Подобрување на постигањата на учениците;

**Собрани податоци и информации:**

Врз основа на анализата од прибраните податоци училиштето континуирано се стреми кон подобрување на постигнувањата на сите ученици. Планираните идни активности исто така водат кон континуирано подобрување на постигнувањата на сите ученици.

***Табела 1*** Во училиштето има ученици од различна етничка припадност 2020/2021г.

| Одд. | Вк. уч. | Македонци | | Алб. | | Турци | | Роми | | Срби | | Бошњаци | | Други | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| I-IX | **854** | **307** | **280** | **7** | **2** | **8** | **7** | **38** | **27** | **2** | **3** | **89** | **76** | **7** | **1** |
| % | | **35.9** | **32.8** | **0.8** | **0.2** | **0.3** | **0.8** | **4.5** | **3.3** | **0.2** | **0.4** | **10.4** | **8.9** | **0.8** | **0.1** |

***Табела 2*** Во училиштето има ученици од различна етничка припадност 2021/2022г.

| Одд. | Вк. уч. | Македонци | | Алб. | | Турци | | Роми | | Срби | | Бошњаци | | Други | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |

| | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I-IX | **786** | **315** | **278** | **6** | **2** | **8** | **5** | **41** | **33** | **5** | **4** | **50** | **33** | **3** | **3** |
| % | | **40.1** | **35.4** | **0.8** | **0.3** | **1.0** | **0.6** | **5.2** | **4.2** | **0.6** | **0.5** | **6.4** | **4.2** | **0.4** | **0.4** |

Со оглед на различната структура на ученици кои доаѓаат од семејства со различни социјални, културни, етнички и образовни нивоа постојат разлики во степенот на постигнатите резултати.

Анализите говорат дека учениците кои се од семејства со ниско социо-културно и економско ниво постигнуваат и значајно пониски резултати во воспитно-образовниот процес. **Резултатите од анкетата со родители укажува на солиден процент на родители кои сметаат дека наставниците имаат еднаков пристап кон учениците (76,6 %).** Со цел да се подобри нивото на постигања на учениците се реализира индивидуална поддршка, со дефинирани индивидуални цели по повеќе наставни предмети и влучување во дополнителна настава. ост

***Табела 3*** **Постигнат успех по пол за две учебни години**

| Учебна година | 2020/21 | | 2021/22 | |
|---|---|---|---|---|
| ПОЛ | М | Ж | М | Ж |
| Одличен 5 | 30.2 | 31.9 | 22.7 | 28.7 |
| Мн.добар 4 | 11.4 | 11.2 | 16.4 | 13.5 |
| Доволен 3 | 6.8 | 3.7 | 11.3 | 3.5 |
| доволен 2 | 2.2 | 1.7 | 1.8 | 1.2 |
| Недоволен 1 | 0.7 | / | 0.6 | / |

***Табела 4*** **Постигнат успех по етничка структура за две учебни години**

| Учебна година | 2020/21 | | 2021/22 | |
|---|---|---|---|---|
| Етничка припадност | МК | Други | МК | Други |
| Одличен 5 | 51.6 | 10.4 | 45.3 | 6.1 |
| Мн.добар 4 | 14.8 | 7.7 | 23.0 | 7.0 |
| Доволен 3 | 5.1 | 5.3 | 8.8 | 5.9 |
| доволен 2 | 0.4 | 3.5 | 0.4 | 2.7 |
| Недоволен 1 | / | 0.7 | / | 0.6 |

**Табела5 – Постигнат полугодишен успех по нивоа во одделенска настава**

| Учебна година | одд | Ниво на постигнување високо ниво % | одд | Ниво на постигнување високо ниво % | Одд | Ниво на постигнување високо ниво % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2020/2021 | I | 72 .9 % | II | 67.0 % | III | 56.0 % |
| 2021/2022 | I | 71.9% | II | 63.0 % | III | 62.0 % |

**<u>Користени извори:</u>**

--Пишана процедура за оценување;

-Гидишни програми и извештаи;

-Споредбени анализи од стручни соработници;

-Квартални, полугодишни и годишни извештаи;

-Записници од УО и Совет на родители.

-Записници од одделенски н наставнички совети;

-Записници од стручните активи.

- **Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и учениците со посебни образовни потреби;**

**Собрани податоци и информации:**

*Училиштето има изготвено пишана процедура за идентификување на ученици со посебни образовни потреби, како и пишана процедура за идентификување на ученици кои манифестираат потенцијална надареност.
*За наведените ученици има изготвено и програма за работа.
*При уписот во прво одделение, педагогот и психологот ја утврдуваа емоционалната и социјалната зрелост на учениците, а нивниот развој се следи во текот во неколку периоди.

Во училиштето има десетина ученици со ПОП и за нив се изготвува ИОП и дваесетина ученици со потешкотии во учењето. За учениците кои имаат укажување од проценката на МКФ документот се обезбедуваат лични и образовни асистенти. Во текот на двете изминати години имавме двајца образовни асистенти и еден личен асистент.

За сите овие ученици наставно-воспитниот кадар пружа подршка избирајќи активности соодветни на нивните можности и потреби. Се применува индивидуализиран пристап со цел да се овозможи реализација на наставните програми и остварување на цели кои се во согласност на нивните способности. Во текот на целата учебна година се реализира дополнителна настава за ученици со тешкотии во учењето и додатна настава за ученици што покажуваат интерес и постигнуваат значителни резулатати во повеќе области.

Во училиштето има и голем број на ученици кои се од семејства со ризик (неповолни социјално-економски услови, присуство на зависности, тешки заболувања во семејството). За таа цел со овие ученици се превземаат активности за нивна подршка во училиштето, но се вклучуваат и други институции (Центар за социјална работа, Завод за ментално здравје на деца и младинци, Овластен просветен инспектор, Црвен крст и др.)
Учениците со повисоки интелектуални способности постигнуваат и повисок успех, но има одреден број на ученици кои и покрај високите интелектуални способности постигнуваат послаб успех, како и ученици кои имаат пониски интелектуални способности, а постигнале повисок училишен успех. Ова упатува на постоење на критериум на оценување кој во најголем процент е во согласност со можностите на учениците, но наведените отстапувања упатуваат на потребата од зголемена објективност во оценувањето на постигнувањата на учениците.

**Користени извори:**

-Програма за работа со ученици со посебни потреби;
-Регистар на ученици со ПОП;
-Проценка од МКФ документ;
-ИОП и Модифицирана програма;
-Професионално досие;
-Евидентни листи;
-Извештаи.

- **Подобрување на постигнувањата на учениците преку редовната и дополнителната/и додатната настава;**

**<u>Собрани податоци и информации:</u>**

Редовната настава беше реализирана во согласност со годишните планирања на наставниците. Двете учебни години поради пандемијата со Ковид 19 се реализираше скратена наставна програма и од таа причина наставниците ги прилагодуваа своите глобални и тематски планирања. Со цел постигнување повисоки резултати наставниците применуваа повеќе иновации, вклучувајќи примена на совремеи ИКТ-алатки по наставни предмети и одделенија, примена на современи методи и техники на учење и поучување како и различни форми на работа. Во согласност со планирањата на наставниците и потребите на учениците се реализираше додатна и дополнителна настава со цел да им се помогне на учениците кои имаат потешкотии во совладување на наставните содржини по одделни наставни предмети. Додатната настава се реализираше низ проектни активности и подготовка на учениците кои учествуваа на натпревари по соодветни предмети, токму затоа во учебната 2021/22 беа евидентирани бројни активности за подобрување на постигнувањата на учениците.

**<u>Користени извори:</u>**
-Извештаи;
-Планирања на наставниците;
-Распоред за додатна и дополнителна настава;
-Педагошка евиденција за додатна и дополнителна настава;
-Споредбени анализи.

- **Следење на постигнувањата на учениците при премин од еден во друг циклус и од едно во друго ниво на образование;**

**<u>Собрани податоци и информации:</u>**

Во училиштето се врши континуирано следење на постигнувањата на учениците. Анализи со постигнувањата на учениците се изготвуваат на секој квартален период во учебната година.

***Табела*** 1 Успех на учениците на крајот на учебната година

| одделение | 2020-21год. | одделение | 2021-2022 | Отстапување на успехот помеѓу две учебни год. |
|---|---|---|---|---|
| **IV** | 4,53 | **IV** | 4.14 | **Намалено за 0.39 %** |
| **V** | 4,63 | **V** | 4.39 | **Намалено за 0.24 %** |
| **VI** | 4,18 | **VI** | 4.40 | **Зголемено за 0.22%** |
| **VII** | 4,40 | **VII** | 4.13 | **Намалено за 0,27%** |
| **VIII** | 4,14 | **VIII** | 4.13 | **Намалено за 0,01%** |
| **IX** | 4,24 | **IX** | 4.22 | **Намалено за 0,02%** |

***Табела 2.*** Премин од описно во бројчано оценување во VI

| **2020/2021 VIодд. описно полугодие** | **2020/2021 VI одд-бројчано крај** |
|---|---|

| | |
|---|---|
| *50.2% високо ниво на постигнување* | *53.7 % одличен успех* |
| *32.1 % средно ниво на постигнувања* | *24.2 % многу добар успех*<br>*11.6 % добар успех* |
| *18.6% ниско ниво на постигнувања* | *7.3% доволен*<br>*2.1 недоволен успех* |

***Табела 3.*** Премин од описно во бројчано оценување во VI

| 2021/2022 VIодд. описно Прво полугодие | 2021/2022 VI одд-бројчано крај |
|---|---|
| *56.8 високо ниво на постигнување* | *57.9% одличен успех* |
| *33 % средно ниво на постигнувања* | *35.5 % многу добар успех*<br>*3.9% добар успех* |
| *10.2% ниско ниво на постигнувања* | *0% доволен и недоволен успех* |

**Користени извори:**
-Квартални, годишни и полугодишни извештаи;
-Споредбени анализи на стручни соработници;
-Самоевалуација 2018-2020;
-Записници од Наставнички совет;
-Записници од УО и Совет на родители;
-Програма за додатна и дополнителна активност;
-Педагошка евиденција за додатна и дополнителна настава.

## ➢ Подобрување на интеркултурните компетенции кај учениците

**Собраниподатоци и информации:**

Во училиштето секоја учебна година заради подобрување на интеркултурните компетенции на учениците, се развива систем и организира заеднички активности (наставни и воннаставни) со ученици од мешан состав во рамките на училиштето преку интегрирани содржини на одделенските часови со МИМО, како и со партнерско училиште преку изведбени долготрајни или краткотрајни активности за кои училиштето веке две години по ред освојува грантови кои овозможуваат успешна реализација на активностите. Преку учеството во овие активности учениците искажуваат задоволство, соработка, креативност, кохезија, интеракција и на крај доаѓаат до заеднички продукт. Годишните програми за работа на училиштето содржат програма за Меѓуетничка интеграција на младите во обраованието.

Училиштето има годишно планирање за меѓуетничка интеграција во образованието во кое има планирано долготрајни и краткотрајни активности со партнерското училиште ЦОУ „Алија Авдовиќ“ од село Батинци, каде наставата се изведува на албански наставен јазик. На почетокот на месец декември 2020 г. беше одржан online состанок на тимовите од двете училишта со цел дефинирање на целите на работилниците како и термините за реализација на долгорочните и кратрочните заеднички активности. Со оглед на новонастаната ситуација со пандемијата од Ковид 19, планираните заеднички активности се преадаптираа за реализција преку online средби на Microsoft Teams и истите се реализираа до крајот на декември 2020 година.

- **Реализирани активности во рамките на проектот МИО 2020/21г.**

| Активност | Носители | Време на реализација |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| **„Мојот крај има минато и традиција“** со ученици од V одд. | Наставници од одделенска настава | XII 2020 |
| **„Ботаничка работилница“** со ученици од IV одд. | Наставници од одделенска настава | 16.12.2020 |
| ЕКО работилница: **„Биди ин користи recyclebin“**со ученици од III одд; | Наставници од одделенска настава | 18.12.2020 |
| **„Ликовна работилница“** со ученици од VI и VII одделение | Наставник по ликовно образование | 29.12.2020 |

На почетокот на месец декември 2021 беше потпишан и меморадум за соработка со ООУ „Браќа Рибар“ с. Табановце – Куманово со настава на српски јазик. Тимовите од двете училишта остварија електронска комуникација со цел дефинирање на целите на работилниците, како и термините за реализација на долгорочните и краткрочните заеднички активности. Со оглед на новонастаната ситуација со пандемијата од Ковид 19, планираните заеднички активности ќе се преадаптираат за реализција преку on line форма и истите се реализираа до крајот на учебната 2022 година

- **Реализираниактивностиворамкитенапроектот МИО 2021/22год**

| Активност | Носители | Време на реализација |
|---|---|---|
| **„Културниот живот и институциите на културата во Македонија“ с**о учениците од петто одд. | Софија Лукровска | 28.03.2022 |
| **„Креативни изработки од различни видови материјали„** со учениците од трето одделение | Мануела Маркоска, Биљана Христова, Весна Милановска | 06.06.2022 |
| **„Живеалишта – животни од нашето поднебје„** со учениците од четврто одделение | Маја А. Спасеска | 06.06.2022 |

**Користени извори:**
-Планирања на наставниците за МИМО активности;
-Одделенски дневници;
-Годишна програма;
-Годишна програма за реализација на проектот „Меѓуетничка интеграција на младите во образованието-МИМО“;
-Годишни извештаи;
- Записници од стручни активи,
- Записници Совет на родители.

## 2.2 Задржување / осипување на учениците

- **Опфат на учениците;**

**Собрани податоци и информации:**

Во одделенска настава во 2020/2021 има 21 паралелки и 489 ученика, а во предметна настава во 2020/21 год има 16 паралелки и 365 ученика. Во 2021/22 год. во одделенска настава 22 паралелки со 469 ученика, а во предметна настава 16 паралелки и 355 ученика. Вкупно во 2020/21 год. 37 паралелки и 854 ученика, а во 2021/22 год. 38 паралелки и 786 ученика.

### Бројна состојба по одделенија во централното и подрачното училиште, учебна 2020/21година

| Одд. | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | Вк. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Бр. на учен. | 100 | 106 | 102 | 87 | 94 | 95 | 102 | 78 | 90 | 854 |
| Бр.на парал. | 4 | 5 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 37 |

**Бројна состојба по одделенија во централното и подрачното училиште, учебна 2021/22година**

| Одд. | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | Вк. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Бр. на учен. | 105 | 98 | 94 | 84 | 81 | 76 | 80 | 94 | 74 | 786 |
| Бр.на парал. | 5 | 5 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 38 |

**Користени извори:**
-Годишна програма;
-Годишен извештај;
-Преведници.

- **Редовност во наставата;**

**Собрани податоци и информации:**

Редовноста на учениците во наставата континуирано се следи, а училиштето ги анализира причините за отсуство на учениците и презема соодветни мерки со цел да ја зголеми редовноста на учениците во наставата. Согласно чл.76,77 и 78 од Законот за основно образование (Сл.весник на РСМ бр.161/19) одделенскиот раководител ги информира родителите за отсуствата на учениците, а потоа со уредно доставени покани се повикуваат родителите на советување од страна на психологот и педагогот. Со цел подобрување на редовноста на учениците во учебната 2020/2021 год. беа реализирани 14 советувања со родители. Во периодот на пандемијата со Ковид 19 дел од советувањето се реализираа по електронски пат. Во уч.2021/2022год, наставата се одвиваше со физичко присуство и реализирани се 8 советувања со родителте за нередовно посетување на настава.

**Табела 1** – Реализирани советувања со родители во учебната 2020/2021

| Причини за советување | Ученикот има повеќе од 3 негативни оцени | Ученикот има направено повеќе од 10 неоправдани или 100 оправдани изостаноци | Ученикот не се однесува соодветно |
|---|---|---|---|
| Вкупно советувани родители | 20 | 14 | 1 |

**Табела 2** – Реализирани советувања со родители во учебната 2021/2022

| Причини за советување | Ученикот има повеќе од 3 негативни оцени | Ученикот има направено повеќе од 10 неоправдани или 100 оправдани изостаноци | Ученикот не се однесува соодветно |
|---|---|---|---|
| Вкупно советувани родители | 31 | 8 | 8 |

**Табела 3** – Вкупен број на изостаноци по одделенија за две учебни години 2020/21 и 2021/22 год.

| | Вид | Одделение | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | Вкупно |
| 2020/2021 | Оправдани | **51** | **1153** | **492** | **343** | **42** | **378** | **469** | **432** | **1450** | **4810** |
| | Неоправдани | **295** | **207** | **/** | **1** | **372** | **392** | **899** | **554** | **212** | **2932** |
| | Се | **346** | **1360** | **492** | **344** | **414** | **770** | **1368** | **986** | **1662** | **7742** |
| 2021/2022 | Оправдани | **3235** | **2408** | **1943** | **2231** | **1860** | **2679** | **3950** | **3597** | **2497** | **24400** |
| | Неоправдани | **1948** | | | **110** | **438** | **17** | **896** | **1892** | **160** | **5461** |
| | Се | **5183** | **2408** | **1943** | **2341** | **2298** | **2696** | **4846** | **5489** | **2657** | **29 861** |

**Во учебната 2020/21** (вк.854 ученици) година има 875 неоправдани изостаноци во одделенска настава, а во предметна 2057, вкупно 2932 или 3.43 по ученик. Оправдани изостаноци во одделенска настава 2081, а 2729 во предметна настава или вкупно 4810 оправдани изостаноци. 5.63 по ученик

Оправдани и неоправдани изостаноци има 7742, или во просек 9,07 изостаноци по ученик. Во учебната 2020/21 учениците од IV-IX одд.наставата ја следеа on line.

**Неоправдани изостаноци по ученик изнесува 3.4 по ученик**

**Во учебната 2021/22**г(вк.786 ученици) година се направени 2496 неоправдани изостаноци во одделенска настава, а во предметна настава 2965 изостаноци или вкупно 5461 неоправдани изостаноци или 6.94 по ученик

**Неоправдани изостаноци по ученик изнесува 6.9 по ученик**

Оправдани изостаноци во одделенска настава има 11 677, а во предметна 12 723, или вкупно 24 400 изостаноци. Вкупно оправдани и неоправдани изостаноци има 29 861.

Од горе наведеното во уч. 2020/21 год има направено помал број изостаноци, во однос на учебната 2021/2022 год. Една од целите во развојното планирање, како и акциониот план, беше намалување на неоправданото отсуство од наставата.

Во таа насока училиштето презеде активности:
-анализа на причините за отсуство од настава;
- индивидуална советодавна работа со ученици;
-индивидуална советодавна работа со наставници;

-индивидуална советодавна работа со родители;
-вклучување во работилници „Права, одговорнисти, правила на однесување“
-вклучување на учениците во проекти, презентации, јавни настапи;
-формирање на тимови за подршка за ученици кои нередовно ја посетуваат наставата;
-реализирани посети на семејства.

***Табела 4* Изостаноци за две учебни години (одделенска и предметна настава)**

| *Учебна година* | | **2020/21** | **2021/22** |
|---|---|---|---|
| *Опис* | | | |
| *Одделенска настава* | *Оправдани* | 2081 | 11677 |
| | *Неоправдани* | 875 | 2496 |
| | *Сè* | 2956 | 14173 |
| | *Просек по ученик* | **6,04%** | ***30,68%*** |
| *Предметна настава* | *Оправдани* | 2729 | 12723 |
| | *Неоправдани* | 2057 | 2965 |
| | *Сè* | 4786 | 15688 |
| | *Просек по ученик* | **13,11%** | ***48,42%*** |
| *Тотал* | *Оправдани* | 4810 | 24400 |
| | *Неоправдани* | 2932 | 5461 |
| | *Сè* | 7742 | 29861 |
| | *Просек по ученик* | **9,07%** | ***37,99%*** |

***Педагошки мерки:***

- ***Одделенска настава – нема изречени педагошки мерки***

***Педагошки мерки:***

- ***Предметна настава***

*Табела 2 – Изречени педагошки мерки*

| Учеб год | 2020/21 | | | | 2021/22 | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Полугодие | | Крај | | Полугодие | | Крај | |
| Одд | добро | нез | добро | нез | добро | нез | добро | нез |
| VI | / | / | / | / | / | / | / | / |
| VII | / | / | 1 | / | / | / | 1 | / |
| VIII | / | / | 1 | / | / | / | 2 | 1 |
| IX | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Вкупно | / | / | 2 | / | / | / | 3 | 1 |

* Изречените педагошки мерки се изречени поради голем број на неоправдани изостаноци. Имено учениците со семејствата се заминати во странство без да побараат преведница од училиштето.

Директорот на училиштето формира Тим за поддршка на учециците со изречени педагошк мерки. За ваквите ученици се информира и просветниот инспектор на општина Кисела Вода.

**Користени извори:**

-Увидот во педагошка евиденција и документација;
-Анализи на стручни соработници;
-План за советување на ученици и родители;
-Покани и записници од реализирани советувања со родители;
-Известувања до инспектор ОКВ;
-Реализирани активности од акциониот план;
-Списоци на ученици за кои се исплатени патни надоместоци;
-Годишни и полугодишни извештаи.

## ➢ Осипување на учениците

**Собрани податоци и информации:**

Во претходните две учебни години во врска со осипувањето на учениците собрани се податоци кои укажуваат дека во учебната 2020/2021 година осипани се вкупно 22 ученика од кои 14 ученика се осипани во друго училиште на територија на град Скопје, во странство вкупно 8 ученика, а во учебната 2021/2022 година осипани се вкупно 102 ученика од кои 102 ученика се осипани во друго училиште на територија на град Скопје, ученика на територија на РСМ, додека 3 ученици се осипани во странство.

Табела 1 Осипување на ученици

| | 2020/21 | | | 2021/22 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Во друго училиште | | Во странство | Во друго училиште | | Во странство |
| | во Скопје | во РСМ | | во Скопје | во РСМ | |
| *Одделенска настава* | 11 | / | 5 | 55 | / | 1 |
| *Предметна настава* | 3 | / | 3 | 47 | / | 2 |
| *Вкупно:* | 14 | / | 8 | 102 | / | 3 |

**Користени извори:**

-Известувања
-Дневник на паралелката;
-Барања, Согласности,Преведници;
-Матична книга

## ➢ Премин на учениците од едно училиште во друго

Табела 2 Отпишани ученици за две учебни години

| | 2020/21 | | 2021/22 | |
|---|---|---|---|---|
| | Во друго училиште | Во странство | Во друго училиште | Во странство |
| *Одделенска настава* | 11 | 5 | 55 | 1 |
| *Предметна настава* | 3 | 3 | 47 | 2 |
| *Вкупно:* | **14** | **8** | **102** | **3** |

Табела 3  Запишани  ученици за две учебни години

| | **2020/21** | | **2021/22** | |
|---|---|---|---|---|
| | од друго училиште | од странство | од друго училиште | од странство |
| *Одделенска настава* | 5 | / | 5 | 1 |
| *Предметна настава* | 1 | / | 2 | / |
| *Вкупно:* | **6** | **/** | **7** | **1** |

**<u>Собрани податоци и информации:</u>**

Училиштето редовно го следи осипувањето на учниците, ги анализира причините и во соработка со родителите, локалната самоуправа и граѓанските организации планира и превзема активности за намалување на осипувањето на учениците. При преминот на учениците од едно училиште во друго,  училиштето постапува според процедурите утврдени  со Законот за основно образование (барање за согласност, согласност за прием, преведница, известување за прием на ученикот).

Во изминатите две учебни години запишани се вкупно **14** ученика, а отпишани вкупно **127** ученика. Од бројот на отпишани **<u>11 ученика се заминати во странство</u>** поради преселување, а **<u>5 ученика школувањето го продолжија во основно училиште за возрасни</u>** „АС Макаренко“. Наголемиот број на отпишани ученици се од  причина што се отвори ново подрачно училиште на ООУ„Алија Авдовиќ„ во с. Љубош.

**<u>Користени извори:</u>**

-Известување на училиштето до надлежните органи (Општински просветен инспекторат)
-Список на запишани и отпишани ученици;
- Барање, Согласности, Преведници;/Дневник на паралелката;/Матична книга

# 2.3 Повторување на учениците

- **Учениците што не ја завршуваат годината**

**<u>Собрани податоци и информации:</u>**

**Табела 1 Ученици кои не ја завршили годината**

*

| | | **Одделенска настава** | | **Предметна настава** | | **Вкупно** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *Повторувачи* | ***2020/21*** | **/** | **/** | **4** | **1,1** | **4** | **1,1** |
| | ***2021/22*** | **5** | **1,08** | **3** | **0,92** | **8** | **2,0** |
| | | | | | | | |
| *Вкупно ученици* | ***2020/21*** | **497** | | **370** | | **867** | |
| | ***2021/22*** | **462** | | **324** | | **786** | |
| | | | | | | | |
| *Среден успех* | ***2020/21*** | **4,58** | | **4,24** | | **4,35** | |
| | ***2021/22*** | **4,26** | | **4,22** | | **4,24** | |
| | | | | | | | |

Имено учениците (повторувачи)  од одделенска настава  во учебната 2021/2022 година 3 ученици во прво одделение со согласност од родителите повторуваат бидеејќи покасно се вклучија во наставата. На 2 ученици (повторувачи) од предментна и 2 ученика (повторувачи) од одделнеска настава им беше организиран класен испит но не се појавени на истиот поради заминување во странство, 2 ученика го продолжуваат воспитно-образовниот процес во училиштето за возрасни АС ,,Макаренко,,. 1 ученик повторува со 3 или повеќе негативни оценки.

**Користени извори:**

-Увид во педагошката евиденција и документација;

-Записници од одделенски испити

-Правилник за видови награди, пофалби и педагошки мерки;

-Годишни извештаи;

| **Јаки страни:** |
| --- |
| • Училиштето има изготвено пишана процедура за оценување на знаењата на учениците, како и Етички кодекс за оценување на постигнувањата на учениците;<br>• Има изградено политика за запишување на ученици-првачиња, вклучувајќи и деца со посебни образовни потреби;<br>• Училиштето континуирано го следи осипувањето на учениците и ја почитува законската постапка за премин од едно училиште во друго;<br>• Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигнувањата на учениците според пол, етничка припадност за сите квалификациони периоди, како и преминот од описно во бројчано оценување;<br>• Успехот и постигнувањата на учениците, училиштето континуирано ги следи, се прават анализи и споредби и се преземаат активности за подобрување на постигнувањата;<br>• За учениците кои се од семејства со ниско социјално-културно и економско ниво училиштето нуди поддршка со цел подобрување на успехот и редовноста во училиште;<br>• Училиштето развива систем и организира заеднички активности со ученици од мешан состав во рамките на училиштето или со партнерско училиште на друг наставен јазик; |
| **Слаби страни:**<br>• Присутен е голем број на неоправдани изостаноци кај учениците во одделенска настава и предметна настава |
| **Идни активности / приоритети:**<br>• Континуирано индивидуално советување со ученици, родители и наставници се со цел на подигнување на свесноста за потребата од образование;<br>• Доследна примена на Куќниот ред, Кодексот на однесување и Правилникот за видовите пофалби, награди и педагошки мерки;<br>• Со примена на современи нагледни средства и различни методи и техники да се зголеми мотивацијата кај учениците за следење на наставата;<br>• Доследно почитување на распоредот за дежурства на наставниците;<br>• Поголема ангажираност на тимовите за подршка на учениците со изречени педагошки мерки;<br>• Вклучување на ученици, родители и наставници во работилници, јавни настапи, презентации и сл. |

# ПОДРАЧЈЕ III

# УЧЕЊЕ И НАСТАВА

**3.1 Планирање на наставниците**

**3.2 Наставен процес**

**3.3 Искуство на учениците од учење**

## 3.4 Задоволување на потребите на учениците

## 3.5 Оценувањето како дел од наставата

## 3.6 Известување за напредокот на учениците

## 3.1 Планирања на наставниците

- **Поддршка и следење на планирањата на наставниците**

Собрани податоци и информации:

За успешна реализација на воспитно-образовниот процес неопходни се квалитетни планирања од страна на сите наставници, како и нивно имплементирање во процесот на наставата. Во училиштето од страна на раководниот орган и стручната служба е воспоствен систем за следење и поддршка на планирањата на наставниците.

На почетокот од учебната година секој наставник доставува годишни глобални планирања, тематски планирања за одделенска настава, тематски процесни планирања за предметна настава, план за Еко-активности, план за ОЖВ, план за МИО, план за додатна и дополнителна настава, план за воннатавни активности, план за оценување, план за посети и екскурзии, план за одделенски натпревари, план за соработка со родители.

Следењето на планирањата на наставниците го врши директорот, психологот и педагогот на училиштето. Дефектологот дава подршка при изготвување на ИОП и Модифицирана програма за учениците со ПОП. Тимот за меѓуетничка интеграција им дава поддршка на наставниците за вградување на целите од образованието за меѓуетничка интеграција во планирањата на наставниците.

За секој наставник се води Педагошки картон и Професионално досие.

Анкета наставници – Тврдење **„Педаготот дава подршка на наставниот кадар при изработка на годишно, тематско-процесно планирање и оперативен план за час“.**

| | |
|---|---|
| **Потполно се согласувам** | **75.5%** |
| **Делумно се согласувам** | **22.4%** |
| **Не се согласувам** | **2.1 %** |

Користени извори:
-Годишни глобални планирања;Тематски планирања / тематски процесни планирања, неделни планирања;
-Планирања за додатна, дополнителна, воннаставни активности;
-ИОП и модифицирана програма;
- Евидентни листи за наставници;
- Е-Дневник на паралелката;
- Педагошки картон;
- Професионално досие;
-Анкета наставници.

## ➢ Индивидуални планирања на наставниците;

Собрани податоци и информации:

Наставниците од одделенска настава изготвуваат дневни подготовки, а наставниците од предметна настава изготвуваат тематско-процесно планирање, со конкретно поставени цели кои треба да се постигнат на часот, очекувани исходи, потребни ресурси, методи и форми на наставна работа, техники за учење, активности на часот, како и начини на оценување на постигнувањата на учениците, примена на електронски содржини и напатствија за домашна работа. Во учебната 2021/22 година во прво и четврто одделение наставата се реализираше по нова наставна програма и согласно насоките од БРО и МОН наставниците изготвија нови планирања. Согласно новите насоки се изготвуваат и неделни планирања и истите се споделуваат до родителите. Наставниците изработуваат и критериуми за оценување, со што на учениците, родителите им се дава до знаење кои цели треба да ги постигнат за соодветна оценка. На овој начин се постигнува поголема транспарентност, јасност и доследност во оценувањето на учениците. За учениците со потешкотии согласно МКФ проценка до крајот на месец октомври во тековната година се изготвуваат ИОП. Подршка во планирањето и изготвувањето на индивидуалните образовни планови дава и ресусниот центарот за подршка за работа со деца со ПОП.

Користени извори:
-Извршен увид во планирањата на наставниците;
-Образец за оценување на планирање и подготовка на час;
-Дневна подготовка;
-Тематско процесно планирање;
-Неделно планирање;
-Педагошки картон;

## ➢ Размена на искуства и информации при планирањето;

Собрани податоци и информации:

Наставниците на ниво на активи (одделенска и предметна настава), тимски разменуваат искуства, исто така се организираат работилници за споделување на искуствата меѓу наставниците, на ниво на генерација, разменуваат искуства со колегите од претходната учебна година со цел надминување на недостатоците. А тоа може да се види и од приложените податоци од анонимната анкета за наставници подолу на табелата.

Анкета наставен кадар: Тврдење: „**Наставниците разменуваат искуства и идеи на ниво на стручни активи**"

| | |
|---|---|
| **Потполно се согласувам** | **65.3%** |
| **Делумно се согласувам** | **32.7%** |
| **Не се согласувам** | **2.0 %** |

**65.3%** во целост се согласуваат и **32.7%** делумно се согласуваат. Многу мал процент сметаат дека наставниците не разменуваат идеи на стручните активи.

Анкета наставен кадар: Тврдење: **„Постои соработка помеѓу наставниците од иста или различна група на предмети".**

| | |
|---|---|
| **Потполно се согласувам** | **61.2%** |
| **Делумно се согласувам** | **36.7%** |
| **Не се согласувам** | **2.1 %** |

Многу е мал процентот на наставници кои сметаат дека не постои соработка од иста или различна група на предмети.

Користени извори:

- Планирањата на наставниците;
- Записници од стручни активи.
- Анкета на наставници.

### ➢ Распоред на часови

Собрани податоци и информации:

Согласно со годишната програма за работа на училиштето и одлука на наставничкиот совет, распоредот на часови за одделенска настава се изработува на ниво на активи по генерација, при што се води сметка часовите да бидат правилно распоредени. Во предметна настава распоредот го изработува предметен наставник според просторните и кадровските можности на централното и подрачното училиште. На ниво на активи се изработува и распоред за реализација на додатна и дополнителна настава и истиот на месечно ниво се изготвува и е истакнат на видно место во училишниот хол.

Анкета –Ученици

Тврдење: „**Распоредот на часови е соодветно изготвен за реализација на наставната програма**"

Резултати: Во целост е така 67.9%, делумно 26.2% и воопшто не е така 6%. Од приложеното се воочува на поголем број позитивно изјаснети ученици.

Користени извори:

- Записник од наставнички совет;
- Годишна програма на училиштето;
- Распоред;
-Анкета ученици.

## 3.2 Наставен процес

### ➢ Наставни форми и методи

Собрани податоци и информации:

Наставата се реализира во училници и кабинети со исполнетост на сите стандарди за простор и опременост.

При реализација на наставата, од страна на голем број на наставници, се користат современи наставни методи, форми и техники на работа кои се соодветни на потребите на учениците и нивните стилови на учење.

Методите на работа кои се користат се планирани за работа со учениците индивидуално, во пар, во групи или со цела паралелка. На овој начин успешно се развиваат индивидуалните вештини за учење на секој ученик, како и вештините за соработка и комуникација. Низ индивидуална, тандемска и групна работа со учениците се применуваат повеќе активни методи: учење преку проекти, математика со размислување, учење преку игра, техники и методи од јазична писменост, истражување, решавање проблеми со интегрирање на ИКТ, он лајн учење и др.

Наставниците користат одобрени учебници и дополнителна прирачна литература од Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието. Во учебната 2021/2022 година согласно новата концепција учениците од четврто одделение користеа електронски учебници, а МОН достави печатени учебници за 20% од вкупниот број на четвртоодделенци. За таа цел во училниците во 4 одделение беа набавени смарт телевизири и компјутер за секој наставник.

Училиштето има процедура (протокол) за следење на наставниот процес. Посета на часови врши директорот и педагогот на училиштето и притоа се користат инструменти за евиденција. По реализираните посети заеднички се врши анализа на посетениот час. Континуирано во текот на учебната година се врши опсервација на часовите од додатна и дополнителна настава. Реализираните посети и анализи на часовите упатуваат на потреба од почеста опсервација и размена на искуства, особено кај наставниците на кои им тече приправничкиот стаж.

**Анкета за ученици**:

Од спроведената Анкета со ученици, на прашањето **„На часовите често работиме тимски и во групи“**, **32,1%** во целост и **60,7%** дека делумно се согласуваат дека работат тимски и меѓусебно соработуваат. 7.1% од учениците се изјасниле дека воопшто не се применува тандемската и групната форма на работа на часовите. Резултатот од анкетата укажува на примена на тандемската или групната форма на работа, особено во предметна настава.




Акета родители **„Моето дете вели дека часовите на училиште се интересни“**




Акетата покажува на висок процент на родители кои сметаат дека часовите на учениците им се интересни.

<u>Користени извори:</u>
- Анкета;

- Портфолио на наставникот;
- Евидентни листи;
- Педагошки картон;
-Тематски и дневни планирања;
-Инструменти за опсервација на час за редовна настава;
-Инструмент за следење на додатна и дополнителна настава;
-Педагошка евиденција за додатна и дополнителна настава;
-Чек листи од ДПИ и извештаи од спроведени инспекциски надзори;
-Извештај за опсервирани часови.

## ➢ Избор на задачи, активности и ресурси

Собрани податоци и информации:

Наставниците ги планираат задачите и активностите кои треба да се реализираат во училиштето или како домашна работа, а истите, од страна на повеќе наставници, се прилагодени на потребите на учениците за да ги постигнат предвидените цели на наставата. Наставниците применуваат диференциран пристап при што задачите и активностите со различно ниво на сложеност се прилагодени на образовните потреби на учениците и нивните индивидуални способности.

Во училиштето се користат расположливите ресурси: персонални компјутери, лаптопи, таблет-уреди, смарт-табли, печатари, смарт телевизори, ЛЦД-проектори, слајд проектор, касетофони, клавинова и клавир, ДМИ, стручна литература, весници и списанија, документи и обрасци, географски и историски карти, глобус, компас, лупи, магнети, ваги, стортски реквизити и надгледни средства за часовите по физика и хемија. На располагање на учениците се и големиот број на енциклопедии, лектирни и други изданија од училишната библиотека.Често се користат и информации од интернет, до кои учениците доаѓаат преку истражување и истите ги презентираат пред соучениците.

Тврдење: „**Наставниците ни даваат премногу домашни работи.**“
Во однос на горенаведеното тврдење 10.7% од учениците се изјасниле дека во целост е така, 40.5% делумно и 48.8% дека воопшто не е така. Врз основа на резултатите може да се заклучи следно: Многу мал број ученици се изјасниле дека наставниците им даваат премногу домашни работи.
Користени извори:
-Процесно планирање;
- Дневно планирање;
- Инструменти за следење на наставниот час;
-Чек листи од ДПИ;
-Извештај од училишната библиотека.

## ➢ Интеракција меѓу наставниците и учениците;

Собрани податоци и информации:

Во училиштето е воспоставена добра интеракција на учениците меѓу себе и наставниците. Учениците се запознаени со целите на наставата и очекуваните исходи. Во процесот на поучување и учење се користат различни методи на интеракција со учениците, со цел да се подобри учењето и да се стекнат трајни знаења. На овој начин се гради доверба помеѓу наставниците и учениците.

Најчести методи на интеракција се: поставување прашања, критичко размислување, поттикната дискусија, практична активност, изработка на проекти, изведбени активности, истражување, оценување и поттикнување на самооценување од страна на учениците, поттикнување на бура идеи и други техники за учење.

**Анкета – ученици**
Од приложениот доказ-Анкетата за ученици, на прашањето(бр.18) **„Наставниците се подготвени да ми помогнат доколку имам потреба за тоа.“** Голем број од учениците позитивно се изјасниле,

односно **63%** во целост се подготвени да им помогнат на учениците, а **32%** наставници делумно се подготвени да им помогнат.




Од приложениот доказ-Анкета на ученици, на прашањето -**„Поголем број од часовите се досадни“** во споредба со претходната самоевалуација процентот е подобрен, што значи досегашните активности на училиштето за внесување на нови техники, методи, форми и нови современи алатки вродија со плод. Но, сепак училиштето ќе продолжи со превземање различни активности за зголемување на иновативноста и креативноста на наставниците се со цел часовите да бидат што поинтересни за учениците.




На прашањето од Анкетата за ученици **„Наставниците ме поттикнуваат на самостојна работа“** може да се види дека само мал дел **3,6%** не се согласуваат со таа констатација. Односно голем дел од ученицте 58.3 во целост и делумно 38.1% се изјасниле дека се поттикнувани на самостојна работа.



**Анкета родители:**




**Анкета:**
На тврдењето **„Постои взаемна почит и разбирање помеѓу наставниот кадар и учениците“**, наставниците и родителите беа анкетирани и добиени се следните резултати во табелата:

| Анкета | Во целост е така | Делумно е така | Воопшто не е така |
|---|---|---|---|
| **Родители** | **78,6%** | **18,7%** | **2,7%** |

Мислењето на родителите кое може да се види од доказите од приложената Анкета за родители- покажува **78,6%** од родителите се изјасниле дека во целост се согласуваат, нивните ученици се почитувани од страна на наставниците, а **18,7%** делумно се согласуваат .

Користени извори:
-Анкета со ученици, родители, наставници;
-Извештаи за реализираните проекти;
- Пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес.

## ➢ Приод на наставникот кон учениците;

Собрани податоци и информации:

Во училиштето се користат позитивни приоди за да се поттикнат и мотивираат учениците активно да земаат учество во наставниот процес (преку пофалби, разговори). За поттикнување на пријатна и стимулативна работна клима во училницата, наставниците даваат јавни пофалби на учениците пред целата паралелка, на Наставнички совет се пофалуват учениците кои се истакнуваат во наставата, а на крајот од учебната година се избира најдобар ученик - првенец на генерација и ученици со континуиран одличен успех. Поголем број од наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување, помош и соработка, без оглед на нивниот пол, социјалната положба, етничката и религиска припадност.

**Анкета –ученици**

На прашањето **-„Наставниците не поттикнуваат и пофалуваат“**, од Анкетата за ученици, **52,4 %** од учениците се изјасниле дека во целост е така, а 44% делумно е така. Многу мал број односно **3.6 %** од учениците сметаат дека наставниците воопшто не пофалуваат и не поттикнуваат.




- **„Наставниците подеднакво се однесуваат кон сите ученици“:**

| Анкета | Во целост е така | Делумно е така | Воопшто не е така |
|---|---|---|---|
| **Родители** | **75,9%** | **18,7%** | **5,4%** |

- Тврдење Анкета ученици **„Наставниците подеднакво се однесуваат кон сите ученици“:**




Добиените одговори од родителите и учениците зборуваат за добар однос на наставниците кон учениците и промовирање на еднакви односи кон сите ученици кои ќе бидат засновани на почит и соработка.

<u>Користени извори:</u>
- Материјали од анкета-прашалници со ученици и родители;
- Записници од одделенски и наставнички совет.

- **Следење на наставниот процес;**

<u>Собрани податоци и информации:</u>

Училиштето има пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес. Од страна на директорот, психологот и педагогот се реализираат посети на час, а потоа заедно со наставникот се врши анализа на опсервираниот час (се користи „критичка формула“, инструмент за опсервација на часот и формулар за самопроценка).

Во текот на учебната 2020/2021 поради ковид пандемијата часовите се одржуваа онлајн. Наставниците од одделенска ( IV и Vодделение) и предметна настава беа опсервирани од страна на стручната служба преку националната платформа teams.
Врз основа на посетените часови изготвен е Извештај каде што детално се анализирани следните подрачја:

1.Планирање и подготовка на часот;
2. Организација, тек и изведба на часот;
3. Комуникација со учениците;
4. Оценување на учениците;
5. Создавање на безбедна и стимулативна средина за учење;

Особено внимание беше посветено на наставниците – приправници.
Овие резултати може да се видат од спроведената Анкета за наставници „**Се врши посета на наставните часови и заедничка анализа на истите“**); Односно потполно се согласувам вкупно **79,6%** и делумно **20,4%;**




Користени извори:
-Анкета/прашалник за наставен кадар;
-План за посета на часови;
- Инструмент за опсервација на наставен час.;
-Записници и списоци од Училишен парламент;
-Извештај од реализирано следење на наставни часови;

## 3.3 Искуства на учениците од учењето;

### ➢ Средина на учење

Собрани податоци и информации:

| ➢ **Име на училиштето** | **Општинско основно училиште „Рајко Жинзифов“ Кисела Вода-Скопје, Симбол на пријателството на Кина и Северна Македонија** |
|---|---|
| **Адреса, општина, место** | ул.„Иван Хаџиниколов“ бр.2, Кисела Вода, н.Драчево |
| **Телефон** | 02/ 2791-025 |
| **Фах** | 02/ 2791-025 |
| **Основано од** | 1964 година |
| **Верификација - бр. на актот** | 15-1943 |
| **Година на верификација** | 1985 година |
| **Јазик на кој се изведува наставата** | македонски јазик |
| **Година на изградба** | 2014 |
| **Тип на градба** | тврда градба – катна |
| **Површина на објектот и коридорот** | **4,276 м2** |

| | |
|---|---|
| **Фискултурна сала** | **658 м2** |
| **Површина на училишен двор:**<br>**-спортска сала**<br>**- спортски игралишта**<br>**- кошаркарско игралиште**<br>**- фудбалско игралиште**<br>**- атлетска патека**<br>**- просотор за активности и поле за науки** | **13,758 м2**<br>**658m²**<br>**3,642 м2**<br>**901 м2**<br>**1,785 м2**<br>**956 м2**<br>**10,116 м2** |
| **Училиштето работи во смена** | Една смена |
| **Начин на загревање на училиштето** | сопствено парно греење |
| **Број на одделенија** | 9 |
| **Број на паралелки** | 2020/21г.37 +1 дневен престој во ПУ Пинтија<br>2021/22 г.38+1 дневен престој во ПУ Пинтија |
| **Број на смени** | 2 /подречно учил. 1/централно училиште |

Користени извори:
-Програма за работа на училиштето;
- Полугодишни и годишни извештаи;
-Програма и записници од Училишен парламент;

## ➢ Атмосфера за учење;

Собрани податоци и информации:

Поголем број од анкетираните ученици се задоволни од училиштето, предавањата им се јасни и сакаат да одат на училиште. Учениците се здобиваат со знаења кои ќе ги применуваат во секојдневниот живот и ќе им послужат во понатамошното образование.

На часовите се охрабруваат и мотивираат учениците од страна на наставниците за нивно активно вклучување. Се настојува учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Сепак 15,5**%** од учениците се изјасниле дека часовите се досадни и неинтерсни; делумно 42,9%, а за **41,7** % од испитаниците се изјасниле дека тоа воошто не е така.

## Анкета – ученици:

| Тврдење | Во целост е така | Делумно е така | Воопшто не е така |
|---|---|---|---|
| Задоволен сум од моето училиште | **67.3** | **27.6** | **5.1** |
| Сакам да одам во училиште | **66.7** | **29.8** | **3.5** |

Користени извори:
- Анкета за ученици;
- Инструмент од опсервиран час;
- Записници од Ученички парламент;
- Евидентни листи за разговор со ученик;

## ➢ Поттикнување на учениците за преземање одговорност;

Собрани податоци и информации:

Учениците не се секогаш во можност да го искажат своето мислење и тоа да биде земено во решавање на проблеми и одлучувања, особено кога го искажуваат своето мислење во однос на оценувањето.

Учениците превземаат различни одговорности во училиштето, во и надвор од наставата, вклучувајќи се во повеќе училишни проекти. Состаноците на Училишниот парламент редовно се реализираат, најмалку еднаш месечно.

Преку интегрираните еколошки содржини, заедничките и самостојни МИО активности и едукатвните активности од проектот „Училиште без насилство" преку активностите на училишниот правобранител учениците се поттикнуваат низ разни форми препознавање насилство и со своето позитивно однесување да влијаат и на останатите ученици и да превземаат лична одговорност.

Анкета-ученици Тврдење: **„Во училиштето постојат јасни правила на однесувањеа"**

Во целост е така се изјасниле 73.8 %

Делумно 21.4 %

Воопшто не така 4.8%

Од приложеното се гледа дека многу е мал бројот на ученици кои сметаат дека во училиштето не постојат јасни правила на однесување.

Користени извори:

-Евидентна тетратка за добиени награди;

-Листа на ученици вклучени во работилници, проектни задачи,натпревари;

-Увид во листата на вклучени ученици во проектот „Училиште без насилство" еко-одборот, еко-секцијата, еко-патролите;

- Увид во листата на вклучени ученици во Училишен парламент;

-Записници и списоци од Ученички парламент;

-Анкета – ученици.

### ➢ Интеракција на учениците меѓу себе со возрасните во училиштето;

Собрани податоци и информации:

**Анкета – ученици**

| Индикатор | Во целост е така | Делумно е така | Воопшто не е така |
|---|---|---|---|
| Во училиштето постојат јасни правила на однесување | **73.8** | **21.4** | **4.8** |
| Училиштето води грижа за мојата безбедност во училиштето | **67.9** | **26.2** | **5.9** |
| Наставниците ме почитуваат | **75** | **23.8** | **1.2** |
| Кога сум разговарал/а или кога сум бил/а вклучен/а во некоја работилница стручните соработници со почит се однесувале кон мене | **83.3** | **15.5** | **1.2** |
| Директорот одржува добри односи со учениците | **81** | **19** | **/** |

Користени извори:

- Анкета за ученици;
- Програма и записници од работата на Училишен парламент.

## 3.4 Задоволување на потребите на учениците

### ➢ Идентификување на образовните потреби на учениците;

Собрани податоци и информации:

Наставниот кадар и стручните соработници систематски ги идентификуваат интелектуалните и образовните потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење на секој ученик. Во согласност со идентификуваните потреби се превземаат активности за нивно реализирање.

Најголем број од наставниците им ја обезбедуваат потребната помош на учениците за да ги работат зададените задачи, да учествуваат во активности на часот, да користат ресурси и стилови на учење според нивните способности и потреби. На почетокот на учебната година наставниците им соопшуваат целите и очекуваните исходи кои треба да ги постигнат согласно националните стандарди.

Анкета –ученици Тврдење **„На почетокот на учебната година наставниците ни кажуваат што ќе учиме"**

Резултати:

Во целост е така 79.8%

Делумно 15.5 %

Воопшто не е така 4.7%

За учениците со пониски интелектуални способности, се изработува план со дефинирании диференцирани цели кои треба ученикот да ги постигне. За учениците со повисоки интелектуални способности, се реализираат работилници за поттикнување и развој на креативно мислење од страна на одредени наставници и стручни соработници (педагог и психолог).

Од страна на одделенските и предметните наставници се реализира додатна настава и подготвување на учениците за регионални, државни и меѓународни натпревари. Образовните потреби се идентификуваат според постигнатите резултати по одреден предмет, активност на час, интересот на одредени ученици во одредени области и сл.

Користени извори:

-Дефинирани образовни цели- наставници;
- Портфолио наставници;
-Извештај од посетени часови;
- Евиденција за увид на постигнати резултати од натпревари.

## ➢ Почитување на различните потреби на учениците во наставата;

Собрани податоци и информации:

Во процесот на поучување наставниците користат интерактивни техники со кои им се дава можност на учениците со различни стилови на учење да научат најмногу што можат. На ниво на активи реализирани се работилници со презентации за примена на современи техники за учење: **Иновативни техники за учење: „Бура на идеи" , „Ленти на приказната", „Шест шешири", „Техника Инсер", „Петоред" , „ Клучни зборови" „Математика низ игра", „Стави го бројот на вистинското место", „Мистериозна математика", „Поштар пошта носи", „Јас сум 25".** За време на вонредната состојба поради вирусот Ковид 19, во учебната 2020/2021 наставата се реализираше преку далечинско учење **"Национална платформа за учење на далечина-Microsoft Teams"** со двонасочна комуникација. Преку Microsoft Teams се одржаа стучни активи на кој се презентираа електронските алатки и платформи**: Word art generator, That Quiz, Live worksheets, Zoom-табла, Dropbox, Google Forms, Jetminds, Google Drive и др.**

Анкета-ученици Тврдење **„Наставницте се оспособени успешно да реализирааат online настава преку платформата Microsoft Teams"**

**Резултати**

Во целост е така 59.5%

Делумно 34.5 %

Воопшто не е така 6.0%

Незначителен е процентот на ученици кои сметаат дека Наставницте не се оспособени успешно да реализирааат online настава преку платформата Microsoft Teams".

Со цел да се задоволат потребите на учениците во наставата се дава можност да се определат за еден од понудените три изборни предмети, можност да се вклучат во секции, како и нивно вклучување во додатна или дополнителна настава;

- Учениците имаа можност да изберат:

а) одделенска настава – 4 одделение Творештво, Одбојка, Театарски работилници, Образование на животни вештини, Сликање, цртање и вајарство, Оригами;
б) предметна настава- Запознавање на религии, Етика на религии, Класична култура на европска цивилизација, Унапредување на здравје, Проекти од ликовна уметност, Проекти од информатика, Програмирање, Нашата татковина, Истражување за родниот крај.

Користени извори:
-Постапка за избор на наставни предмети;
-Анкета - изборен предмет;
-Педагошки картон;
-Професионално портфолио;
-Извештаи;
-Анкета-ученици;
-Интернет страна на училиштето.

# 3.5 Оценувањето како дел од наставата;

- **Училишна политка за оценување;**

Собрани податоци и информации:

Училиштето ги применува законските прописи што го регулираат оценувањето на учениците.Училиштето има писмена процедура за оценувањето, во која основната цел е да го поддржи учењето на секој ученик, вклучувајќи и кодекс на оценување. Учениците и родителите се информирани како со стандардите за оценување така и со кодексот на оценување. Се користат разновидни форми, методи и инструменти за следење како и за формативно, микросумативно оценување на постигањата на учениците. Наставниците водат портфолио за постигањата на учениците, а родителите на почетокот од учебната година добиваат флаери со цели по предмети кои треба да се усвојат во следниот период. На ниво на активи се изработуваат планирања за оценување, наставниците и стручните соработници вршат континуирано анализа на успехот по повеќе основи (одделенска-предметна; описно-бројчано оценување, успех по пол и етничка припадност, успех во различни класификациони периоди). Со цел да се зголеми објективноста при оценување на постигањата на учениците во училиштето се следат портфолијата на наставниците со применетите инструменти и постапки при формативно и сумативно оценување согласно направениот план за оценување. Учениците се вклучуваат во оценувањето преку самооценување, оценување во парови, на ниво на паралелка свое мислење дава и одделенската заедница, како и портфолиото на учениците. За учениците со ПОП оценувањето се врши според ИОП.

## Анкета – ученици

| Индикатори | Во целост е така | Делумно | Воопш. не е така |
|---|---|---|---|
| Оценувањето од поголем број наставници е објективно | **58,8** | **29,8** | **11,9** |
| Кога ме оценуваат наставниците ги гледаат оценките и од другите предмети | **26,2** | **28,6** | **45,2** |
| Наставниците јасно ни ги кажуваат критериумите за оценување | **72,6** | **22,6** | **4,8** |
| Наставниците при оценување го земаат во предвид и моето мислење | **27,4** | **51,2** | **21,4** |
| Наставниците се престроги во оценувањето | **15,5** | **48,8** | **35,7** |

Добиените резултати од анкетата укажуваат на солиден процент на ученици кои сметат дека оценувањето е објективно **58,83 %,** исто така **26,2 %**од учениците се изјасниле дека кај одреден број на наставници важни се добиените оценки и по другите предмети. **21,4%** од учениците сметаат дека при оценувањето наставниците не го земаат во предвид мислењето на ученикот.

Прикажаните резултати добиени од анкетата со учениците говорат за подобрување на објективноста при оценувањето во споредба со претходната самоевалуација, но потребата од почитување на мислењето на учениците при оценувањето останува и понатаму да биде приоритет.

## Анкета – родители

- **Тврдење:„Поголем број од наставниците објективно го оценуваат нивото на знаење на моето дете“**

| Тврдење | 2014/2015 2015/2016 | 2016/2017 2017/2018 | % | 2016/2017 2017/2018 | 2018/2019 2019/2020 | % | 2018/2019 2019/2020 | 2020/2021 2021/2022 | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Во целост е така | 58,2 | 60,7 | **+2.5** | 60,7 | 72,7 | **+12** | 72,7 | 66,3 | **-6,4** |
| Делумно е така | 40,3 | 34,0 | **- 6,3** | 34,0 | 24,9 | **-9,1** | 24,9 | 28,9 | **+4** |
| Воопшто не е така | 1,5 | 5,1 | **+3,6** | 5,1 | 2,4 | **-2,7** | 2,4 | 4,8 | **+2,4** |

Споредбено со Самоевалуацијата за две учебни години од 2016-2018 година и 2018-2020 година кога подобрувањето било изразено со **+12%,** наредните две учебни години во период од 2018-2020 година и 2020-2022година на истото прашање „Поголем број од наставниците објективно го оценуваат нивото на знаење на моето дете“ процентот опаднал на **-6,4%.**

Користени извори:
-Правилник за оценување и напредок на учениците;
- Постапка за оценување на знаењата на учениците;
-План за оценување на наставниците;
- Пишана процедура за оценување на учениците;
- Кодекс на оценување;
- Критериуми и стандарди на оценување;
-Увид во педагошка евиденција и документација;
-Анкета (ученици, родители);
-Записници од родителски средби.

## ➢ Методи и форми за оценување;

Собрани податоци и информации:

При формативното и сумативното оценување на постигнувањата на учениците наставниците користат повеќе методи: аналитички лист, чек – листа, холистичка листа, прашања со различно тежинско ниво, писмена повратна информација, самооценување, взаемно оценување, објективни тестови, есеи, презентации, демонстрации и изведбени активности, проектни активности. При учење

од далечина наставниците користат различни електронски алатки за оценување, а добиените резултати од ученикот ги чуваат во електронските портфолија на учениците.
Користени извори:
- Портфолио на наставник и портфолио на ученик;
- Педагошки картон;
- Евидентен лист за применети постапки за оценување на учениците;

- **Користење на информациите од оценувањето во наставата;**

Собрани податоци и информации:

Поголем број наставници редовно ги информираат учениците за нивото на своите постигнувања и им даваат повратни усни или писмени информации, со што им се укажува на позитивните страни на нивното учење, но и на слабостите кои треба да ги надминат.

Редовно се даваат повратни информации на учениците за нивната работа, се дискутира со учениците за нивниот напредок и постигнувањата.

Се користат информациите добиени од оценувањето за да го евалуираат и подобрат планирањето на наставата.

Анкета- родители

| Индикатори | Во целост е така | Делумно | Воопш. не е така |
|---|---|---|---|
| Наставниот кадар редовно ме информира за постигањата на моето дете | **78,6** | **14,4** | **7** |
| Поголем број наставници објективно го оценуваат нивото на знаење на моето дете | **66,3** | **28,9** | **4,8** |

Користени извори
-Анкета-родител;
-Записници од родителски средби;
-Пишани повратни информации;
-Евидентни листи;
-Електронски дневник.

# 3.6 Известување за напредокот на учениците

## 1.3.1 Известување на родителите за напредокот на учениците

**Собрани податоци и информации:**

Според законската регулатива училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на учениците во училиштето и доследно го применува. Системот вклучува редовно прибирање информации за постигнувањата на учениците и давање повратна информација на родителите и учениците за индивидуалното нив на постигања на секој ученик. Се реализираат редовни и вонредни родителски средби, индивидуални средби и советувања со родителите. Во пракса во текот на една учебна година најмалку три пати се организираше Отворен ден за родители, кога родителите имаат можност да разговараат и да добијат повратна информација за секој наставник. Но со оглед на вондерните услови за работа поради пандемијата Ковид19, изминативе две учебни години се работеше во строго утврдени правила за учениците и родителите од прво до трето одделение, додека со останатите ученици се реализираше онлајн настава, а со тоа и консултации и контактите со родителите се реализираа по електронски пат Viber, Messenger, mail, Teams и сл. Родителите добиваа информации во форма на Евидентни листови за секој квалификационен период со информации-описна/бројчана оценка за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет по електронски пат(е-дневник). Наставниците редовно пополнуваат Е –дневник за напредокот на учениците, го печатат и архивираат. По потреба се одржуваат и вонредни родителски средби.

**<u>Анкета од родители:</u>**

***Од страна на наставно-воспитниот кадар добивам информации како да му помогнам на своето дете:**

**А) во целост е така- 69,5 %**
**Б) делумно -20,3 %**
**В) воопшто не е така –10,2 %**

Индивидуалните средби се одржуваат по иницијатива на наставникот, психологот, педагогот, директорот или по иницијатива на самиот родител.

Во учебната 2020/2021 година беа реализирани 2 отворени дена и тоа на крајот на првото тримесечје и на крајот на првото полугодие.

Заради новонастанатата ситуација со вирусот Ковид-19, во последните две учебни години 2020-2022 година информирањето на родителите се одвиваше по електронски пат или индивидуална средба под строго одредени услови на отворен простор. Имено секој родител индивидуално беше информиран за постигнувањата на своето дете по електронски пат (елекронска пошта) на крајот од секој квалификационен период.

Според утврден распоред и строги протоколи се реализираа Советувања за родителите чии деца имаат повеќе од три слаби оценки и покажуваат намалување на успехот, ученици кои имаат неоправдани отсуства од настава, како и ученици со отстапувања во поведението.

Табела 1 Советување со родители за две учебни години

| Причини за советување | Ученикот има повеќе од 3 негативни оцени | Ученикот има направено повеќе од 10 неоправдани | Ученикот не се однесува соодветно |
|---|---|---|---|
| **2020/21** | **20** | **14** | **1** |
| **2021/22** | **31** | **8** | **8** |
| **вкупно** | **51** | **22** | **9** |

Постојано се даваат насоки на родителите за соодветна подршка на децата кои имаат потешкотии во учењето.

Секој наставник има определено термин за индивидуални средби со родителите и тоа најмалку еден час седмично видно истакнато на огласната табла за родители. Но, сепак комуникацијата со родителите последните две учебни години се реализираше по електронски пат. Освен во исклучителни ситуации по барање на родител имаше средби под строго определени услови според пропишанирте протоколи и на отворен простор.

Во континуитет се води електронската евиденција на постигањата на учениците, редовноста на учениците и нивното поведение.

Анкета-родители Трврдење: **„Родителските состаноци се добро организирани и добивам корисни информации“.**




Анкета-родители Тврдење: **„Од страна на наставно-воспитно кадар добивам информации како да му помогнам на своето дете“.**




**Користени извори на податоци**
-Увид во педагошка документација и евиденција;
-Анкета со  родители;
-Евиденција на наставниците за остварени средби и соработака со родител;
-Евиденција за реализирани советувања-психолог и педагог;
-Електронски дневник;
-Електронска пошта на наставник;
-Анкета родители.

**Јаки страни:**

- Во училиштето има пропишани и утврдени процедури за планирање, поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на директорот и стручните соработници, наставниците навремено ги планираат: редовната, додатната, дополнителната настава, воннаставните активности и слободните ученички активности што ги содржат сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот;

- Поголем број од учениците и родителите се изјасниле дека училиштето го доживуваат како безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење;

- Најголем број на родители се изјасниле дека добиваат потребни и корисни информации од страна на училиштето и наставниот кадар, како и дека родителските состаноци се добро организирани;

- Наставниците водат портфолио за секој ученик со цел да се следи нивниот напредок.

- Поголем број наставниците редовно им даваат повратни информации на учениците и на родителите за успехот на ученикот;

**Слаби страни:**

- Помал дел од наставниците користат различни наставни методи, стратегии и техники за учење и поучување на учениците, како и примена на различни форми на работа;

**Идни активности/приоритети:**

- Примена на современи методи, стратегии и техники за учење и поучување на учениците;
- Поголема примена на групната и тандемската форма на работа и учење преку проекти;
- Поголема влученост на наставниците во обуки за примена на иновативни образовни технологии (асистивна и компјутерска технологија);
- Размена на искуства на стручните активи;

# ПОДРАЧЈЕ IV

# ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 4.1 Севкупна грижа за учениците

## 4.2 Здравје

## 4.3 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

## 4.4 Следење на напредокот

## 4.1 Севкупна грижа за учениците

- ### Заштита од физички повреди и елементарни непогоди;

Собрани податоци и информации:

Училишниот простор во централното, како и во подрачното училиште, е безбеден за настава. Училиштето има пропишано процедури за заштита од физички повреди, елементарни непогоди и насилство.
Инфраструктурата во подрачното училиштето (мебелот, скалите, подовите) ги задоволуваат потребите за потребна безбедност на учениците. Во училиштето нема опасни места од електричен удар, има заштитни склопки, како заштита од електричен удар, има инсталирани против пожарни апарати, кои редовно се контролираат, има исправна громобранска инсталација.
За дополнителна заштита на учениците и навремено алармирање за одредени ситуации влезот на училиштето и ходниците се под видео надзор. На најфрекфентните места во училиштето како и во некои од училниците се ставија заштитни маски на радијаторите. Училиштето во Годишната програма содржи Програма за заштита и спасување од елементарни непогоди и План за евакуација и местоположба на противпожарни апарати. По холовите во училиштето поставене се патокази за евакуација во случај на елементарна непогода.

Користени извори:
- Програма за работа на училиштето;
- Програма за заштита и спасување од елементарни непогоди;
- План за евакуација и местоположба на противпожарни апарати;
- Програма за работа на директорот;
- Увид во условите за работа;
- Извештаи;

- ### Превенција од насилство;

Собрани податоци и информации:

Училиштето согласно насоките од МОН има подготвено „Протокол за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство злоупотреба и занемарување“, и истиот е презентиран на учениците и е истакнат на видно место во училиштето. Согласно овој протокол училиштето има назначено контакт лица за пријавување на насилсвто. Во текот двете учебни години не е забележано случај со примена на насилство. Се организираат и дежурства од наставници кои водат грижа да не настанат проблеми за време на одморите во училиштето и училишниот двор. Организирани се дежурства и од страна на учениците од деветто одделение. Училиштето има донесено Кодекс на однесување на учениците, наставниците и родителите. Кодексот е истакнат на видно место во училиштето. За нарушување на кодексот и примена на секаков вид на насилство училиштето применува педагошки мерки во согласност со Законот за основно образование и Правилник за видовите на пофалби, награди и педагошки мерки за учениците.

Со цел да се намали степенот на насилство, од страна на стручни соработници беа реализирани кратки работилници и советодавни предавања на темите: насилство, врсничко насилство, интернет зависност, другарство, емпатија, припадност на група, мотивација за успех: натпревар со другите и со самиот себеси, исто така беа реализирани работилници со ученици според проектот „Училиште без насилство“ на следниве теми:

- Што е насилничко однесување;
- Видови насилничко однесување;
- Видови насилничко однесување во училиште-БУЛИНГ;
- И сајбернасилството е насилство;
- Знаци на оној кој што е подложен на насилничко однесување;
- Стратегии против насилничко однесување.

Учениците се насочуваат да препознаат облици на насилство и заштита од истите, како и превенција од меѓусебно насилство, омраза и други видови нетрпение. Во училиштето не се забележани конфликтни ситуации на етничка основа.

Црвен крст на Република Северна Македонија - Општинска организација Кисела Вода во соработка со одделението за превенција при СВР Скопје, реализираше проект насловен како: "Играта на зборови може да повреди". Проектот беше финансиски поддржан од фондот за развој на проекти при Црвен крст на Република Северна Македонија. Училиштниот педагог реализираше соодветна советодавна помош на учениците во ситуации на закани или загрозување на здравјето и безбедноста, а во рамките на работата на Училиштниот парламент учествуваше во реализација на темите **„Сајбер насилство“.**

На ден 15.12.2020 година, со почеток од 18 часот, се одржа вториот Отворен ден по граѓанско образование, овој пат во online издание, кој беше одбележан од страна на учениците од нашето училиште. Темата беше „Сајбернасилство“, предизвик на модерното доба, закана за сите млади генерации кои голем дел од своето слободно време го поминуваат другарувајќи „online“. Под мотото „И сајбернасилството е насилство“ беа презентирани искуства од осум ученици кои несебично споделија што значи да се биде жртва на сајбернасилство и какви се последиците од истото. Настанот го збогати и краткото предавање од страна на гостинот предавач, м – р Вилдан Дрпљанин, правник од Хелсиншкиот комитет за човекови права, кој објасни што претставува сајбернасилството, како да се заштитиме од потенцијално сајбернасилство, како и што може да се преземе во случај да станаме жртви на семејно насилство. Настанот беше модериран од страна на ученикот **Никола Дескоски, ученички правобранител во училиштето**, кој и самиот изрази подготвеност да им помогне на учениците во борбата со сајбернасилството, како и во заштитата на нивните права.

Во рамки на Отворениот ден, на тема „Сајбернасилство“ учениците изработија и кратка информативна брошура која е наменета пред се за учениците од основно образование, а која е постојано достапна за сите на веб страницата.
За целосна безбедност на учениците училиштето има постојана соработка со Полициска станица Драчево при ОКВ.

- Стручните соработници педагог и психолог како и неколку наставници следеа обука „Превенција и борба против трговија со деца“ со цел да се подигне свеста кај наставниците, стручните служби и другите релевантни образовни кадри и училишен персонал (психолошко-педагошка служба), за феноменот на трговија со деца во училиштата, со посебен фокус на трговија за трудова експлоатација на деца. Темите од обуките се десиминираа на ниво на стручни активи.

Вработените во училиштето следеа обука на тема “Безбедност и заштита на работното место” која се одржа на ден 25.11.2021 година. Обуката беше спроведена онлајн од страна на агенцијата “ПРОИСК – безбедност и здравје при работа”.
Родителите со своето искуство така имаа можност да се вклучат во информирањето на учениците за добрите и лошите страни на интернетот со интересно предавање на тема: „Интернетот не е само игра, кликај безбедно!“

- Врз основа на спроведената анкета за родители:

**„Наставниот кадар води грижа за безбедноста на моето дете“,** добиени се следниве резултати:

| | |
|---|---|
| **Во целост е така** | **84 %** |
| **Делумно е така** | **13,4 %** |
| **Воопшто не е така** | **2,6 %** |




- Врз основа на спроведената анкета за ученици:

**„Училиштето води грижа за мојата безбедност во училиштето“** добиени се следниве резултати и од приложените резултати може да се воочи дека 67,8 % од учениците се изјасните дека училиштето води грижа за нивната безбедност, додека 26,2 % од учениците се изјасниле дека делумно е така, мал е процентот на учениците кои не се чувствуваат безбедни во училиштето 6%.

| | |
|---|---|
| **Во целост е така** | **67,8 %** |
| **Делумно е така** | **26,2 %** |
| **Воопшто не е така** | **6 %** |




Користени извори:
-Кодекс на однесување на ученици, наставници и родители;
-Протокол за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство злоупотреба и занемарување;
-Правилник за видовите на пофалби, награди и педагошки мерки за учениците
-Годишен извештај на психологот и педагог;
-Досие на ученици;
-Записници на стручни тела;
-Записници од Училишен парламент;
-Анкета-ученици и родители.

## ➢ Заштита од пушење, алкохол и дрога;

Собрани податоци и информации:

Во училиштето се забранува употреба на алхохол, дрога, цигари и други наркотични средства. Пушењето во училиштето е забрането, на видни места се поставени ознаки за забрането пушење и истите се почитуваат од страна на учениците и наставниците. Во планирањата на одделенски час се предвидени часови за заштита од пушење, алкохол и дрога.

Во соработка со стручната служба реализирано е активност со цел: Откривање и превенција на факторите кои влијаат на појавата на пушење, консумирање на алкохол и наркотични сретства. Реализирана е и едукативна училишна програма за пубертетот „Always“ - „Се што знаеш за пубертетот“, организирана од Procter&Gambie – одобрена од МОН за учениците од VI одделение. Реализирани се проектни активности со учениите од петто одделение на тема “Заштита од деликвентно однесување и превенција од користење на цигари, алкохол и дрога”од страна на наставниците од петто одделение со цел информирање за нивното штетно влијание и поттикнување на здрав начин на живеење. Во училиштето не е забележана појава на конзумирање алкохол и наркотични средства.

Користени извори:

- Програми и извештаи од работата на училиштето;
- Презентации;
- Одделенски дневници;
- Училишен весник;

## ➢ Квалитет на достапна храна;

Собрани податоци и информации:

Училиштето се грижи за квалитетот на храната. За таа цел е формирана комисија во состав на наставници и родители. Училишната кујна работи по утврдени стандарди. Се врши континуирана контрола за квалитетот на оброците што ги конзумираат учениците. За време на пандемијата од Ковид 19 се почитуваа протоколите за заштита од вирусот. Со топол оброк се опфатени во просек 130 ученици од продолжен престој на годишно ниво. Учениците од класична настава земаат организирана ужинка. Во училиштето се води кампања за здрава храна преку предавања и проекти во кои активно се вклучени и родителите на учениците. Досега не е забележано појава на труење на ученици од храна.

Користени извори:
-Комисија за исхрана;
-Записници од одржани состаноци на комисијата;

## ➢ Поддршка на учениците со телесни пречки во развојот;

Собрани податоци и информации:

- Во училиштето е формиран инклузивен тим со мандат од 3 години и истиот ја усогласува програмата според индивидуалните потреби на учениците. Со цел обезбедување на соодветна поддршка на учениците со потешкотии инклузивниот тим соработува и со ресурсниот центар Д-р Златан Сремец. Во централното училиште има еден ученик со телесни пречки во развојот. Ученикот е со оштетување на видот, така што училиштето му овозможува просторни услови и прилагодување на наставниот материјал според потребите на ученикот. Училиштето во соработка со ресурсниот центар е во процедура за набавка на специјална лупа за да се олесни процесот на следење настава. Во подрачното училиште исто така има еден ученик со телесен инвалидитет. Во подрачното училиште пред влезот и тоалетот има прилагодена патека за движење на лица со телесни пречки во развојот, како и прилагоден тоалет. Ученикот има и личен асистент ангажиран од Општина Кисела Вода во рамките на проектот „Се грижиме за најмалите ги воспитуваме и образуваме“, а во учебната 2021/22 година личниот асистент согласно законските измени по барање на родителот беше ангажиран преку Министерството за труд и социјална политика. Во централното училиште во ходниците и во училниците се овозможува нивно движење само на приземјето. Инвентарот во училниците е соодветен на потребите на учениците и по потреба се прилагодува.

Користени извори:
- Увид во училишен простор и училишен двор;
- Записници од Училишен инклузивен тим;
- Регистар на ученици со посебни потреби;
- Инклузивен тим за ученик;
- Одлука за инклузивен тим за ученик и училишен инклузивен тим;
- Меморандум за соработка со ресурсниот центар.

## ➢ Грижа за учениците од социјално загрозени семејства

Собрани податоци и информации:

Во училиштето се води евиденција за социјалната состојба на семејствата. За учениците кои се од социјалните загрозени семејства, училиштето во соработка со ПКЦ организира собирни акции за храна и облека. Беа организирани повеќе парични, собирни акции за опожарени семејства и помош за лекување на болни деца. Во период пред новогодишните празници беа организирани новогодишна акции со цел да им се подари пакетче на учениците од социјално загрозени семејства. За учениците со

социоекономски низок статус Српскиот културен центар во координација со психологот на училиштето „Спона“ донираше кондиторски пакети.
Исто така се одбележува и денот на гладта при што се организира собирна акција на храна под мотото “Помислете и на нас” во кој учествуваа учениците од прво до деветто одделение.

- Врз основа на спроведената анкета за родители:

**Вработените имаат еднаков однос кон сите ученици,** добиени се следниве резултати:

| | |
|---|---|
| **Во целост е така** | **75,9 %** |
| **Делумно е така** | **18,7 %** |
| **Воопшто не е така** | **5,4 %** |

Со цел намалување на детската сиромаштија, направени се промени во законската регулатива во системот за заштита на децата преку спроведување на реформи со кои се овозможува зголемување на пристапот до правото на додаток за образование за деца од домаќинства со ниски примања и приматели на правото на Гарантирана минимална помош. Министерството за труд и социјална политика во соработка со МОН, обезбедува образовен додаток за ученици чии родители се корисници на социјална помоши ако:
- детето е запишано како редовен ученик во училиштето,
- присуствува на најмалку 85% од вкупниот број на реализирани наставни часови и
- нема користено додаток за образование за иста учебна година, односно ја нема повторувано годината.

Во нашето училиште околу 100 ученика, кои ги исполнуваат условите, го користат правото на додаток за образование.
Како поддршка на учениците од ромска националност во училиштето во учебната 2020/21 год. беше вклучен и медијаторот Неиме Мемет од ОКВ.
Во текот на учебната 2020/2021 година во рамките на проектот **Редовно на часови**: Акција за вклучување на Ромите во основното образование финансиран од Европската Унија од нашето училиште се вклучени седум ученика. Проектот продолжи и во учебната 2021/2022 година. Проектот го спроведува Фондација Отворено општество - Македонија во соработка со Здружението Центар за образовна поддршка Дендо вас и Фондацијата за образовни и културни иницијативи Чекор по чекор.
Проектот се спроведува во соработка со Министерството за образование и наука и целта е стипендистите да бидат активни во исполнувањето на училиштните обврски за што добиваат стипендија во висина од по 400 евра која им се исплаќа на две рати. Во рамките на училиштето беше реализиран проект под мотото “Мојата култура – мојот индентитет” во кој беа вклучени ученици и од ромска националност, нивните родители и наставници.

<u>Користени извори:</u>

- Одделенски дневници;
- Резултати од спроведената анонимна електронска анкета на родители;
- Извештаи;
-Училишен весник

## 4.2 Здравје:

### ➢ Хигиена и заштита од болести;

<u>Собрани податоци и информации:</u>

Хигиената во училиштето е на задоволително ниво, при што се води грижа за одржување на хигиената на сите училишни простории. Училиштето се грижи учениците правилно да ги користат тоалетите и да ја одржуваат личната хигиена. Тоалетите се чистат и дезинфицираат и ги задоволуваат потребните услови за одржување на хигиена во согласност со законските прописи. Ходниците и скалите се чистат според однапред утврден распоред на дневни работни задачи на персоналот задолжен за хигиена. Подот и мебелот во централното училиште се чистат по завршување на наставата бидејќи наставата се реализира само во прва смена, додека пак во подрачното училиште се чистат пред почетокот и по завршување на втората смена. Останатиот училишен простор се чисти еднаш во текот на денот. Фреквентните холови се чистат повеќепати во денот, додека пак прозорците и вратите се чистат минимум по двапати, тековно во секое полугодие посебно, според однапред направен распоред на работни задачи. Училиштето располага со две машини за перење алишта за машинско перење на крпите за чистење на подовите и училишниот инвентар. Во услови на пандемија и посебни протоколи, училиштето ги извршува и почитува истите, односно врши дополнителна дезинфекција на одморите во училниците, а потоа и низ ходниците, тоалетите и канцелариите. Изминатите две учебни години за реализација на воспитно-образовниот процес со физичко присуство училиштето се придржуваше кон Планот и Протоколот за постапување на основните училишта издаден од МОН. За заштита од вирусот Ковид 19 за прием на учениците беше изготвен посебен распоред со различен тајминг и беа ставени во функција сите 4 влеза.

- Врз основа на спроведената аккета за наставен кадар:

Се води грижа за степенот на хигиената во училиште, добиени се следниве резултати:

| | |
|---|---|
| **Потполно се согласувам** | **53,1 %** |
| **Делумно се согласувам** | **36,7%** |
| **Не се согласувам** | **10,2 %** |

Околу 10,2 % од наставниот кадар сметаат дека не се води грижа за степенот на хигиена во училиштето.
Дворот во училиштето редовно се чисти од секакви отпадоци, а зелените површини се редовно одржувани и хортикултурно уредени. Во дворот на училиштето, во училниците и канцелариите, како и во тоалетите има корпи за отпадоци. Во текот на учебната година како вонаставни активности се реализираат еколошки и работни акции за чистење на училишниот двор, садење цвеќиња, собирање пластични шишиња. Со цел подобрување на животната средина дворовите во централното и подрачното училиште се уредуваат хортикултурно.

Училиштето има програма за превенција од заразни болести, како и пропишана процедура за грижа за учениците кои поради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од настава. Училиштето соработува со релевантни институции и повремено се вршат предавања за заштита од заразни болести од страна на стручни лекарски тимови. Училиштето поседува опрема за давање прва помош која е достапна во секое време.
Заштита и унапредување на здравјето на учениците се остварува преку лекарски системтски прегледи и вакцини, стоматолошки прегледи и заливки на заби, а и неколкупати во текот на учебната година беа изведени првентивни тестирања со брзи антигенски тестови за вирусот Ковид 19. Вработените во училиштето секоја година вршан санитарен преглед, а секоја втора година училиштето им организира систематски преглед на сите вработени.

<u>Користени извори:</u>
- Годишна програма за работа на училиштето;
- Записници од надлежни органи за контрола на хигиената и здравјето на децата;
- Одделенски дневници;

- Фотографии направени во текот на изведувањето на активностите;
- Анкета за наставен кадар;
-Санитарни книшки;
-Постапка за избирање на здравствена институција за реализација на систематски преглед.

## ➢ Грижа за учениците со здравствени проблеми;

Собрани податоци:

Училиштето води грижа за учениците кои поради посериозни повреди или хронично заболување отсуствуваат од редовната настава применувајќи ги позитивните законски прописи. При подолго отсуство од настава училиштето соработува со родителите, здравствените установи и Центарот за социјална работа. Во договор со наставниците се посочуваат поважните теми што ученикот треба да ги совлада. Наставниците ја даваат потребната помош и поддршка. При уписот во прво одделение се води евиденција за примени вакцини, со тоа што секој родител како доказ приложува лекарска потврда за примени вакцини, потврда од стоматолопки преглед од соодветна здравствена институција и потврда од офтамолошки преглед. Вакцинациите и систематските прегледи кај учениците се организираат во соработка со овластената здравствена институција и тие се редовни и во согласност со календарот за вакцинирање. Се врши и редовен систематски преглед и заливки на забите.
Во училиштето се реализираат часовите за здравствена едукација и истите се евидентираат во дневник на паралелката, се организираат и предавања од надворешни стручни лица. Училиштето има писмена процедура за грижа на учениците во случај на незгода и укажување на прва помош. Секоја година училиштето во соработка со компании за осигурување, и им нуди 24 часовно осигурување на учениците. Осигурувањето е на база на избор на родителот и ученикот.
Користени извори:
- Годишна програма за работа на училиштето;
- Одделенски дневници;
- Пишана процедура;
- Потврди при упис на првачиња;
-Полиси од осгурителна компанија;
- Извештаи.

## ➢ Грижа за учениците со емоционални проблеми;

Собрани податоци и информации:

Училиштето има пропишана процедура за идентификација и грижа за ученици со емоционални потешкотии, без оглед на изворот (семејно насилство, семејна негрижа, развод, болест во семејството, постконфликтни ситуации...). По потреба се вклучува и Центарот за социјална заштита.

Во училиштето откривањето на учениците со емоционални потешкотии се врши од страна на одделенските раководители, наставниците и стручните соработници. Стручната служба и наставниците превземаат соодветни активности, разговори и упатување на тие ученици и нивните родители до релевантни институции, доколку се појави потреба. По потреба се формира и тим за подршка на учениците.

- Врз основа на спроведената анкета за наставен кадар,

**Психологот дава поддршка при решавање на емоционални проблеми и конфликтни ситуации**, добиени се следниве резултати:

| | |
|---|---|
| **Потполно се согласувам** | **77,6 %** |
| **Делумно се согласувам** | **20,4 %** |
| **Не се согласувам** | **2,0%** |




Континуирано се следи психофизичкиот развој на учениците, како и потешкотиите кај учениците кои се случуваат во процесот на социјализација и напредување во наставата.
Со цел намалување на емоционалните потешкотии кај учениците се работи индивидуално, секогаш вклучувајќи го и семејството на ученикот, со поддршка на стручните соработници и наставниците, како и групно низ форма на работилници. Со цел јакнење на самодовербата кај учениците училишниот педагогот и психологот во петто одделение реализираа работилница „Скршено срце“.
Училиштето има постојана соработка со јавните здравствени установи, Центарот за социјални работи – Скопје, Министерство за внатрешни работи и Полициска станица-Драчево и други компетентни институции.
Во текот на мај 2022 година педагот и психологот присуствуваа на дводневна обука на тема „Проценка на когнитивен и бихевиорален статус кај деца и млади“ во организација на Когниција – центар за невропсихологија, психотерапија и психологија во соработка со Центарот за доживотно учење и со тоа стручните соработници ги подобрија компетенциите за работа со ученици со емоционални проблеми.
<u>Користени извори:</u>

-Ученичко досие;
- Записници од индивидуални разговори со родители и ученици;
- Информации изготвени од стручната служба;
-Сертификати;
-Анкета.

## 4.3 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците;

- **Давање помош при изборот на занимањето/институцијата за понатамошно образование, усовршување или вработување**

<u>Собрани податоци и информации:</u>

Училиштето води грижа за избор на понатамошното образование на учениците. Стручните соработници реализираат Програма за професионална ориентација на учениците. Училиштето навремено им обезбедува на учениците јасни и точни информации за можностите за понатамошно образование, усовршување или вработување. Училишниот психолог во периодот од февруари до мај 2022г. работеше на Професионална ориентација со учениците од IX одделение при што спроведе и индивидуални разговори со секој ученик поврзани со нивното идно занимање, а во мај 2022 ја реализираше работилницата „Кога ќе пораснам, сакам да бидам...“. Активности поврзани со професионалната ориентација се:

- утврдување на интересите на учениците со примена на прашалник;
- индивидуална советодавна работа со секој ученик, со насоки за избор на средно училиште;
- се организираат презентации од страна на средните училишта;
- се организира посета на локални претпријатија во соработка со ОКВ;
- се следи уписот на учениците во средните училишта;
- училиштето редовно ги информира родителите и учениците за помошта што можат да ја добијат преку пишани и усни соопштенија;
- Презентација „Стилови на учење“ во деветто одделение.

Секоја учебна година по објавувањето на Конкус за упис на деветоодделенци во државните средни училишта на 31 март, стручните соработници изготвуваат презентација и ја презентирааат со сите девети одделенија и при тоа учениците се запознаваат со мрежата на средни училишта на Град Скопје. Исто така учениците добиваат и информации за потребните документи, критериуми и рокови за упис.

Во второто полугодие, во периодот април-мај, наставен кадар на некои средни училишта реализира посета на нашета училиште при што учениците имаа прилика да ги проследат нивните презентации. Станува збор за следниве училишта:

- Презентација на средно приватно училишт е „Јахиа Кемал“
- Средно хемиско училиште „Марија Кири Склодовска“
- Средно училиште „Димитар Влахов“
- Посета на средно училиште „Браќа Миладиновци“

Додека пак некои училишта, нивните презентации ги направија на онлајн платфоми:

- Презентација на АСУЦ „Боро Петрушевски“рализирано онлајн на Microsoft Teams
- Гимназија „Алгоритам“ рализирано онлајн на Zoom
- Средно угостителско училиште „Лазар Танев“рализирано онлајн на Microsoft Teams
- Гимназија „Ѓорѓи Димитров“ рализирано онлајн на Microsoft Teams

Позитивните резултати од советодавната помош на учениците дадени од страна на наставниот кадар и стручната служба како и консултацијата со родителите може да се забележат од Анкетата извшена на родители и ученици во мај 2022 преку прашалник поставен на Google Forms.

1. Според извршената анкета на родители, на прашањето:

**„Наставниот кадар се консултира со мене за одредени одлуки кои се однесуваат на моето дете“** може да се забележи дека најголемиот дел од родителите одговориле позитивно.

| | |
|---|---|
| **Во целост е така** | **82,9 %** |
| **Делумно** | **11,2 %** |
| **Воопшто не е така** | **5,9 %** |

2. Според извршената Анкета на ученици, на прашањето: „**Наставниците се подготвени да ми помогнат доколку имам потреба за тоа“** може да се забележи дека и најголемиот дел од учениците одговориле позитивно.

| | |
|---|---|
| **Во целост е така** | **63,1 %** |
| **Делумно** | **32,1 %** |
| **Воопшто не е така** | **4,8 %** |

**Користени извори:**

**-**Годишна програма за работа на училиштето
-Програма за работа од психолог и педагог;
-Записници од работилници;
-Записници од родителски средби;
-Програма за професионална ориентација на учениците;
-Информации/презентации;
-Училишен весник;
-Анкета –родители;
-Анкета - ученици.

## 4.4 Следење на напредокот

### ➢ Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците:

Од досегашните истражувања осознавме дека наставниците од нашето училиште (преку континуирано следење и оценување - формативно и сумативно) водат целосна и уредна евиденција за напредокот на учениците во совладувањата на новите знаења. Притоа евиденцијата им е достапна на родителите, наставниците и стручната служба. Повеќето наставници водат ученичко портфолио за секој ученик во кое се чуваат сите изработки: творби, задачи, проектни активности, тестови кои ученикот ги изработил на тримесечија, полугодија. Преку ученичкото портфолио всушност се оценува и ученикот. Наставниците исто така изработуваат и чек листи, каде секојдневно го бележат напредувањето на учениците.Тие резултати од секојдневното следење се користат за формирање на крајната оценка на ученикот (која може да биде бројчана или описна). Во текот на учебната година, родителите се известуваат најмалку 4 пати за напредокот на учениците, за нивниот интелектуален, емоционален и социјален развој на родителските средби или индивидуалните средби –на отворениот ден за родители. Напредокот на учениците се запишува во евидентните листови за секое тримесечие. Учениците на крајот од годината добиваат свидетелства. Во целокупната евиденција внесени се и податоците за напредокот на учениците што се добиени како резултат на проценка, направена од страна на наставниците во соработка со стручната служба и родителите на учениците, што истовремено е и доказ за одличната соработка меѓу наставниците, родителите и стручната служба. Во учебните 2020/2021 и 2021/22 нема приговори по однос на оценувањето на учениците. Училишниот педагог врши проценка на „Точноста на почетното читање и пишување“, „Проценка на читање со разбирање“, „Математичка писменост“ во второ и трето одделение. Исто така се води евиденција за успехот на учениците по изборните предмети, при што се забележува висок среден успех кај сите изборни предмети, кој е и табеларно евидентиран:

**Табела 1. Спореден успехот на пет учебни години**

| Успех | Учебна 2017/18 | Учебна 2018/19 | Учебна 2019/20 | Учебна 2020/21 | Учебна 2021/22 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Одлични** | **56,9** | **58.1** | **53,5** | **54.3** | **50,9** |
| **Многу добри** | 23,2 | 22.0 | 26,6 | 27.1 | 32,4 |
| **Добри** | 15,6 | 15.3 | 17,7 | 13.6 | 13,9 |
| **Доволни** | 3,9 | 3.7 | 1,4 | 3.8 | 1,5 |
| **Недоволни** | 0,1 | 1.0 | 0,5 | 1.1 | 1,1 |
| **Среден успех** | **4,32** | **4,30** | **4,34** | **4,35** | **4,24** |

***Табела 2*** **Постигнат успех по задолжителни предмети**

***Постигнат успех по предмети на крајот од учебната 2020/2021г.***

| Одд | Македо | Англис | Францу | Матема | Природ | Раб. со | Општес | Историј | Географ | Граѓ. | Биолог ија | Физика | Хемија | Ликовн | Музичк | Физичк | Т О | Иновац | Инфор. | Етика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| IV-IX | 3.93 | 4.12 | 4.01 | 3.98 | 4.28 | 4.68 | 4.56 | 4.35 | 4.43 | 4.22 | 4.18 | 3.45 | 3.42 | 4.79 | 4.77 | 4.6 | 4.53 | 4.94 | 4.19 | 4.30 |

***Постигнат успех по предмети на крајот од учебната 2021/2022г.***

| Одд | Македо | Англис | Францу | Матема | Природ | Раб. со | Општес | Историј | Географ | Граѓ. | Биолог ија | Физика | Хемија | Ликовн | Музичк | Физичк | Т О | Иновац | Инфор. | Етика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| IV-IX | 3.90 | 3.97 | 3.87 | 3.81 | 3.97 | 4.45 | 4.18 | 4.41 | 4.28 | 3.90 | 3.88 | 3.51 | 3.51 | 4.76 | 4.51 | 4.78 | 4.60 | 4.92 | 4.27 | 4.59 |

***Табела 3.*** **Краен успех по изборни предмети 2020/2021г.**

| Изборен предмет | Одделение | Среден успех |
|---|---|---|
| Запознавање на религиите | VI-а | 4.79 |
| Запознавање на религиите | VI-б | **4.19** |
| Етика на религии | VI-в | **4.00** |
| Етика на религии | VI-г | **4.50** |
| | | **4,37** |
| Ликовно образование | VII-а | 5.00 |
| Вештини на живеење | VII-б | 4.78 |
| Вештини на живеење | VII-в | 4.77 |
| Вештини на живеење | VII-г | 5.00 |
| | | 4,89 |
| Нашата татковина | VIII-а | **5.00** |
| Вештини на живеење | VIII-б, | **4.61** |
| Нашата татковина | VIII-в | 4.72 |

| | | |
|---|---|---|
| Унапредување на здравје | VIII-г | 4.81 |
| | | 4.79 |
| Програмирање | IX-б 4.66 IX-в 4,86 | 4.76 |
| Проекти од ликовна уметност | IX -а | 4.81 |
| Унапредување на здравје | IX-б4.64 IX г4.60 | 4,62 |
| | | 4,73 |
| | | 4.70 |

***2021/2022г.***

| Изборен предмет | Одделение | Среден успех |
|---|---|---|
| Запознавање на религии | VI- а - 4,44 VI-б-3,90 | **4,17** |
| Етика на религии | VI – в 4,44 VI г-4,59 | **4,52** |
| Нашата татковина | VIII-а -5,00 VIII -г-4,88 | |
| Нашата татковина | VIII -б -3,91 VIIIв-4.50 | **4,57** |
| Проекти од ликовна уметност | VII -б - 4,38 | **4,59** |
| | IX -г- 4,80 | |
| Проекти од информатика | VII-а - 4,90 | **4,90** |
| | VIII-а -5,00 VIII-б -4,94 VIII в-4,75 | **4,90** |
| Програмирање | IX а | **4,67** |
| Унапредување на здравјето | VII в-4,52 VIIг-4,61 | **4,57** |
| | IX в -4,59 | **4,59** |
| | | **4,61** |

## ➢ Анализа на напредокот на учениците по паралелки:

Наставниците подготвуваат редовни извештаи и анализи по квартали за својата паралелка на крајот на секој квалификационен период. Постигнувањата на учениците се анализираат и на Оделенските и Наставничките совети по стручни активи по одделенија. Подготвените извештаи и анализи по паралелки се доставуваат до стручните соработници и до раководниот кадар на понатамошна обработка и се целосно достапни за сите други наставници, за родителите и за самите ученици. Резултатите од анализите се користат за подобрување на воспитно-образовниот процес.
Учениците од I- III одделение се оценуваат описно, во IV-VI одделение во првото и третото тримесечје описно, првото полугодие описно, а на крајот на учебната година бројчано. Учениците од VII- IX одделение се оценуваат со бројчани оценки. Во годишните и полугодишните извештаи се евидентираат и планираните и реализираните часови по наставни предмети, изразени во проценти. Истите се разгледуваат на состаноците на одделенската заедница и се разговара за можниот пад или раст на успехот по одделни предмети. На секој квартал и Училишниот парламент и Советот на родители се запознава со постигнатиот успех на учениците по паралелки. За подобрување на резултатите на учениците и наставата, функционираат и активите по сродните предмети. Напредокот на учениците се следи преку најразлични форми, методи, инструменти и техники на формативно и сумативно оценување. Учениците кои имаат потешкотии во однос на постигнувањето на знаењата, посетуваат дополнителна настава, а пак оние ученици кои покажуваат значителни резултати посетуваат додатна настава.

- **Од анализите на средниот успех по одделенија се забележува незначително опаѓање на успехот од 0,11 на ниво на училиште, кај учениците од IV -IX.**

**Табела 4 Среден успех по одделенија**

| Одделение | Среден успех 2020/2021 | Среден успех 2021/2022 |
|---|---|---|
| IV | 4.53 | 4.14 |

| | | |
|---|---|---|
| V | 4.63 | 4.39 |
| VI | 4.18 | 4.40 |
| VII | 4.40 | 4.13 |
| VIII | 4.14 | 4.13 |
| IX | 4.24 | 4.22 |
| **Среден успех на ниво на училиште** | **4.35** | **4.24** |

При анализата на преминот од описно на бројчано оценување од III во IV одделение и преминот од описно во бројчано оценување во VI одделение, се забележуваат следниве резултати:

***Табела 5.*** Премин од описно во бројчано оценување

| 2020/21 IIIодд. описно | 2021/2022 IV одд-бројчано |
|---|---|
| ***56%високо ниво на постигнување*** | ***51.2 % одличен успех*** |
| ***27% средно ниво на постигнувања*** | ***28.4% мн.добар<br>12.3% добар успех*** |
| ***16 ниско ниво на постигнувања*** | ***1.2% доволен и<br>0%недоволен успех*** |

***Табела 6.*** Премин од описно во бројчано оценување во VI

| 2020/2021 VIодд. описно<br>Прво полугодие | 2020/2021 VI одд-бројчано<br>Крај |
|---|---|
| **50.2% високо ниво на постигнување** | **53.7 % одличен успех** |
| **32.1 % средно ниво на постигнувања** | **24.2 % многу добар успех<br>11.6 % добар успех** |
| **18.6% ниско ниво на постигнувања** | **7.3% доволен<br>2.1 недоволен успех** |

***Табела 7. Премин од описно во бројчано оценување во VI***

| 2021/2022 VIодд. описно<br>Прво полугодие | 2021/2022 VI одд-бројчано<br>Крај |
|---|---|
| **56.8 високо ниво на постигнување** | **57.9% одличен успех** |
| **33 % средно ниво на постигнувања** | **35.5 % многу добар успех<br>3.9% добар успех** |
| **10.2% ниско ниво на постигнувања** | **0% доволен и недоволен успех** |

*Табела 8. Споредба на премин од одделенска во предметна настава на исто одделение2021/2022*

| оцена | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 | неоценет | Вк.уч. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Бр. на ученици | Бр. на ученици | Бр. на ученици | Бр. на ученици | Бр. на ученици | Бр. на ученици | |
| 2020/21 V одд. Вк.уч 94 | 74 | 12 | 6 | 2 | / | / | 94 |
| 2021/22 VI одд. Вк.уч 76 | 44 | 27 | 3 | / | / | / | 76 |

*Табела бр.9 Постигнат успех по пол на крај од учебната 2020/21*

| Одд. | Одличен 5 | | Мн добар 4 | | Добар 3 | | Доволен 2 | | Недоволен 1 | | Неоценет | | Вк. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | |
| IV | 31 | 34 | 5 | 6 | 4 | 2 | 3 | 2 | / | / | / | / | 87 |
| V | 35 | 39 | 5 | 7 | 3 | 3 | / | 2 | / | / | / | / | 94 |
| VI | 26 | 26 | 12 | 11 | 7 | 3 | 6 | 1 | 2 | / | 1 | / | 95 |
| VII | 34 | 27 | 17 | 8 | 10 | 4 | / | 1 | / | / | 1 | / | 102 |
| VIII | 18 | 26 | 7 | 12 | 6 | 3 | 2 | 2 | 2 | / | / | / | 78 |
| IX | 21 | 22 | 16 | 17 | 7 | 5 | 1 | 1 | / | / | / | / | 90 |
| Вк. | 165 | 174 | 62 | 61 | 37 | 20 | 12 | 9 | 4 | / | 2 | / | 546 |
| % | 30.2 | 31.9 | 11.4 | 11.2 | 6.8 | 3.7 | 2.2 | 1.7 | 0.7 | / | 0.4 | / | |

*Табела бр.10 Постигнат успех по пол на крај од учебната 2021/22г.*

| Одд. | Одличен 5 | | Мн добар 4 | | Добар 3 | | Доволен 2 | | Недоволен 1 | | Неоценет | | Вк. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | |
| IV | 18 | 25 | 14 | 6 | 12 | 3 | 3 | 3 | / | / | / | / | 84 |
| V | 22 | 23 | 14 | 9 | 8 | 2 | 1 | 1 | / | / | / | 1 | 81 |
| VI | 22 | 22 | 13 | 14 | 2 | 3 | / | / | / | / | / | / | 76 |
| VII | 16 | 25 | 11 | 12 | 10 | 3 | 2 | / | / | / | / | / | 79 |
| VIII | 21 | 20 | 18 | 9 | 14 | 5 | 3 | 1 | 3 | / | / | / | 94 |
| IX | 12 | 25 | 10 | 16 | 9 | 1 | / | 1 | / | / | / | / | 74 |
| Вк. | 111 | 140 | 80 | 66 | 55 | 17 | 9 | 6 | 3 | / | / | 1 | 488 |
| % | 22.7 | 28.7 | 16.4 | 13.5 | 11.3 | 3.5 | 1.8 | 1.2 | 0.6 | / | / | 0.5 | |

*Табела бр.11 Постигнат успех по етничка припадност на крај од учебната 2020/21г.*

| Одд. | Одличен 5 | | Мн добар 4 | | Добар 3 | | Доволен 2 | | Недоволен 1 | | Неоценет | | Вк. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Макед | Други | Макед | Други | Макед | Други | Мак | Други | Маке | Друг | Мак | Др. | |
| IV | 53 | 12 | 7 | 4 | 3 | 3 | / | 5 | / | / | / | / | 87 |
| V | 56 | 18 | 6 | 6 | 2 | 4 | / | 2 | / | / | / | / | 94 |
| VI | 44 | 8 | 18 | 5 | 4 | 6 | 1 | 6 | / | 2 | 1 | / | 95 |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| VII | 55 | 6 | 15 | 10 | 8 | 6 | / | 1 | / | / | 1 | / | 102 |
| VIII | 40 | 4 | 17 | 2 | 5 | 4 | 1 | 3 | / | 2 | / | / | 78 |
| IX | 34 | 9 | 18 | 15 | 6 | 6 | / | 2 | / | / | / | / | 90 |
| Вк. | 282 | 57 | 81 | 42 | 28 | 29 | 2 | 19 | / | 4 | 2 | / | 546 |
| % | 51.6 | 10.4 | 14.8 | 7.7 | 5.1 | 5.3 | 0.4 | 3.5 | / | 0.7 | 0.4 | / | |

*Табела бр.12 Постигнат успех по етничка припадност на крај од учебната 2021/22*

| Одд. | Одличен 5 | | Мн добар 4 | | Добар 3 | | Доволен 2 | | Недоволен 1 | | Неоценет | | Вк. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Макед | Други | Макед | Други | Макед | Други | Мак | Други | Маке | Друг | Мак | Др. | |
| IV | 35 | 8 | 13 | 7 | 8 | 7 | 1 | 5 | / | / | / | / | 84 |
| V | 41 | 4 | 16 | 7 | 6 | 4 | / | 2 | / | / | / | 1 | 81 |
| VI | 37 | 7 | 19 | 8 | 3 | 2 | / | / | / | / | / | / | 76 |
| VII | 36 | 5 | 20 | 3 | 9 | 4 | 1 | 1 | / | / | / | / | 79 |
| VIII | 37 | 4 | 23 | 4 | 11 | 8 | / | 4 | / | 3 | / | / | 94 |
| IX | 35 | 2 | 21 | 5 | 6 | 4 | / | 1 | / | / | / | / | 74 |
| Вк. | 221 | 30 | 112 | 34 | 43 | 29 | 2 | 13 | / | 3 | / | 1 | 488 |
| % | 45.3 | 6.1 | 23.0 | 7.0 | 8.8 | 5.9 | 0.4 | 2.7 | / | 0.6 | / | 0.2 | |

***Табела 13. Отстапувања во успехот на учениците во IX одд. (полугодие-крај на учебна2020/2021).***

| | Успех на учениците - IX одд. | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 |
| Полугодишен успех | 30.7 | 45 | 17.5 | 1 | 5.8 |
| Крај на уебна година | 46.6 | 36.6 | 14.4 | 2.2 | / |
| **Отстапување** | 15.9 | 8.4 | 3.1 | 1.2 | 5.8 |

***Табела 16. Отстапувања во успехот на учениците во IX одд. (полугодие-крај на учебна2021/2022).***

| | Успех на учениците - IX одд. | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 |
| Полугодишен успех | 32.4 | 43.2 | 12.2 | / | 8.0 |
| Крај на учебна година | 47.2 | 37.8 | 13.5 | 1.6 | / |
| **Отстапување** | 14.8 | 5.4 | 1.3 | / | / |

Користени извори:
-Полугодишни и годишни извештаии;
- Споредбени анализи;
-Педагошка евиденција и документација;
- Записници од разговорите со наставниците и со стручните соработници;
-Записници од активи и одделенски совети;
-Записници од Совет на родители;
-Записници од Училишен парламент.

| |
|---|
| **Јаки страни:**<br><br>• Училишниот простор и инфраструктура се безбедни за изведување на наставата;<br>• Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците и има Програма и План за заштита и спасување од елементарни непогоди, природни катастрофи и незгоди;<br>• Во училиштето има поставено камери во ходниците и ноќен чувар што ја зголемува безбедноста и сигурноста во училиштето;<br>• Училиштето нуди осигурување за ученици и вработени;<br>• Училиштето организира хуманитарни акции спроведени од ученици и самоиницијативно им помага на децата од социјално загрозените семејства;<br>• Има организирана исхрана за учениците кои посетуваат продолжен престој и редовна настава;<br>• Постојат повеќе постапки за идентификување на деца со физички, здравствени и емоционални проблеми и ученици со посебни образовни потреби;<br>• Стручните соработници во соработка реализираат програма за Професионална ориентација на учениците. |
| **Слаби страни:**<br>• Во училиштето нема обучено лице кое поседува сертификат за давање прва помош на ученици при несреќни случаи;<br>• Училиштето има потреба од сензорна соба и асистивна технологија за поквалитена инклузивна средина; |
| **Идни активности / приоритети:**<br><br>• Обучување и сертифицирање на лице за давање прва помош на ученици;<br>• Поголема соработка и конкретни акции од локалната самоуправа со цел подобрување на средината за учење за учениците со потешкотии; |

## ПОДРАЧЈЕ: V

## УЧИЛИШНА КЛИМА

**5.1 Училишна клима и односи во училиштето**

**5.2 Промовирање на постигањата**

**5.3 Еднаквост и правичност**

**5.4 Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница**

**5.1 Училишна клима и односи во училиштето**

**5.1.1 Углед / имиџ на училиштето**

**Собрани податоци и информации:**

Училиштето се препознава по квалитетот на работата, постигањата на учениците, остварување на мисија и визија на училиштето.

**Мисијата** на нашето училиште е да создаваме потикнувачка работна средина по високи етички стандарди на начин кој овозможува оспособување за живот и кој влева доверба кај учениците, наставниците и родителите.

**Слогани**

**„Напредувај и уживај“**

**„Менувај се себеси – смени го светот“,**

**„Различностите се богатство“**

**Мото на училиштето: „Формирај го темелот на својата иднина“!**

**Визија -** Нашето училиште да биде безбедна, модерна средина во која што ќе се почитуваат разликите, со континуиран развој на наставниот кадар и со квалитетна настава базирана на современа методологија прилагодена на интересите на учениците“

Училиштето е препознатливо по постигањата на учениците во текот на образованието, повеќе јавни настапи и реализација на низа проектни активности од јавна и културна дејност, активности со партнерското училиште реализирајќи повеќе заеднички активности во рамкоте на МИО проектот, реализирани голем број активности во соработка со родители, реализација на повеќе истражувања, како и обуки на наставно-воспитниот кадар, што значајно влијае на севкупниот имиџ на училиштето.

Постигнување на позитивни резултати на натпревари од повеќе подрачја на ниво на општина Кисела Вода, Градот Скопје, државно нивои меѓународно ниво. Постигањата на учениците се препознатливи и во понатамошно образование и постигање на резултати во средното училиште.

Во училиштето континуирано се следи интелектуалниот развој на учениците, се реализираат работилници со учениците поттикнувајќи го нивниот емоционален и социјален развој. Училиштето има изградено стандардизирана постапка за реализација на професионална ориентација на учениците.

**Користени извори на податоци**

-Годишна програма на училиштето;
-Годишни извештаи;
-Училишен весник.

**5.1.2 Кодекс на однесување**

**Собрани податоци и информации**

Училиштето има Кодекс на однесување на ученици, родители, наставници во кој се поставени правила на однесување на сите наведени субјекти. Со Кодексот на однесување се запознаваат учениците и родителите на првата родителска средба во учебната година и истиоте се истакнати на видни места во училиштето.

За време на он лине настава е донесен и се применува Кодекс за реализација на настава од далечина.

Во училиштето е донесен Кодекс на оценување на учениците и истиот е промовиран пред сите структури на училиштето (наставници, родители, ученици).

Училиштето има процедура за безбедост и превенција од насилство меѓу учениците и „Протокол за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство злоупотреба и занемарување“. Во училиштето по објавен оглас се пријавуваат и на демократски начин се избира ученик-правобранител од учениците од 7 до 9 одд. со мандат од 2 години со основна цел промоција и заштита на детските права. Програмата за работата на правобранителот е составен дел на годишната програма за работата на училиштето.

Училиштето има донесено Еко-кодекс, во кој се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури во училиштето согласно содржините на еколошката програма. Во неговата изработка учествивале претставници од сите структури, а при неговото усвојување е спроведена демократска процедура со учество на претставници на сите структури.

**Користени извори на податоци**
- Годишна програма;
-Годишна програма на Ученичкиот правобранител;
- Кодекс на однесување (брошура);
-Кодекс на однесување за учење од далечина;
-Записници од Училишен парламент;
-Процедура за безбедност и заштита од насилство;
-„Протокол за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство злоупотреба и занемарување";
-Училишен весник.

## 5.1.3 Училишна клима

**Собрани податоци и информации**

Во училиштето постои соработка помеѓу сите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес. Постои заемно почитување и вклученост на сите етнички заедници што учествуваат во училишниот живот. Раководниот и наставничкиот кадар се грижат за постојана поттинувачка атмосфера во училиштето. Училиштето го негува демократскиот однос со учениците. Демократски избраните членови од Училишниот парламент се покануваат да присуствуваат на наставничките совети, како и во работата на Училишниот одбор без право на глас.

**Анкета од родители:**

Резултати од спроведена анонимна електронска анкета на родители.

- **Вработените во училиштето имаат коректен однос кон мене:**

**а) 89,8 % - во целост е така**
**б) 7,5 % - делумно**
**в) 2,7 % - воопшто не е така**




- **Запознаен сум со активностите кои се реализираат во училиштето:**

**а) 72,2% - во целост е така**
**б) 20,3 % - делумно**
**в) 7,5 % - воопшто не е така**




- **Постои взаемна почит и разбирање помеѓу наставниот кадар и учениците:**

**а)78,6 % - во целост е така**
**б)18,7 % - делумно е така**
**в) 2,7 % - воопшто не е така**




- **Вработените имаат еднаков однос кон сите ученици (нема поделба на учениците во однос на нивната етничка припадност, социјална и економска структура на семејството и сл.)**

**а) 75,9 % - во целост е така**
**б) 18,7 % - делумно е така**
**в) 5,4 % - воопшто не е така**



**Анкета од ученици:**

Резултати од спроведената анонимна и електронска анкета за ученици.

**„Сакам да одам во училиште“**

**а) 66,7 %  - во целост е така**
**б) 29,8 %  - делумно е така**
**в) 3,5 % - воопшто не е така**




- **„Во училиштето се чувствувам сигурно“ :**

**а) 63,1 %  - во целост е така**
**б) 33,3 % - делумно е така**
**в) 3,6% - воопшто не е така**




- **„Наставниците ме почитуваат“ :**

**а) 75%  - во целост е така**
**б) 23,8% - делумно е така**
**в) 1,2 % - воопшто не е така**



- **„Во училиштето постојат јасни правила на однесување“:**

**а) 73,8 %  - во целост е така**
**б) 21,4 % - делумно е така**
**в) 4,8% - воопшто не е така**




- **„Училиштето води грижа за мојата безбедност во училиштето“ :**

**а) 67,9 % - во целост е така**
**б) 26,2 % - делумно е така**
**в) 6 %  - воопшто не е така**




- **„Кога сум разговарал/а или кога сум бил/а вклучен/а во некоја работилница стручните соработници  со почит се однесувале со мене“:**

**а) 83,3 %  - во целост е така**
**б) 15,5 % - делумно е така**
**в) 1,2 %  - воопшто не е така**




- **„Директорот одржува добри односи со учениците“:**

**а) 81 % - во целост е така**
**б) 19 % - делумно е така**
**в) 0 % - воопшто не е така**




- **„Постои добра комуникација помеѓу вработените во училиштето“**

**а) 28,6 % - потполно се согласувам**
**б) 69,4 % - делумно се согласувам**
**в) 2 % - не се согласувам**



- „Во училиштето има добра работна атмосфера“:

  а) 38,8 %  - потполно се согласувам
  б) 59,2 % - делумно се согласувам
  в) 2 %  - не се согласувам




- „Постои добра комуникација меѓу вработените и директорот на училиштето“:

а) 65,3 %  - потполно се согласувам
б) 32,7 % - делумно се согласувам
в) 2 %  - не се согласувам




- „Постои меѓусебна почит помеѓу наставничкиот кадар и учениците“

а) 32,7%  - потполно се согласувам
б) 65,3 % - делумно се согласувам
в) 2.0 %  - не се согласувам




**Користени извори на податоци**
- Анкети со наставниците, родителите и со учениците;
-Записници од наставнички совети и седници на УО.

**5.2 Промовирање на постигањата**

**5.2.1 Промовирање на личните постигања на учениците**

**Собрани податоци и информации:**

Училиштето става голем акцент на постигањата на сите ученици. Наставниот кадар успешно ја организира средината за учење со поставување јасни и високи очекувања во однос на постигањата, редовноста и дисциплината на учениците. Наставниот кадар успешно го користи пофалувањето како начин на мотивирање. Училиштето има изградено систем на вредности и начин на промовирање на личните постигања на сите ученици во рамките на училиштето и во пошироката локална средина.

- Согласно Правилникот за награди училишната комисијата го прогласи **Никола Десковски – IX б одд. за првенец на генерација 2012 – 2021г.** Училиштето на првенецот му додели Пофалница и таблет уред. Второ и трето рангираните ученици Урфета Тополец **IX – б** и Александра Андонова **IX – а** добија Пофалници и книги. На 11.06.2021 година традиционално за нашето училиште, беше реализирана online промоција на постигнувањата на ученици со континуиран одличен успех во IX одделение. Од страна на училиштето секој ученик со континуиран одличен успех – 5,00 и значајни постигнувања од областа на спортот, музика, литература, ликовна и театарска уметност доби Пофалница. **Ученици со континуиран успех во генерацијата 2012-2021г од VI – IX одделение вкупно 16.**
- Согласно Правилникот за награди училишната комисијата го прогласи **Леа Петрушеска – IX а одд. за првенец на генерација 2013 – 2022г.** Училиштето на првенецот му додели Пофалница и таблет уред. На 13.06.2022 година традиционално за нашето училиште, беше реализирана промоција на постигнувањата на ученици со континуиран одличен успех во IX одделение. Од страна на училиштето секој ученик со континуиран одличен успех – 5,00 и значајни постигнувања од областа на спортот, музика, литература, ликовна и театарска уметност доби Пофалница. **Ученици со континуиран успех во генерацијата 2013-2022г од VI – IX одделение вкупно 18**
- По објавениот Конкурс на Општина Кисела Вода, Комисијата формирана од градоначаникот за избор на талентирани ученици и талентирани ученици-спортисти во учебната 2020/21 г. се наградени **8 ученици**, а во учебната 2021/2022 г. се наградени **11 ученици**.

**Користени извори на податоци**

-Годишен извештај на училиштето учебна 2020/2021 и 2021/2022 год..
-Евидентни книги;
-Правилник за избор на првенец на генерација;
-Допис/известување за добиени награди;

-Пофалници/дипломи;
-Училишен весник/web страна.

### 5.2.2. Промовирање на постигањата во име на училиштето

**Собрани податоци и информации:**

Промовирањето на ниво на училиште се манифестира преку учество на јавни настапи, учество во медиуми. Училиштето води политика на поттикнување на наставничкиот кадар и на учениците да учествуваат и да постигнуваат успех на натпревари на локално, регионално, државно и меѓународно ниво. Училиштето има развиен систем на наградување на учениците кои постигнале успех и за наставниците кои го помогнале тоа во сите области преку кои го промовирале училиштето.

| Учебна година | Освоени награди на конкурси | Освоени награди на општински натпревари | Освоени награди регионакни натпревари | Освоени награди државни натпревари | Освоени награди меѓународни натпревари |
|---|---|---|---|---|---|
| 2020/2021г. | 4 | 33 | 24 | 2 | 4 „Кенгур“ |
| 2021/2022г. | 3 | 35 | 16 | 2 | / |

Од наведените податоци може да се забележи дека најмногу добиени награди има на општинско и регионално ниво по природните науки и јазиците. Покрај освоените награди голем број на ученици добија и Пофалници за учество.

## 5.3 Еднаквост и правичност

Во училиштето се негува мултикултуризам од страна на наставниците и учениците, подеднакво се вклучуваат во училишните активности сите ученици независно од нивната етничка припадност. Во училиштето има ученици од различна етничка припадност:

**Етничка структура на крајот од учебната 2020/2021г Вкупно 854 ученици**

Македонци 68.7 %, Албанци 1 % ; Роми 7,8 %; Турци 1,1 %; Срби 0,6 %; Бошњаци 19.3% и други 0.9%

**Етничка структура на крајот од учебната 2021/2022г Вкупно 786 ученици**

Македонци 73,2 %, Албанци 0,75 % ; Роми 7,8 %; Турци 1,7 %; Срби 0,75 %; Бошњаци 10.6 % и други 0.8%

Намлениот процент на ученици од бошњачка етничка припадност се должи на поголемиот број на ученици кои се отпишаа поради отварање на ново подрачно училиште во нивното место на живеење.

При уписот во прво одделение учениците се распределеуваат по повеќе критериуми од кои едниот е и етничката припадност на учениците.

Во централното училиште има поразлична етничка структура на учениците, доколку во подрачното училиште етничката структура е похомогена.

### <u>5.3.1 Дисциплина во училиштето</u>

**Собрани податоци и информации**

Наставниот кадар води грижа за безбедноста на учениците (поставеност на видео надзор), дежурство на наставници. Училиштето превзема одредени мерки за подобрување на дисциплината во училиштето со активно учество на сите субјекти. Во таа насока, училиштето спроведува континуирани дежурства од страна на сите наставници. Дисциплината ја спроведуваат сите наставници и стручни соработници со позитивни примери и со насочување на учениците преку индивидуални и групни советувања. Куќниот ред на училиштето е поставен во главнот хол на училиштето, како и во секоја

училиница. За време на Пандемијатата и Ковид 19 се изготви и Кодекс за реализација на настава од далечина.

За не почитување на Кодексот на однесување училиштето презема мерки преку разговори со одделенски раководители, со родители, со стручните соработници, директор. Во текот на учебната година се изрекуваат педагошки мерки согласно со Правилникот за видот на пофалби, награди и педагошки мерки. Најчесто се применува усмена и писмена опомена од одделенски раководител, како и писмен укор од Наставнички совет. Со измените на Законот за основно образование (Службен весник на РСМ,бр.161 од 5.8.2019г.) училиштето на 1.6.2020г. донесе нов Правилник бр.03-91/3.

## Педагошки мерки на крајот од две учебни години

2020/2021г.

| Одделение | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | Се |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Примерно** | 100 | 106 | 102 | 87 | 94 | 95 | 101 | 77 | 90 | 852 |
| **Добро** | / | / | / | / | / | / | 1 | 1 | / | 2 |
| **Незадоволително** | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |

2021/2022г.

| Одделение | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | Се |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Примерно** | 105 | 98 | 94 | 84 | 81 | 76 | 79 | 91 | 74 | 782 |
| **Добро** | / | / | / | / | / | / | 1 | 2 | / | 3 |
| **Незадоволително** | / | / | / | / | / | / | / | 1 | / | 1 |

Во текот на двете учебни години од страна на стручните соработници психолог и педагог по основ несоодветно однесување на учениците реализирани се 9 советувања со ученици и родители, а поднос нередовно посетување на настава 22 советувања со ученици и родители.

**Користени извори на податоци**

- Распоред за дежурство на наставници;

- Одделенски  дневник;

- Записници од Наставнички совет;

-Покани и записници од советувања;

-Формулар за реализирани советувања од МОН;

- Одлуки за педагошки мерки;

-Одлуки за тим за подршка;

- Годишен извештај;

- Анализи на педагог и психолог;

### 5.3.2 Партиципација на учениците во решавањето на проблеми и донесување на одлуки

**Собрани податоци и информации**

Партиципацијата на учениците при решавање на проблеми е во согласност со нивната возраст, вклучувајќи се индивидуално или во групи, со подршка на наставниците, стручните соработници и директорот на училиштето.

Учениците се информирани за планираните активности на ниво на училиште, но нивната вклученост е со различен интензитет.

Ученичкиот парламент, во кој се вклучени ученици од I – IX одделение, најчесто расправа за успехот и поведението на учениците, како и организирање на одредени јавни манифестации и настани (избор на најдобра паралелка, хепенинг, априлијада, одбележување на патрониот празник на училиштето и општината), како и учество во подготовки за реализација на екскурзии. Во согласност со законот членови од Ученичкиот парламент се поканувaт на состаноците на Наставничкиот совет.

Во училиштето има демократски избран правобранител со мандат од 2 години. Во склоп на Годишната програма има и програма за работа на правобранителот.

Учениците активно учествуваат во решавање на проблеми и донесување на одлуки како членови на еко-секциите.

Зголемен е бројот на ученици кои се вклучуваат во МИО активности, во соработка со партнерското училиште.

**Користени извори на податоци**

-Годишна програма и Извештај;

-Тетратка со записници од ученичкиот парламент;

-Извештај од МИО активности и ЕКО активности;

-Училишен весник.

## 5.4 Партнерски односи со родителите и локалната и деловната заедница

## 5.4.1 Соработка на училиштето со родителите

**Собрани податоци и информации**

Соработката со родителите се остварува во добро организирана форма на повеќе нивоа и тоа: на поединачно, на ниво на паралелката, на ниво на одбор на родители на паралелката, на ниво на Совет на родители во училиштето и преку членовите на Училишниот одбор. Одзивот на родителите е добар и одлуките се донесуваат со мнозинство. Родителите добиваат квалитетна повратна информација за постигнувањата на учениците и работата на училиштето во целост (има утврдени приемни денови за сите наставници). Од органите на училиштето, родителите добиваат информации што се однесуваат за сите аспекти од работата на училиштето, како што се целите, организацијата, идните активности и нивото на постигнувањата на учениците. Во училиштето секоја година се реализира проектот „**Заедничка грижа за правилно насочување на учениците**„ чија основна цел е зајакнување на врската „родител-ученик-наставник" преку која ќе се овозможи јакнење на воспитната компонента во воспитно образовниот процес во основното образование. Во ова полугодие се реализираа следните активности:

**Анкета со родители:**

- **Наставниот кадар води грижа за безбедноста на моето дете**

**а) 84 % -во целост е така**

**б) 13.4 %– делумно е така**

**в) 2.6 % воопшто не е така**



- **Наставниот кадар се консултира со мене за одредени одлуки кои се однесуваат на моето дете**

**а) 82,9 % – во целост е така**

**б) 11,2% – делумно е така**

**в) 5.9% – воопшто не е така**




- **Кога имам прашања училиштето ми дава потребни информации**

**а) 82,9 % – во целост е така**

**б) 12,3 % – делумно е така**

**в) 4,8 % – воопшто не е така**



Во текот на учебната година се организираат редовни родителски средби и тоа  по 7 во текот на учебната година, а по потреба и повеќе. Организирана форма на делување е и Советот на родители во кој влегуваат претставници од сите паралелки вкупно 37/38 родители и по потреба Советот работи и во проширен состав.  Советот во текот на годината одржува состаноци согласно програмата за работа на кои се рагледуваат прашања поврзани со унапредување на воспитно-образовниот процес, како и со целокупната работа на училиштето. Училиштето изработува училишен весник-информатор и истиот е достапен на родителите  во печатена и во електронска форма.

Анкета родители

- **Родителските состаноци се добро организирани и добивам корисни информации**

**а) 86,1% -во целост е така**

**б) 11,8% - делумно е така**

**в) 2,1 % - воопшто не е така**




Согласно  Законот за основно образование училишниот педагог и психолог реализира советувања за родителите чии деца постигнуваат слаб успех, отсуствуваат од настава и манифестираат отстапувања во поведението. Во текот на двете учебни години (2020/21 и 2021/22)  советувањата ги реализираше педагогот.

Учебна 2020/21  и 2021/22 година

| **Причини за советување** | Ученикот има повеќе од 3 негативни оцени | Ученикот има направено повеќе од 10 неоправдани | Ученикот не се однесува соодветно |
|---|---|---|---|
| **2020/21** | **20** | **14** | **1** |
| **2021/22** | **31** | **8** | **8** |
| **Вкупно** | **51** | **22** | **9** |

Родителите активно се вклучуваат во сите акции кои ги подготвува училиштето, како и во реализација на проектни активности на ниво на паралелка и на ниво на училиште.

- Согледување на потребите, состојбите и проблемите во училиштето;
- Добротворно ангажирање во реализација на разни училишни активности (вонnаставни активности, грижа за здравјето на учениците, соработка со локалната заедница);
- Вклучување во организирање и давање подршка на разни училишни акции, манифестации, училишни презентации, приредби и сл;
- Низ своите претставници во Училишниот одбор даваше свој допринос во донесувањето на важни одлуки во училиштето;
- На ниво на Совет на родители беа обработени актуелни воспитно-образовни прашања, презентирани Годишна програма, извештаи по класификациони периоди.

**Користени извори на податоци**

-Годишна програма за работа на училиштето;

-Записници од Совет на родители;

- Записници од советувања на родители;

-Анкета;

-Одделенски дневник;

-Извештаи од реализирани проектни активности;

- Училишен весник.

**<u>5.4.2 Соработка со локалната заедница</u>**

**Собрани податоци и информации**

Училиштето остварува континуирана соработка со локалната заедница од блиското опкружување и подалеку. Училиштето е вклучено во животот на локалната заедница преку организирање и реализирање на заеднички проекти од интерес на учениците и заедницата. Има добри примери за реализирање на заеднички проекти со локалната самоуправа, посети, работилници и сл: ОКВ, Собрание на РСМ, општински натпревари, Проект „100 таленти и Најдобар наставник“ (доделување на еднократни парични награди), проект за општинско корисна работа - „Се грижиме за најмладите ги образуваме и воспитуваме“, општински културни манифестации, трибини, спортски активности, конкурси, работни и хуманитарни акции и др. Во професионалната ориентација на учениците од деветo одделение се вкучува и ОКВ со организирање на посети на фирми со цел учениците правилно да ги одберат идните професии. За потребите на проектот МИО училиштето има Договор за партнерство со ЦОУ „Алија Авдовиќ“ од с. Батинци и ООУ„Браќа Рибар“ с.Табановце-Куманово. Меморандум за соработка училиштето има потпишано и со училиште за возрасни „АС Макаренко“ кое моментално користи простор во нашето училиште и со ресурсниот центар „Д-р Златан Сремец“

Училиштето е активно вклучено во животот на локалната заедница преку реализација на јавни настапи, и одбележување на значајни дати и настани: прослава на денот на Општината 6 Мај-Ѓурѓовден, Пушкинови денови, одбележување на Денот на мајчиниот јазик и други тековни активности.

Поради пандемијата со Ковид 19 изминатите две учебни години намалени се настаните од јавен карактер.

Позначајна соработка училиштето остварува со:

- МОН и БРО
- Општина Кисела Вода;
- Град Скопје;
- Центар за социјална работа;
- Основни и средни државни и приватни училишта;
- Градинка ,,Осми март,, и ,,Ѓурѓица,,
- Основно училиште за возрасни „А С Макаренко“
- Ресурсен центар „Д-р Златан Сремац“
- Универзитет „Свети Кирил и Методиј“
- USAID
- Меѓународен сојуз-Скопје;
- Здравствен дом –Скопје;
- Полициска станица и Против пожарен сојуз;
- Здруженија и Сојузи;

**Користени извори на податоци**

- Извештаи;
- Евидентна книга  за учество во јавни настапи и натпревари;
- Евидентна книга за посети;
- Училишен весник.

| |
|---|
| **Јаки страни:**<br>• Училиштето е инклузивно и се грижи за здравјето на сите учениц, ја негува родовата еднаквост и мултикултурализмот;<br>• Родителите редовно се информираат за постигнувањата на учениците;<br>• Училиштето ги промовира постигнувањата на учениците од деветто одделение;<br>• Училиштето го промовила принципот на демократско учество на учениците и се вклучени во донесувањето одлуки и решавање проблеми преку училишниот парламент;<br>• Активностите во училиштето се промовираат преку училишен весник и web страница;<br>• Учениците учествуваат на јавни настапи и медиуми;<br>• Учениците учествуваат на голем број натпревари и добиваат награди;<br>• Постои отворена соработка со локалната средина. |
| **Слаби страни:**<br>• Од направените анализи може да се забележи потреба од подобрување на взаемната комуникација помеѓу вработените во училиштето, како и потребата од зголемување на меѓусебната почит помеѓу наставниците и учиниците. |
| **Идни активности:**<br>• Реализирање на заеднички проекти, вонаставни активности, работилници, посети;<br>• Поголема поддршка од наставниот кадар во работата на Ученичкиот парламент;<br>• Состаноци на ниво на активи со присуство на сите наставници;<br>• Организација и реализација на Team building – активности со вработените во училиштето.<br>• Помош на наставници во работата со ученици со потешкотии, споделување идеи, размена на материјали;<br>• Учество на манифестации, прослави, учество во општествено-корисна работа. |

# ПОДРАЧЈЕ VI

# РЕСУРСИ

**6.1 Сместување и просторни капацитети**

**6.2 Наставни средства и материјали**

**6.3 Обезбедување на потребниот наставен кадар**

**6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар**

**6.5 Финансиско работење на училиштето**

# 6.1 Сместување и просторни капацитети

## 6.1.1 Просторни услови

Основното училиште „Рајко Жинзифов“, се наоѓа на улица „Иван Хаџи Николов“ бр.2 во населба Драчево, општина Кисела Вода. На 1 Септември 2014 год свечено се отвори новоизградената училишна зграда, во која наставата се одвива во една смена со вкупно 41 наставна просторија и 30 помошни простории. Од нив 39 училници се со општа намена или вкупно 1989m2, фискултурна сала со 658м2, игротека и 3 специјализирани простории од кои 1 е библиотека со вкупно 51m2. Вкупно 19 други простории со површина од 2283m2, од кои 1 за општи потреби, 1 за ручање, 6 простории за управа, администрација, сали за состаноци и простории за стручната служба. Вкупно 12 помошни простории (тоалети–кабини) со површина од 186m2. Влез, ходници, холови, скали и др. со вкупна површина од 1845m2.

Подрачното училиште во населба Пинтија се наоѓа на улица „Саса“ бб општина Кисела Вода Скопје. Вкупно 7 училници за општа намена се користат во смени со вкупна површина од 324m2. Еден кабинет по информатика, една вежбална по физичко, просторија за наставници и една просторија за нагледни средства. Во училишниот простор има добри хигиенски услови и училиштето презема ефикасни мерки за одржување на состојбата.

Во централното и во подрачното училиште редовно се врши дезинфекција, дератизација и дезинсекција. Датумите на нивно извршување се: 30.09.2020,14.01.2021,17.08.2021,28.02.2022. Вработените редовно вршат санитарни прегледи.

**Извори на податоци:**

- Годишна програма за работата на училиштето;
- Записници од санитарна инспекција;

## 6.1.2 Искористеност на просторен капацитет

Училиштето има јасен план и распоред за максимална употреба на расположливите капацитети за изведување на наставата со што ги задоволува потребите на учесниците во воспитно-образовниот процес. Поради пандемијата со Ковид во училиштето не се реализира кабинетска настава по сите предмети и согасно препораките од Јавно здравје во училиштето имаше обезбедено просторија за изолација во случај на појава симтоми кај учениците и вработените.

**Извори на податоци:**

- Годишна програма за работата на училиштето;

# 6.2 Наставни средства и материјали

## 6.2.1 Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала

Училиштето располага со наставни средства и доволен број на богата стручна литература по наставни области со што се задоволуваат потребите на најголем дел од наставниците. Училиштето има 5 ЛЦД проектори, 1 фотокопир, 7 печатари црно бели и 3 печатари во боја за потребите на сите наставници, стручната и административната служба, 1 апарат за ламинирање, 9 метални шкафови за мали лаптопи, 1 мулти медијален скенер, 1 слајд проектор и 7 смарт табли, 1 училишна разглас станица, 3 смарт телевизори, 1 андроид телевизор,16 Анхоч Пиксио компјутери, 3 Лаптопи Леново, 40 таблети 1 дигитален фотоапарат. За потребите на наставата секој наставник изработува наставни средства, но и со организирање на продажни базари се собираат средства и се набавуваат потребните ресурси, училиштето издвојува средства за набавка на неопходни ресурси, но сепак има недостаток од

нив со оглед на новите наставни програми. Во текот на учебната 2021/2022 година МОН ги опреми кабинетите со хемија и физика со инвентар и наставни средства за посовремена нагледна настава.

**Извори на податоци:**

- Годишна и развојна програма;
- Увид во документацијата за планирани и набавени потрошни материјали;
- Годишни извештаи;
- Наменски дотации од МОН, ОКВ и др.

### 6.2.2 Училишна библиотека

Библиотеката располага со богат книжен фонд кој ги задоволува потребите на учениците, наставниците и сите вработени во училиштето. Целокупниот книжен фонд е добро подреден, со сигнатури, а евиденцијата се води навремено и прописно рачно и електронски.78.6**%** од анкетираните ученици се изјасниле дека училишната библиотека располага со доволен број на лектирни и други изданија, 16.7% од учениците делумно се согласуваат и 4.7% воопшто не се согласуваат.

Библиотеката располага со соодветна техничка опрема: Видео и аудио касети ЦД, 2 компјутери, скенер, 2 печатари во боја, кои се достапни за користење за потребите на учениците и вработените во училиштето.

Училиштето располага со електронска библиотека на училишниот Google drive каде што има лектири и литература на македонски јазик и други јазици.

**Извори на податоци:**

- Извештај од библиотекар;
- Годишна програма за работата на училиштето;
- Годишни извештаи.
- Анкета со ученици

### 6.2. 3 Потрошен материјал

Постои правилна распределбана постоечките финансиски средства усогласени со потребите на училиштето.

**Извори на податоци:**

- Финансов извештај;

## 6.3 Обезбедување на потребниот наставен кадар

### 6.3.1Број на вработени и соодветност на наставниот кадар

Училиштето има обезбедено доволен број наставници за реализирање на воспитно-образовниот процес, вклучувајќи и кадар обучен за работа со деца со посебни образовни потреби. Наставниот кадар е во согласност со нормативите.

Наставниот кадар е квалификуван и е оспособен да ги превземе одговорностите во наставата согласност со потребите на учениците и училиштето во целина. Работата на наставниот кадар соодветно е надополнета и олеснета од страна на административно-техничкиот персонал.
Сите наставници се со соодветна подготовка и се стекнати со педагошка, психолошка и методска квалификација за извршување на наставниот процес со положен стручен испит освен наставниците-приправници, односно наставниот кадар е во согласност со нормативите.

Во нашето училиште за релазација на воспитно-образовната работа има вкупно 77 вработени со соодветно образование. Од нив 64 женски и 13 машки. Наставници кои надополнуваат во нашето училиште, а се вработени во други училишта има вкупно 6, од нив 6 женски и 0 машки.

Според степенот на стручната подготовка вработените се со:

- средна стручна подготовка има вкупно 13 вработени (технички персолнал) од кои 11 женски и 2 машки, а наставниот кадар е со:

- Виша стручна подготовка 3 вработени, од кои 2 женски и 1 машко;
- Висока стручна подготовка 61 вработени, од кои 51 женски и 10 машки;

Стручни соработници во училиштето се: педагог Весна Рафеска, психолог Бранка Бранковиќ Стојковиќ, дефектолог Адријана Кукоска и библиотекар Никола Станковиќ.

Стручни активи во училиштето се:

- Стручен актив на одделенска настава;
- Стручен актив на природно-математичка група;
- Стручен актив на општествено-хуманитарна група;

**Извор на податоци :**

- Годишна програма за работата на училиштето;

## 6.3.2 Ефективност и распоредување на кадарот

Наставниците ефективно придонесуваат за работата на училиштето и успешно работат како тим во рамките на стручните активи.

При распределба на кадарот во предвид се земаат квалитетите, искуството, знаење и стручност на наставниците, која постојано ја надоградуваат со следење на семинари и обуки што придонесува за исполнување на целите на наставата. Целиот персонал е редовно присутен во извршувањето на работните обврски и задачи. Отсуствата од работа се во согласност со Законот за работни односи и се евидентираат кај надлежната служба. Задолжителното присуство на наставничките и одделенските совети се евидентира електронски читач и на посебен список. Со цел да има непречено одвивање на воспитно-образовниот процес кога има отсутни наставници, навремено се прави нов распоред или ако се работи за подолго отсуство, училиштето реагира со брза соодветна замена. Работата на наставниот кадар соодветно е надополнета и олеснета од страна на стручните соработници.

**Извори на податоци:**

- Годишна програма за работата на училиштето;
- Годишен Извештај за работа на учиилштето.

### 6.3.3 Стручните соработници како подршка на наставниот кадар

- Психолог
- Педагог
- Дефектолог
- Библиотекар

За ефикасно и квалитетно одвивање на севкупниот образовен и воспитен процес во училиштето подршка дава и стручната служба, која им помага на наставниците во организацијата на наставата, следењето на напредокот на учениците, справувањето со проблемите на индивидуално и групно ниво и давање на соодветна помош на учениците. Стручната служба во својата програма за работа планира, спроведува разновидни активности за работа со учениците и наставниците и секогаш е отворена за соработка.

- Психологот: врши упис на првачиња и распределба на ученици по паралелки и целосно го следи нивниот развој. Психологот реализира програма професионална ориентација на учениците, реализира советувања со ученици, дава индивидуална поддршка на учениците. Учествува во проекти, врши истражувања и анализи, учествува во изработката годишна програма, годишен извештај за училиштето, самоевалуација и развојна програма. Реализира дисеминации на обуки за наставниците и разни работилници за учениците, ја следи целокупната педагошка евиденција, реализира советодавни разговори соученици, наставници и со родители.

**Анкета наставници-Тврдење:„Психологот дава подршка при решавање на емоционалните проблеми и конфликните ситуации“**

| | |
|---|---|
| **Потполно се согласувам** | **77.6%** |
| **Делумно се согласувам** | **20.4%** |
| **Не се согласувам** | **2.0%** |

- Педагогот учествува во изготвување на годишната програма на училиштето, годишни и полугодишни извештаи, самоевалуација и развојна програма на училиштето. Ги следи планирањата на наставниците и координира при изработка на планови и програми за додатна, дополнителна, вонннаставни активности, ученички парламент и совет на родители. Континуирано го следи наставниот процес и дава подршка на наставниците. Врши упис на првачиња и распоредува новопримени ученици, го следи напредокот на учениците и дава индивидуална подршка на учениците при потешкои во учењето. Вклучена е во Инклузивниот тима на училиштето и во инклузивните тимови на учениците со ПОП. Води педагошки картон, реализира проектни активности, реализира советодавни разговори со ученици, родители и наставници, учествува со стручни теми на ниво на активи и врши дисеминации од посетени обуки.

  **Анкета наставници-Тврдење: „Педагогот врши анализи-истражување-проценки со цел подобрување на воспитно-образовниот процес во училиштето“:**

| | |
|---|---|
| **Потполно се согласувам** | **83.7%** |
| **Делумно се согласувам** | **16.3%** |
| **Не се согласувам** | **0%** |

- Дефектологот дава индивидуална подршка на учениците кај кои беа присутни потешкотии во следење на наставата и ученици со ПОП. Вклучена е во Инклузивниот тима на училиштето и во инклузивните тимови на учениците со ПОП Дава поддршка на наставниците при изработка на индивидуални планирања. Во изминатите две учебни години најголен дел дефектологот користеше боледување и заштитни мерки од Владата на РСМ поради пандемијата од Ковид 19. **Анкета наставници-Тврдење: „Постои соработка со дефектологот во идентификување и подршка на деца со попреченост и други потешкотии во учењето“.**

| | |
|---|---|
| **Потполно се согласувам** | **57.1%** |
| **Делумно се согласувам** | **26.5%** |
| **Не се согласувам** | **16.3%** |

- Библиотекарот врши прием на нови учебници и нивна распределба, го организира просторот во библитеката, ги зачленува учениците и вработените во библиотеката за ползување на книжен фонд и електронско водење на потребната документација. Дава подршка на наставниците при реализација на проекти, работилници и други вонннаставни активности. Учествува во одбележувањето на значајни дати за бибиолтеката и училиштето.

**Извори на податоци:**

- Годишна програма за работата на училиштето;
- Програма за работа на стручните соработници;
- Извештаи;

## 6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар

## 6.4.1 Професионален и кариерен развој на наставниците

Во училиштето постои процедура за реализација на професионалниот развој, како и акционен план за професионален развој на воспитно-образовниот кадар. Идентификување на професионалните потреби, воспитно-образовниот кадар ги идентификуваа со пополнување на Прашалник за самоевалуација на работата на наставникот и стручните соработници и изготвување на Личен план за професионален развој. Врз основа на добиените податоци се изготвува Училишен план за професионален развој. Стручната служба уредно води портфолија за професионален развој, односно професионално досие во кои се евидентираат сите признанија, сертификати, дипломи и потврди.

Со цел професионално унапредување на воспитно-образовниот кадар, во училиштето е формиран Тим за професионален развој.

Вреднувањето на работата на наставниците и идентификувањето на професионални потреби се врши преку посета на часови од страна на стручната служба и директорот во текот на годината.

За наставниците и стручни соработници-приправници се назначуваат ментори за поддршка на приправникот успешно да ја помине првата година од својот работен стаж.

Во училиштето наставниците добиваат можност да учествуваат на семинари, организирани од страна на БРО, МОН и други образовни институции. Наставниците често и самоиницијативно посетуваат семинари со самофинансирање.

**Реализирани обуки/семинари/работилници 2020/2021 год.**

| Обука/семинар/ конференција/тема | Носител | Учесници | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| Обука „Реализација на наставата со користење на различни ИКТ средства за учење“ | МОН | Предметен наставник Анета Макревска | 20.8.2020 времетраење 240 минути |
| Обука за национална платформа за учење од далечина | МОН | Виолета Павлеска, Маја Димеска, Магдалена Бадарова, Маја А Спасеска и Ирена Ѓоршевска | септември 2020 |
| Десиминација на училишно ниво за Платформата за учење од далечина | Училишни десиминатори: Виолета П, Маја Д, Магдалена Б, Маја А С и Ирена Ѓ. | Одделенски и предметни наставници и стручни соработници | септември 2020 |
| Образование за Социјална правда во рамки на проектот редовно на часови | Чекор по чекор | Весна Рафеска, Адријана Кукоска и Јасмина Пакашки | септември/ ноември |
| Дислексија – основи, препознавање и поддршка - Здружение „Ајнштајн“ | Здружение „Ајнштајн“ | Марина Станоеска Билјана Христовска | октомври 2020 |
| Математиката е тука, овде насекаде – | MMPublications | Марина Станоеска | ноември 2020 |
| Online семинари/вебинари | Едуино, Smart up | Стручни соработници, одделенски и предметни наставници | Тековно |
| ЕДУИНО ВЕБИНАР: Користење на алатката One Note, совети и добри практики | БРО Едуино | Стручни соработници, одделенски и предметни наставници | 27.11. 2020 |
| ЕДУИНО ВЕБИНАР: Добри практики за спроведување на онлајн час | БРО Едуино | Стручни соработници, одделенски и предметни наставници | 15. 10. 2020 |
| ЕДУИНО ВЕБИНАР: Добри практики за спроведување на онлајн час | БРО Едуино | Стручни соработници, одделенски и предметни наставници | 10.12.2020 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Биро за развој на образованието Презентација на новата Концепција за ОО | БРО Едуино | Стручни соработници, одделенски и предметни наставници | 15.12. 2020 |
| ЕДУИНО ВЕБИНАР Формативно и сумативно оценување со Microsoft Teams | БРО Едуино | Стручни соработници, одделенски и предметни наставници | 22.12.2020 |
| ЕДУИНО ВЕБИНАР Методика и педагогија на квалитетна настава на далечина | БРО Едуино | Стручни соработници, одделенски и предметни наставници | 25.01.2021 |
| Обука за нови наставни програми за прво и четврто одд | БРО | Актив на прво и четврто одделение | 07-08.05.2021 |

**Реализирани обуки/семинари/работилници 2021/2022 год.**

| Обука/семинар/ конференција/тема | Носител | Учесници | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| Обука „Online Teaching for Beginners and False Beginners“ | Pearson | Предметен наставник Анета Макревска | 6.2.2021 времетраење 4 часа |
| Обука „ELT in climate emergency – responsibilities and opportunities“ | ELTAM | Предметен наставник Анета Макревска | 13.3.2021 времетраење 90 минути |
| Обука „Do you speak 2021? Aspects of contemporary Enfglish“ | ELTAM | Предметен наставник Анета Макревска | 5.6.2021 времетраење 90 минути |
| Обука за нова наставна прогрма за прво и четврто одд. | БРО | Актив на прво и четврто одд. | Јули 2021 |
| Обука „Back to school-Formative assessment online, hybrid or face-to-face“ | Macmillan education | Предметен наставник Анета Макревска | 11.8.2021 времетраење 1 час |
| Обука за трет модул „Слободни изборни предмети-Водич за слободни изборни предмети во основно образование | БРО | Актив на прво и четврто и стручни соработници | Август 2021 |
| Обука за педагози и психолози за водење на интервју со деца – потенцијални жртви на трговија со луѓе | БРО | Педагог Весна Рафеска и Психолог Бранка Бранковиќ Стојковиќ | 24.11.2021 |
| Обука на тема „Спречување и борба против трговија со луѓе“ | БРО | Билјана Тодоровска, Татјана Трпеска, Магдалена Бадарова и Билјана Илиева | 24.11.2021 |
| Обука за безбедност и заштита при работа | Прориск | Вработени во училиштето | 25.11.2021 |
| Учество на вебинар на тема „Превенција на осипување (drop – out prevention) на ученици од образовниот процес“ | Едуино-БРО | Педагог Весна Рафеска и Психолог Бранка Бранковиќ Стојковиќ | Декември 2021 |
| ЕДУИНО вебинари:<br>1. „Превртена училница – концепт, стратегии и потребни ресурси за спроведување“<br>2. „Оценување за време на хибридна настава – креирање рубрики како дел од формативното оценување“<br>3. „Креативно учење преку игра за предучилишно и основно образование“ | БРО | Оделенски и предметни наставници и стручните соработници | Тековно Октомври 2021-јануари 2022 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4. „Како да се воведат целите за одржлив развој во наставата – практични примери и активности“<br>5. „Превенција за осипување (drop – out prevention) на ученици од образовниот процес“ | | | |
| Обука „Advancing knowledge and learning“ | Oxford | Предметен наставник Анета Макревска | 29.1.2022 времетраење 340 минути |
| Обука „ELTOC March 2022 Block #1“ | Oxford | Предметен наставник Анета Макревска | 4.3.2022 времетраење 300 минути |
| Обука „ELTOC March 2022 Block #2“ | Oxford | Предметен наставник Анета Макревска | 4.3.2022 |
| Обука за користење на интерактивни табли во ООУ „Круме Кепески“ | БРО | Директор | Мај 2022 |
| Обука „Проценка на когнитивен и бихејвиорален статус на деца и млади“ | Центар за доживотно учење во соработка со „Когниција“ центар за невропсихологија, психотерапија и психологија | Педагог Весна Рафеска и Психолог Бранка Бранковиќ Стојковиќ | 7.5.2022 и 8.5.2022 времетраење од 16 часа |
| Обука за нова наставна програма за прво и четврто одд. | БРО | Актив на прво и четврто одд. | 23 и 24.06.2022 |

Анкета – наставен кадар
Тврдење:

1. **Училиштето води грижа за професионалното усовршување на наставно-воспитниот кадар.**

| | |
|---|---|
| **Потполно се согласувам** | **53.1%** |
| **Делумно се согласувам** | **42.9%** |
| **Не се согласувам** | **0%** |

2. **Наставниците редовно се информираат за реализација на Годишната програма и целите кои треба да се постигнат.**

| | |
|---|---|
| **Потполно се согласувам** | **85,7%** |
| **Делумно се согласувам** | **14.3%** |
| **Не се согласувам** | **0%** |

3. **Се врши посета на наставните часови и заедничка анализа на истите**

| | |
|---|---|
| **Потполно се согласувам** | **88.7%** |
| **Делумно се согласувам** | **11.3%** |
| **Не се согласувам** | **0%** |

4. **Се врши редовна дисеминација по спроведени обуки/семинари на ниво на училиште:**

| | |
|---|---|
| **Потполно се согласувам** | **75.5%** |
| **Делумно се согласувам** | **24.5%** |
| **Не се согласувам** | **0%** |

**Извори на податоци**:

- Годишна програма за работа;

- Програма за професионален развој од МОН;
- Програма за професионален развој на ниво на училиште;
- Личен план за професионален развој на наставници и стручни соработници;
- Тетратка за евиденција за учество на обуки и семинари;
- Записници од стручните активи за одделенска и предметна настава;
- Професионално досие;
- Извештаи;
- Анкета-наставен кадар;
- Сертификати/Потврди.

## 6.5 Финансиско работење на училиштето

Училиштето се финансира од Министерството за образование и наука, Блок донации од локалната самоуправа (комунални услуги, материјални трошоци, тековно одржување, плати и надоместоци за вработените). Во училиштето има прилив на дополнителни средства од издавање на простор под наем – простор наменет за исхрана на ученици.

**Извори на податоци:**

- Годишна програма за работата на училиштето;

### 6.5.2 Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет

Сите постапки поврзани со финансиското работење кои што ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми и прописи.
Планот за набавки за потребите на средствата за училиштето го разгледува и усвојува Училишниот одбор.

**Извори на податоци:**

- Записници и одлуки од училишен одбор;
- Финансиски извештаи од спроведени активности;

**Јаки страни:**

- Училишниот простор ги исполнува условите за изведување на настава според нормативот

| |
|---|
| • Училишната зграда и просторот се пристапни за учениците со телесни пречки во развојот (пристапни рампи).<br>• Училиштето има вработено наставници за реализирање на воспитно-образовниот процес по сите наставни предмети и тие се со соодветно образование согласно со нормативите.<br>• Училиштето и тим од стручни соработници: пеадогог, психолог, дефектолог и бибилиотекар.<br>• Во училишната библиотека ангажирано е лице-библиотекар со полно работно време вработено во училиштето.<br>• Училиштето изготвува програма за професионален развој при што ги има предвид основните професионални компетенции за наставници.<br>• Наставниот кадар и стручните соработници имаат ажурирани професионални досиеја.<br>• Училишниот одбор редовно го следи трошењето на буџетот, со цел да има увид во потрошените финансиски средства. |
| **Слаби страни:**<br>• Недоволна опременост на фискултурната сала со спортски реквизити во централното училиште;<br>• Недостаток на просторни капацитети и недоволни услови за изведување на наставата по физичко и здравствено образование во подрачното училиште, |
| **Идни активности / приоритети:**<br>• Набавка на спортски реквизити и опрема за изведување на наставата по физичко и здравствено образование во централно училиште;<br>• Изградба на нова фискултурна сала за изведување на наставата по физичко и здрвствено образование во подрачното училиште и надградба на подрачното училиште за потребните простории; |

# ПОДРАЧЈЕ VII

# УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ

## 7.1 Управување и раководење со училиштето

## 7.2 Креирање на училишна политика

### 7.1.1. УПРАВУВАЊЕ СО УЧИЛИШТЕТО

Орган на управување во училиштето е Училишниот одбор.

Училишниот одбор е составен од 7 члена и тоа: 3 члена претставници од наставниците (избрани на седница на Наставнички совет со тајно гласање), 3 члена претставници од родителите на учениците(избрани на седница на Совет на родители со тајно гласање) и 1 член од основачот (Општина Кисела Вода - како носител на основачки права). Сите членови се со законски мандат. Училишниот одбор е конституиран согласно законската регулатива, Законот за основно образование и Статутот на училиштето.

Надлежностите за управување се јасно дефинирани во Законот на основно образование, а училишниот одбор работи согласно Деловник за работа на Училишниот одбор. Состаноци на Училишен одбор најчесто се реализираат еднаш месечно, а по потреба и повеќе пати. Состаноците се одржуваат со мнозинство на членови на одборот.

Седниците на Училишниот одбор се свикуваат по електронска пошта и со писмени покани, во прилог на кои се доставуваат материјали за точките кои се на дневен ред на седницата. Училишниот одбор им обезбедува редовни и сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти кои се вклучени во воспитно - образовниот процес. За работата на УО се водат записници.

Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган. Редовно го поканува директорот да присуствува на седниците на одборот и истите се закажуваат во точно прецизиран термин во попладневните часови. Доколку има потреба претседателот на Училишниот одбор врши консултации со директорот со цел да се надминат проблемите и одредени недостатоци. Покрај тоа, Училишниот одбор успешно соработува со Советот на родители, локалната самоуправа и со други училишни структури. Исто така на состаноците право на присуство имаат двајца претставници од ученичкиот парламент на училиштето без право на глас.

Училишниот одбор активно учествува во креирањето политики и води училишни политики за афирмирање на инклузивноста на училиштето, меѓуетничка интеграција во образованието и младинско учество.

Училиштето обезбедува прирачник за членовите на училишен одбор.

## 7.1.2. РАКОВОДЕЊЕ СО УЧИЛИШТЕТО

Орган за раководење на основното училиште е директорот. Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето што ги содржи визијата и потребите на сите вклучени страни во животот на истото. Визијата на директорот е современо, иновативно и отворено училиште. Добрата пракса што постои во училиштето ја промовира преку секојдневна комуникација со вработените, состаноци на Стручни активи и споделување добри воспитно – образовни практики.

Информирањето на останатите структури во училиштето го врши преку директна комуникација со вработените, телефонски разговори, средства за електонска комуникација и состаноци на стручните органи. Директорот донесува одговорни одлуки, согласно со законските нормативи. Директорот има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата, кој се заснова на знаења и вештини, вклучувајќи и способност ефективно да делегира, комуницира и менаџира со вработените и се грижи за нивниот развој. Иницира и успешно ги инплементира и раководи со промените во образовниот систем.

Се фокусира на приоритети идентификувани во развојниот план преку ефективна самоевалуација, а во центарот на своето работење ги става постигнувањата на учениците и подобрување на воспитно-образовниот процес во училиштето.

Директорот успешно ја врши раководната функција, има определби кон покачување на стандардите, професионално усовршување на наставниците и развој на учениците. Тоа го врши преку следење на обуки организирани од МОН, БРО и други акредитирани институции.

Директорот иницира и воспоставува продуктивна соработка со непосредната и пошироката заедница, влучувајќи партнерства со други училишта за реализација на активности за меѓуетничка интеграција во образованието, училишни политики за инклузивност и младинско учество

**Анкета-наставници**

1. Тврдење **„Постои добра комуникација помеѓу вработените и директорот“**

| | |
|---|---|
| **Потполно се согласувам** | **65,3 %** |
| **Делумно се согласувам** | **32,7 %** |
| **Не се согласувам** | **2 %** |




**Анкета-наставници**

2. Тврдење **„Се обезбедуваат навремени информации за сите законски измени кои се од интерес на вработените“**

| | |
|---|---|
| **Потполно се согласувам** | **67,3 %** |
| **Делумно се согласувам** | **30,6 %** |
| **Не се согласувам** | **2,1 %** |




**Анкета-ученици**

3. Тврдење „Директорот одржува добри односи со учениците“

| | |
|---|---|
| **Во целост е така** | **81 %** |
| **Делумно** | **19 %** |
| **Воопшто не е така** | / |




**Користени извори:**

- Програма за работа на Училишниот одбор;
- Деловник за работа на Училишниот одбор
- Статут на училиштето;
- Записници, одлуки и извештаи од работа на Училишниот одбор;
- Анкетен прашалник за наставници;
- Анкетен прашалник за ученици ученици;
- Записници од Ученички парламент;
- Записници од Наставнички совет;
- Записници од Совет на рпдители;
- Годишна програма на директор ;
- Самоевалуација план и програма за развој на училиштето;
- Записници од инспекциски надзори.

## 7.2 КРЕИРАЊЕ НА УЧИЛИШНА ПОЛИТИКА

### 7.2.1 ЈАСНОСТ И СООДВЕТНОСТ НА МИСИЈАТА И ВИЗИЈАТА

Мисијата и визијата на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. Тие се прецизни и јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и постигнувањата на сите ученици, поддршка на активностите за инклузија, меѓуетничка интеграција, младинско учество и професионален развој на наставниците. Вработените, родителите и учениците активно учествуваат во креирањето на мисијата и визијата. Вработените ги познаваат и разбираат мисијата и визијата, останатите чинители се запознаени со истите. Во реализацијата и остварувањето на мисијата и визијата се вклучени сите релевантни субјекти (наставниот кадар, учениците, родителите и локалната заедница), како и соодветни институции.

**Анкета-наставници**

4. Тврдење **„Училиштето води грижа за професионалното усовршување на наставно-воспитниот кадар"**

| | |
|---|---|
| **Потполно се согласувам** | **53,1 %** |
| **Делумно се согласувам** | **42,9 %** |
| **Не се согласувам** | **4 %** |



**Анкета-ученици**

5. Тврдење **„Во училиштето постојат јасни правила на однесување"**

| | |
|---|---|
| **Потполно се согласувам** | **73,8 %** |
| **Делумно се согласувам** | **21,4 %** |
| **Не се согласувам** | **4,8 %** |




## 7.2.2. ПРОЦЕДУРИ ЗА КРЕИРАЊЕ НА УЧИЛИШНАТА ПОЛИТИКА

Во училиштето има пропишани процедури за донесување на училишни политики, училиштето континуирано ги подобрува политиките за унапредување на квалитетот за работење во училиштето за инклузија, младинско учење, меѓуетничка интеграција во образованието, намалување на сите видови на насилства, антикорупциска едукација на учениците. Вработените, структурите во училиштето, учениците и останатите чинители активно учествуваат во креирањето и подобрувањето на политиките како и во активностите за нивно остварување

**Анкета-наставници**

6. Тврдење **„Како член на Наставничкиот совет имам можност да учествувам во процесот на донесување на одлуки"**

| | |
|---|---|
| **Потполно се согласувам** | **63,3 %** |
| **Делумно се согласувам** | **32,7 %** |
| **Не се согласувам** | **4 %** |




### 7.2.3. РЕЗУЛТАТИ ОД РАЗВОЈНОТО ПЛАНИРАЊЕ

Резултатите од развојното планирање се прецизни јасни и ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето, при нивното постигнување се вклучени наставниците, родителите, учениците и претставниците од локалната заедница.
Училиштето има акциски планови за остварување на резултатите во поставените цели. Училиштето има план за следење и евалуација и индикатори за оставарување на резултатите и тој план го реализира. Училиштето ги информира наставниците, учениците, и родителите за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање и постигнати резултати.

**Анкета-наставници**

7. Тврдење **„Наставниците редовно се информираат за реализација на Годишната програма и целите кои треба да се постигнат“**

| | |
|---|---|
| **Потполно се согласувам** | **85,7 %** |
| **Делумно се согласувам** | **14,3 %** |
| **Не се согласувам** | **/** |




**Анкета-родители**

8. Тврдење **„Родителските состаноци се добро организирани и добивам корисни информации“**

| | |
|---|---|
| **Во целост е така** | **86,1 %** |
| **Делумно** | **11, 8 %** |
| **Воопшто не е така** | **2,1 %** |




**Анкета-родители**

9. Тврдење **„Запознаен сум со активностите кои се реализираат во училиштето“**

| | |
|---|---|
| **Во целост е така** | **72,2 %** |
| **Делумно** | **20,3 %** |
| **Воопшто не е така** | **7,5 %** |




**Анкета-родители**

**10.** Тврдење **„Кога имам прашања училиштето ми дава потребни информации“**

| | |
|---|---|
| **Во целост е така** | **82,9 %** |
| **Делумно** | **12,3 %** |
| **Воопшто не е така** | **4,8 %** |




**Користени извори :**

- Годишната програма за работа на училиштето;
- Развојна програма на училиштето;
- Извештај од училиштето (Годишен и Полугодишен извештај)
- Записници од Советот на родители;
- Записници од Училишен одбор;
- Записници од Наставнички совет;
- Самоевалуација 2018-2020;
- Збирка на процедури, постапки, кодекси и правилници;
- Финансов план, План за јавни набавки, Финансиски извештај;
- Анкетен прашалник за родители;
- Анкетен прашалник за наставници;

**Јаки страни:**

- Доследно спроведување на Законот за основно образование.
- Директорот одржува добри односи, соработка и комуникација со вработените во училиштето и со учениците;
- Раководниот орган обезбедува услови за непречена реализација на воспитно-образовниот процес;
- Училишниот одбор работи согласно Деловникот за работа и обезбедува информации на другите субјекти вклучени во воспитно–образовниот процес;
- Родителите се согласуваат дека родителските состаноци се добро организирани, дека добиваат потребни информации и дека се запознаени со активностите во училиштето.

**Слаби страни:**

- Училиштето делумно го реализираше планот за професионалното усовршување на наставно-воспитниот кадар заради пандемијата со Ковид 19.

**Идни активности:**

- Организација за учество на наставниците и стручните соработници на обуки организирани согласно каталогот за акредитирани програми за обуки на наставници и стручни соработници за професионалното усовршување на наставно-воспитниот кадар.
- Десиминација и размена на искуства на ниво на стручни активи на веќе посетени обуки од страна на наставниот кадар и стручни соработници.

# Извештај за извршената самоевалуација со предлог на мерки за подобрување на квалитетот на воспитно-образовната работа

Врз основа на член 129, став 1,2,3,4 од Законот за основно образование (Сл.весник на РСМ бр. 161/19), училишната комисијата на крајот од учебната 2021/2022 година спроведе самоевалуација за работата и постигањата на училиштето. За потребите на самоевалуацијата се формираа работни групи/тимови, а процесот се одвиваше согласно на акциониот план. Се изврши проверка на потребната документација и од неа се користеа повеќе податоци. Се спроведе анкета со ученици, наставници, родители. Добиените податоци беа обработени, анализирани и врз нивна основа се изготви извештај за спроведена самоевалуација за период од 2020 до 2022 година.

За изготвување на Самоевалуацијата беа користени насоките од Законот за основно образование и Индикаторите за квалитет на работата на училиштето, изготвени од МОН и ДПИ.

Училишна комисија

1. Весна Рафеска-педагог
2. Бранка Бранковиќ Стојковиќ-психолог
3. Мануела Маркоска-наставник
4. Ирена Ѓоршевска-наставник
5. Марија Коцева  Стојчески-родител

Скопје
Дел.бр. 03-199/1
Дата 19.08.2022г.

Директор
Љубица Наумовска